Врз основа на член 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 142/2016) и согласно член 27-а, став 1 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 38/2001, 98/2002, 9/2003, 47/2003, 64/2003, 67/2003, 51/2006, 5/2007, 15/2007, 26/2007, 30/2007, 58/2007, 105/2007, 116/2007, 129/2007, 157/2007, 29/2008, 51/2008, 86/2008, 144/2008, 42/2009, 62/2009, 141/2009, 162/2009, 40/2010, 83/2010, 166/2010, 172/2010, 95/2011, 151/2011, 170/2011, 145/2014, 62/2015, 41/2016, 153/2016 и 113/2017), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.8.2017 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за работа на Владата на Република Македонија за 2017 година

## (јуни - декември)

Предлог-програмата за работа на Владата на Република Македонија за периодот јуни – декември 2017 година е подготвена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017-2020 година и Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 124/2008).

Предлог-програмата за јуни-декември 2017 година е во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија содржани во Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017-2020 година:

- Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните;
- Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија;
- Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата;
- Владеење на правото и изградба на независни институции;
- Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија;
- Реформи во правосудството;
- целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.

Предлог-програмата за работа на Владата на Република Македонија за јуни-декември 2017 година содржи конкретни политики во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели, како и мерки и активности за кои Владата ќе расправа / одлучува или ќе се информира.

Содржината на програмата е поделена по тематски подрачја и по месечна динамика за секој приоритет и ниво поодделно:

1) Закони и други акти по кои одлучува Собранието на Република Македонија;

2) Акти и материјали по кои одлучува Владата;

3) Иницијативи кои се доставуваат во континуитет

# I дел

# Закони и други акти по кои одлучува Собранието на Република Македонија

# ЈУНИ

## *ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ*

**Приоритет :**

| | |
|---|---|
| | |
| **Образложение:** | **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел: /** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | |
| **Очекувани влијанија :** | |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | |

| | |
|---|---|
| | |
| **Образложение:** | **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | |
| **Фискални импликации:** | |
| **Предлагач:** | |

# ЈУЛИ

***ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ***

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

## *1. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Буџет на Република Македонија за 2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со измена и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година се врши ревидирање на планираните приходи и расходи согласно реалните можности, со цел реализација на планираните политики. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти; макроекономска политика насочена кон безусловно задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис секторот, воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита блиска до граѓаните и соодветна на нивните потреби. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со Измена и дополна на Буџет на Република Македонија за 2017 година се предвидува одржување на макроекономската и фискалната стабилност, намалување на непродуктивните трошоци и јавен долг, умерено ниво на буџетски дефицит и поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *2. Измена на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Измената на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година прецизно се регулираат условите и начинот на извршувањето на Буџетот на Република Македонија за 2017 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти; макроекономска политика насочена кон безусловно задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување |

на конкурентноста на економијата на трајна основа,создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис секторот, воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита блиска до граѓаните и соодветна на нивните потреби.

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Измената на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година обезбедува прецизно уредување на процедурите за управување и извршување на буџетите на буџетските корисници на централната власт и фондовите, со цел обезбедување рационално и наменско користење на одобрените финансиски средства. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *3. Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2016 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2016 година се искажуваат планираните и остварените износи на приходите и приливите, расходите и одливите за изминатата 2016 година**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти; макроекономска политика насочена кон безусловно задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис секторот, воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита блиска до граѓаните и соодветна на нивните потреби. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2016 година дава преглед на степенот на реализација на приходите и расходите, како и реализацијата на политиките кои претходно се планирани со Буџетот на Република Македонија за 2016 година. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *4. Предлог-закон за изменување на Законот за издавање на обврзници за денационализација*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Процесот на денационализација заврши во првостепена постапка, но дел од решенијата не се конечни, односно по истите сѐ уште се водат управни спорови или се вратени од судовите на повторно постапување. За да се овозможи исплата по овие предмети по нивната правосилност, има потреба од зголемување на бројот на емисиите на обврзници за денационализација. |

Со предлог-законот се предлага дополнително издавање на уште три емисии на обврзници за денационализација, со цел исплата на обврзниците кои ќе бидат утврдени со решенијата кои ќе станат конечни во претстојниот период. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Обештетување на граѓаните во рамки на процесот на денационализација преку обврзници кои ќе се даваат како надомест за имотот одземен во корист на државата

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Како резултат на дополнителни три емисии кои се предлагаат со предлог-законот ќе се овозможи дополнително издавање на обврзници по основ на веќе доставени барања за денационализација за кои има донесено решение или кои се во постапка на одлучување, со цел завршување на процесот на денационализација. |
| **Фискални импликации:** | Има, предлог-законот предизвикува финансиски импликации и средствата годишно ќе се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *5. Предлог-закон за безбедност на храна*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на Законот ќе се уредат нутритивните и законските тврдења кои се однесуваат на растот и развојот на децата и нивното здравје, додатоците во храна за посебни нутритивни употреби збогатена храна и храна за спортисти. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со донесување на Законот ќе се уреди посебен вид на храна од аспект на нејзината безбедност |
| **Фискални импликации:** | Нема фискални импликации со самото носење на Законот |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *6. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита, зголемување на капацитетите соодветно на потребите на граѓаните на Република Македонија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на животниот стандард на лицата на коишто се однесуваат одредбите на овој Закон |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата се во износ од 273.466.080,00 денари од Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *7.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во системот на социјалната заштита се констатира дека одредени решенија значат оптоварување за граѓаните во обезбедување на соодветна документација при поднесување на барање, особено за остварување на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице. Во однос на ова право како и за додатокот за слепило, мобилност и глувост во постојниот Закон е предвидено дека овие надоместоци се лимитирани со висината на личните приходи на лицето,така што граѓаните чијшто годишен нето приход по сите основи изнесува повеќе од вкупниот износ на просечни нето месечни плати исплатени за секој месец за претходната година се доведуваат во нееднаква положба со граѓаните со пониски приходи и се оневозможени да ги остварат правата по основ на личната состојба и потреба од помош. Евидентна е потребата да им се овозможи на родителите на деца со телесни или ментални пречки во развојот и со најтешки облици на хронични заболувања да користат право на надоместок на плата за скратено работно време и по наполнување на 26 годишна возраст на детето. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воспоставување на функционална мрежа на институции за социјална заштита, зголемување на капацитетите соодветно на потребите на граѓаните на Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | |
| **Очекувани влијанија :** | Предложените измени и дополнувања на Законот за социјална заштита ќе влијаат на подобрување на социјалната заштита за граѓаните кои се изложени на социјален ризик по здравје (болест, повреда и инвалидност), а во насока за обезбедување на соодветна помош за задоволување на основните животни потреби и изедначување на нивните можности за вклучување во секојдневните можности во секојдневниот живот во заедницата |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе треба да се обезбедат од Буџет на РМ за 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

**Приоритет :** ***Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија***

### *1. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Ќе се воведе обврска на буџетите и буџетските корисници завршните сметки да ги објавуваат на својата веб-страница во рок од 15 дена од доставувањето на истите до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Со донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници ќе се обезбеди поголема транспарентност во работењето на буџетите и буџетските корисници преку објавување на завршните сметки на нивните интернет-страници. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

**Приоритет :**

***Владеење на правото и изградба на независни институции***

### *1.Предлог-закон за престанување на важноста на Законот за националниот уметник на Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Заради спроведување на политика за афирмација на културата во која клучните вредности се слобода на творештвото и еднаквоста од правата на истото, а со цел да се обезбеди еднаков третман на уметниците во општеството и еднакво вредување на нивните уметнички остварувања. Законот нема да предизвикува финансиски импликации на Буџетот на РМ, а воедно ќе оневозможи создавање на нов долг по основ на стекнати права од досегашниот Закон |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Со Законот се утврдуваат критериуми и постапка за доделување на титулата национален уметник. Титулата национален уметник ја доделува Претседателот на Република Македонија врз основа на предлог- министерот за култура во постапка по критериуми утврдени со Законот. На Националниот уметник му се доделува право до крајот на животот да добива надоместок од две просечни месечни плати исплатени во претходната година. Со престанок на Законот за националниот уметник на Република Македонија, ќе се обезбеди еднакво вреднување на нивните уметнички остварувања |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за култура*** |

# АВГУСТ

***ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ***

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

## *1.Предлог-закон за земјоделско земјиште*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на Законот ќе се воспостави законска процедура на поедноставување на постапката за давање земјоделско земјиште под закуп особено во поглед на доставување на понудите (наместо Генерален секретаријат на Владата на РМ до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство), прецизирање на одредбите за пренамена на земјоделско земјиште во градежно (во соработка со Министерството за транспорт и врски) и нивно усогласување со Закон за просторно и урбанистичко планирање и Законот за економски развојни зони. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Поедноставување на постапките за аплицирање и прибирање на пропратната документација за земјоделско земјиште |
| **Фискални импликации**: | Нема финансиски импликации на носењето на законот |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *2. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата ќе се зголеми нивото на минималната плата на 12.000 денари и истата ќе се однесува на сите дејности, при што ќе се обезбеди и компензација од страна на државата по вработен околу 1.200 денари месечно. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воведување на поголема правичност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство, паралелно со обезбедување на транспарентноста во трошење на парите на граѓаните преку државниот буџет**.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Исплата на ист износ на минимална плата за сите вработени во државата |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата кои се потребни во износ од 360.000.000 денари треба да се обезбедат од Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерсвто за труд и социјална политика*** |

# СЕПТЕМВРИ

***ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ***

**Приоритет :**

***Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија***

## *1.Предлог-закон за тутун, тутунски и сродни производи*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со предлогот на нов текст на Законот за тутун, тутунски и сродни производи ќе бидат регулирани односите во врска со видовите на тутун, тутунски производи, условите и начинот на производство и откуп со класификација на тутун и тутунски производи. Исто така, со предлог- законот ќе се усогласат одредбите за условите кои треба да ги исполнуваат откупувачите и другите средства за обезбедување кои се неопходни за спроведување на откупот на суровиот тутун во лист. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП 2015.0800.7161 , НПАА 2017** |
| **Очекувани влијанија :** | Со воспоставување на законските основи ќе се создаде порамномерна и рамноправна класификација, цената на тутунот и др., како и квалитетот и безбедноста на тутунските и другите производи. |
| **Фискални импликации**: | Нема фискални импикации со самото донесување на законот |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *2. Предлог-закон за услуги*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на Предлог-законот за услуги ќе се овозможи транспонирање на општите принципи од ЕУ Директивата за услуги 2006/123/ЕЗ која е активност предвидена во НПАА со што ќе се овозможи натамошно усогласување со законодавството на ЕУ во услужниот сектор. Предмет на уредување е олеснување на правото на основање и слободата на давање услуги во Република Македонија, организирањето, правата и должностите на Единствената точка за контакт и поврзувањето со Информативниот систем за внатрешен пазар на ЕУ со што ќе се овозможи слободно движење на услугите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на позицијата на РМ во регионалната и мултилатералната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.03. Право на основање и слобода на давање услуги, подрачје 3.03.1 и 3.03.2** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Со донесување на законот ќе се овозможи отстранување на законските и административните ограничувања за вршење услужни дејности, воспоставување на едно место преку кое вршителите на услужни дејности можат да поднесат барања за неопходните постапки за дозволи по електронски пат, унапредување на соработката помеѓу регулаторите од одделни земји и подобрување на квалитетот на услугите. На овој начин ќе се овозможи прогресивна и координирана модернизација на националниот регулаторен систем за услужни дејности, што е од витално значење за да се овозможи Република Македонија да стане дел од единствениот пазар на услуги во ЕУ. Истовремено ќе се придонесе за поедноставување на административните постапки, намалување на трошоци за започнување и водење бизнис во земјата, а со тоа и натамошно подобрување на деловното опкружување. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *3.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Вградување на забелешките на Венецијанската комисија во делот на постапката за дисциплинска одговорност согласно одредбите во оваа област дефинирани во Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите (потребно е изготвување и донесување на овие два закона во пакет). Исто така е предвидено и усогласување на одредбите за оценување на судиите согласно меѓународните стандарди и мислењето на Венецијанската комисија**.** **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** заокружување на реформите во правосудството; Јакнење на владеењето на правото |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зајакнување на независноста на судството |
| **Фискални импликации**: | Има, средстствата ќе бидат обезбедени од Буџет на РМ (МП) и од странски проекти |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## *4. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност на судија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Имплементирање на мислењето на Венецијанската комисија и укинување на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност на судија, пренесување на надлежноста за покренување |

| | |
|---|---|
| | постапка и водење истрага на Судскиот совет. При тоа, во пакет со овој закон потребно е да се усвојат и измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет на Република Македонија во насока,членовите на Судскиот совет кои покренале постапка за дисциплинска одговорност или учествувале во Комисијата која ја спроведува истрагата, да немаат право на глас при донесувањето на одлука за утврдување дисциплинска одговорност за судија и изрекување дисциплинска мерка. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** заокружување на реформите во правосудството; Јакнење на владеењето на правото |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Зајакнување на независноста на судството и имплементирање на забелешките од Венецијанската комисија |
| **Фискални импликации**: | Има, средстствата ќе бидат обезбедениод Буџет на РМ (МП) и од странски проекти |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## *5. Предлог-закон за изменување и дополнување на законот за заштита на приватноста*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Вградување на забелешките на Венецијанската Комисија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Создавање ефикасен систем за заштита и почитување на човековите права и слободи и нивна заштита; Јакнење на владеењето на правото<br>/ |
| **Очекувани влијанија :** | Унапредување на човековите права во областа на заштитата на приватноста |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## *6. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачи*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Вградување на забелешките на Венецијанската Комисија<br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на борбата против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Унапредување на каналите за пријавување незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес, заштита на укажувачите и следење на примената на Законот |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## *7.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за полиција („Сл.весник на РМ“ бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016 и 120/2016)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција како и подзаконските акти се потребни заради усогласување со Законот за прекршоците („Сл.весник на РМ“ бр. 124/2015) и имплементирање електронски обрасци и евиденции во полицијата. Исто така, при применувањето на одредбите од Законот во делот на обезбедувањето транспорт на пари и вредности, во секојдневното постапување се наиде на проблеми, поради што се наметна потреба за изменување и дополнување на член 7 од Законот за полиција („Сл.весник на РМ“ бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016 и 120/2016).Потребно е дополнување и во одредбите од Законот со кои се регулираат средствата за присилба кои можат да се употребуваат спрема група со цел усогласување со Европската конвенција за човекови права |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НПАА 2017 Поглавје 24-Правда, слобода и безбедност** |
| **Очекувани влијанија :** | Усогласување на Законот за полиција со Законот за прекршоците и реализација на проектот „Document management system“ за воведување електронски обрасци и евиденции во полицијата и усогласување на постапувањето на полицијата со барањата на корисниците на услугата, обезбедување транспорт на пари и вредности |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за внатрешни работи*** |

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

## *1.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Предлог-законот за изменување и дополнување на Законите за минерални суровини е во насока на дополнување на законот со нови одредби кои ќе го предвидуваат начинот на поставување на прашањето кое се однесува на вршење геолошки истражувања, ископ на минерални суровини и нивна експлоатација пред одобрување за извршување на истите од страна на надлежните државни органи, на референдум на локално ниво на кој граѓаните на единиците на локална самоуправа ќе го искажат своето мислење |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Да се создаде простор за поголема информираност на жителите во општината и можност да го искажат своето мислење, а во врска со прашања кои директно влијаат врз средината во која живеат, односно да имаат поголема транспарентност |
| **Фискални импликации**: | Има |
| **Предлагач:** | ***Кабинет на министерот без ресор задолжен за подобрување на инвестициската клима за домашни претпријатија*** |

# ОКТОМВРИ

## *ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ*

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

## *1.Предлог-Буџет на Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Буџетот на Република Македонија за 2018 година се планираат/утврдуваат износите на приходите и расходите, приливите и одливите за следната фискална година по буџетски корисници на централната власт и фондовите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешка цел:** Фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти; макроекономска политика насочена кон безусловно задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис секторот, воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита блиска до граѓаните и соодветна на нивните потреби. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со Буџетот на Република Македонија за 2018 година се обезбедува одржување на макроекономската и фискалната стабилност со одржливо ниво на буџетски дефицит и јавен долг, реализација на политиките на Владата на РМ, како и максималниот износ на финансиски средства со кои можат да располагаат буџетските корисници на централната власт и на фондовите, над кој не можат да се преземат дополнителни обврски |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *2. Предлог-закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година прецизно се регулираат условите и начинот на извршувањето на Буџетот на Република Македонија за 2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешка цел:** Фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти; макроекономска политика насочена кон безусловно |

| | |
|---|---|
| | задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис секторот, воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита блиска до граѓаните и соодветна на нивните потреби. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година обезбедува прецизно уредување на процедурите за управување и извршување на буџетите на буџетските корисници на централната власт и фондовите, со цел обезбедување рационално и наменско користење на одобрените финансиски средства |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *3. Фискална стратегија на Република Македонија за среднорочен период 2018 - 2020 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Фискалната стратегија на Република Македонија 2018-2020 година се дефинираат насоките и целите на фискалната, макроекономската и политиката на јавниот долг и се утврдуваат износите на главните категории на приходите, расходите и буџетскиот дефицит за дадениот среднорочен период. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешка цел:** Фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти; макроекономска политика насочена кон безусловно задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа,создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис секторот, воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита блиска до граѓаните и соодветна на нивните потреби. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со Фискалната стратегија се утврдуваат основните економски претпоставки за водење на политиките на среден рок и проекција на макроекономските индикатори, приходите и расходите и буџетскиот дефицит кои ќе обезбедат етапна фискална консолидација. Воедно, Фискалната стратегија ги дава и насоките за изготвување на Предлог-Буџетот, како и висината на приходите, расходите и буџетскиот дефицит за наредните три години |
| **Фискални импликации**: | Со Фискалната стратегија се утврдуваат максималните износи на одобрените средства за наредните три години по буџетски корисници на централната власт и фондовите и истите се презентирани по извори на финансирање |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *4. Предлог-закон за престанување на важењето на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на проектот ХЕ Бошков мост кој ќе се случи меѓу Европската банка за обнова и развој и АД ЕЛЕМ*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Предложените одредби во овој Закон се направени поради откажување на заемот од Европската банка за обнова и развој наменет за финансирање на ХЕ Бошков мост. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со усвојувањето на овој Закон престанува да важи Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на проектот ХЕ Бошков мост меѓу Европската банка за обнова и развој и АД ЕЛЕМ („Сл.весник на РМ“ бр.134 од 30.9.2011 година) |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *5.Предлог-закон за семе и саден материјал на земјоделски видови на растенија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со предлог-текст на Законот ќе се воспостави законска процедура за имплементација на биодиверзитетот на земјоделските видови растенија, како и ќе се усогласи (упатување) Законот со Законот за земјоделство и рурален развој во која програма се предвидени и средствата за реализација на овој вид мерки, исто така да се регулира воспоставувањето на Национална ген-банка на семенски материјал од автохтони земјоделски видови растенија. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со стратешка цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Да се заштитат автохтони видови на Национална ген-банка и да се воспостави програмата за биодиверзитет на земјоделски растителни видови. |
| **Фискални импликации**: | Нема фискални импликации со самото носење на Законот |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *6. Предлог-закон за укинување на законот за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на новиот текст на Законот за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост кој во практика се покажа како неприменливи, а во Законот за земјоделско земјиште ќе се инкорпорираат одредби за начинот и постапката за продажба на земјоделско земјиште под оранжерии, помошни објекти и други земјоделски објекти изградени на |

| | |
|---|---|
| | земјоделско земјиште. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со стратешка цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Во Законот за земјоделско земјиште ќе се инкорпорираат одредби за начинот и постапката за продажба на земјоделско земјиште под оранжерии, помошни објекти и други земјоделски објекти изградени на земјоделско земјиште |
| **Фискални импликации**: | Нема фискални импликации со самото донесување на Законот |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *7. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Усогласување со техничките препораки на ФАО. Воспоставување на законски основи за користење гориво за земјоделците „зелена нафта“. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Иницијативата нема индикација на поврзаност со стратешка цел.** <br> **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Со воспоставување на законските основи за користење „зелена нафта“ се очекува да се овозможи поддршка на земјоделските производители преку користење на ова основно средство како погон за основна механизација и приклучните елементи по субвенционирани цени, како и нејзино разграничување од нафта за комерцијална употреба. Исто така ќе се воспостават и механизми за контрола и надзор од злоупотреба на оваа активност |
| **Фискални импликации**: | Нема финансиски импликации со носењето на Законот |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *8. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за шумите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со измените и дополнувањата на Законот за шумите ќе се предвидат одредби за постапката за трајна пренамена на шумата и шумското земјиште за изградба на објекти од јавен интерес утврден со Закон, одредби во врска со донесување на Националниот план за управување и заштита на шумите од пожари и стопанисување со шумите, поедноставување на постапката и документацијата при издавањето на одобрението за сеча на шумите. Одредби за издавање и одземање на лиценцата за вршење шумско-културни работи. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со стратешка цел.** |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Ќе се предвидат одредби за постапката за трајна пренамена на шумата и шумското земјиште за изградба на објекти од јавен интерес утврден со Закон |
| **Фискални импликации**: | Нема финансиски импликации со носењето на Законот |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *9.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и уредување за запишување во патниот сообраќај*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Република Македонија е членка на ИТФ групата во која покрај нас членуваат уште 42 држави. Дел од овие држави се членки на ЕУ, додека останатите не се како на пример: Руската Федерација, Беларусија, Украина, Турција, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Албанија, Молдавија, Ерменија, Азербеџан итн. Во 2015 година во месец март се донесе заедничка одлука за усогласување на националните законодавства на сите држави со одредбте на Повелбата за квалитет. Оваа Повелба ги уредува критериумите за пристап на правните субјекти кон пазарот односно кон меѓународниот транспорт. Овој процес треба да заврши заклучно со 1.1.2018 година. Досега одобрени апликации имаат држави членки на ИТФ кои воедно се и членки на ЕУ. Останува во наредниот период тој процес да го завршиме ние и останатите држави членки на ИТФ. После завршувањето на овој процес, следува повторно утврдување на нови критериуми за дистрибуција на квоти на ЕКМТ дозволи за секоја држава одделно. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со предложените измени очекуваме изедначување на критериумите за пристап кон пазарот во сите 43 држави членки на ИТФ, Париз, со што ќе обезбедиме можност за релокација на преостанатите квоти на нискокористени ЕКМТ дозволи за превоз на стока, а со тоа и зголемување на квотата на дозволи за македонските превозници. Предложените мерки се во насока на усогласување на Националното законодавство со Повелбата за квалитет која како обврска треба да ја реализираме до 1.1.2018 година |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *10.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Република Македонија е членка на ИТФ групата во која покрај нас членуваат уште 42 држави. Дел од овие држави се членки на ЕУ, додека останатите не се како на пример: Руската Федерација, Беларусија, Украина, Турција, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Албанија, Молдавија, Ерменија, Азербеџан итн. Во 2015 година во месец март се донесе заедничка одлука за усогласување на националните законодавства на сите држави со одредбте на Повелбата за квалитет. Оваа Повелба ги уредува критериумите за пристап на правните субјекти кон пазарот односно кон меѓународниот транспорт. Овој процес треба да заврши заклучно со 1.1.2018 година. Досега одобрени апликации имаат државите членки на ИТФ кои воедно се и членки на ЕУ. Останува во наредниот период тој процес  да го завршиме ние и останатите држави членки на ИТФ. После завршувањето на овој процес, следува повторно утврдување на нови критериуми за дистрибуција на квоти на ЕКМТ дозволи за секоја држава одделно. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со предложените измени очекуваме изедначување на критериумите за пристап кон пазарот во сите 43 држави членки на ИТФ, Париз, со што ќе обезбедиме можност за релокација на преостанатите квоти на нискокористени ЕКМТ дозволи за превоз на стока, а со тоа и зголемување на квотата на дозволи за македонските превозници. Предложените мерки се во насока на усогласување на Националното законодавство со Повелбата за квалитет која како обврска треба да ја реализираме до 1.1.2018 година |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *11. Предлог-закон за систем на адреси*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Предлог-законот за систем на адреси се уредуваат условите  и начинот на определување име на улица, булевар, плоштад, кеј и на друг инфраструктурен објект, нумерирање на објектите, поставување и одржување табли со имиња и куќни броеви на истите,  како и начинот на воспоставување и водење на Адресниот регистар во Република Македонија. Адресниот регистар го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија. Со денот на отпочнување на примената на овој закон престанува да важи Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.66/2004, 55/2007, 15/2010, 136/2011, 163/2013 и 147/2015). Во Законот се содржани и одредби во кои се транспонирани дел од одредбите на Директивата 2007/2/ЕС на Европскиот парламент и Советот на ЕУ од 14 март, 2007 година, потоа воспостаување инфраструктура за просторни информации во Европската Заедница (INSPIRE)-D2.8.I.5-Спецификација за адресни податоци-Технички упатства. **Инијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** |

| | |
|---|---|
| | Надминување на одредени слабости и недостатоци во областа на определувањето име на улица, булевар, плоштад, кеј и на друг инфраструктурен објект утврден во постоечкото законско решение |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП бр.2016.0200.7293** |
| **Очекувани влијанија :** | Со Законот за систем на адреси ќе се овозможи да се надминат одредени слабости и недостоци во областа на адресниот систем на Република Македонија. Описните и просторни податоци за адресите во Адресниот регистар ќе се чуваат и водат во централизирана база на податоци. Основната цел поради која се предлага Законот за систем на адреси, е во насока на воспоставување стандардизиран систем за адреси со интегрирани графички и атрибутни податоци која еднозначно ќе ја определи локацијата на адресата, како и да се уреди надлежноста, односно Агенцијата за катастар на недвижности да го воспостави и води Адресниот регистар во централизираната база на податоци |
| **Фискални импликации**: | Има, за реализирање на законот потребни се 61.000.000,00 денари за воспоставување и функционирање на Адресниот регистар од страна на Агенцијата за катастар на недвижности, како и за теренската проверка на потребните податоци согласно со одредбите од Законот |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *12.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Сл.весник на РМ“ бр. 169/2015, 226/2015 и 55/2016)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | **Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е во согласност со потребите на стручните служби во Министерството за внатрешни работи надлежни за негова практична примена** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Доследна и практична примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за внатрешни работи*** |

## *13. Предлог-закон за странците*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Се предлага изготвување на нов Закон за странците со цел усогласување со законодавството на Европската Унија и европските директиви |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Иницијативата произлегува од НПАА 2017** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Надминување на недореченостите на Законот, како и негово доусогласување со директивите на Европската Унија |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за внатрешни работи*** |

## Приоритет :

***Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија***

## *1.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Актуелниот Закон за класифицирани информации не ја третира проблематиката на криптозаштитата во РМ. Постои Уредба за криптозаштита во РМ од 1995 година (понапред донесена во однос на Законот за КИ) меѓутоа со развојот на технологијата од областа која ја третира, истата делумно е надмината и не соодвествува со моменталната поставеност на системот за КЗ во РМ. Потребно е да се извршат интервенции со дополнување и измени во Законот за класифицирани информации со додавање на ново поглавје за криптозаштита кое ќе биде предуслов за изменување и дополнување на постоечката Уредба за КЗ. Со измени и дополнувања на Законот ќе воспостави усогласеност со другите нормативно – правни акти од оваа област (Уредбата на Владата на РМ за информатичка безбедност. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Безбедност и заштита при размена на класифицираните информации во државните институции и органите на државната управа. Заштита на класифицирани информации од висок приоритет со степен на класификација „државна тајна“ при одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија. Постоечката Уредба за КЗ во РМ во сегашната уредба има основа за нејзини измени и дополнувања, односно регулирање на проблематиката со соодветен закон кој е на сила. Со направените измени на Законот за класифицирани информации ќе се створат предуслови за измени и дополнувања на оваа Уредба која моментално не соодвествува во потполност со постоечката воспотавеност на системот за КЗ. Ускладување на мерките, активностите и постапките за криптозаштита на информациите на сите иматели во единствениот систем за криптозаштита во РМ; Подобрување на функционалноста на системот за КЗ во сите органи на управата кои го користат единствениот систем за КЗ (МО,АРМ,МВР,МНР,АР и сл.); Повисок степен за заштита и безбедност на класифицираните информации кои се пренесуваат преку Единствениот систем за криптозаштита во РМ; Намалување на безбедносните ризици при изработка, чување и процесирање на класифицираните информации; регулирање на единствениот начин на опремување со средства и системи за КЗ во органите на управата |

| | |
|---|---|
| | кои го користат единствениот систем за КЗ (МО, АРМ, МВР, МНР, АР и сл.); Унифицираност во организацијата и планирањето на криптообработка на класифицираните информации. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за одбрана*** |

**Приоритет :**

***Владеење на правото и изградба на независни институции***

## *1.Предлог-закон за спречување и заштита од дискриминација*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Причините за донесување на овој закон се наоѓаат во почитување на меѓународните стандарди и обврските преземени со ратификација на меѓународните договори, пред сè на оние кои се однесуваат на гаранциите на човечките права и слободи, во исполнувањето на стандардите за стабилизација и пристапување кон ЕУ и хармонизација на нашето законодавство со aquis communitaire, како и унапредување на интегралниот систем за заштита од дискриминација во правниот систем на РМ утврден во општите услови, мерки и инструменти кои би овозможиле уште поефикасна борба против дискриминацијата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **19 Социјална политика и вработување; 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** |
| **Очекувани влијанија :** | Зајакнат систем за спречување и заштита од дискриминација; Унапреден заштитен механизам во случај на дискриминација |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџет на РМ (МТСП) и странски донации |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *2. Предлог-закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во членот 418-б од Кривичниот законик „Криумчарење мигранти“ во ставот 6 е пропишано дека „Предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат“. Со ова решение за задолжително одземање на предметите се загрозува принципот на пропорционалност. Овој |

| | |
|---|---|
| | проблем го има лоцирано и Европскиот суд за човекови права во предметот „Андоновски VS Македонија“.Со оглед на наведеното треба менување на членот 418-б ставот 6 со што ќе се применат одредбите од Општиот дел од Кривичниот законик кои се во согласност со Европската конвенција за човекови права. Исто така потребно е ревидирање на одредени одредби кои се однесуваат на трговија со луѓе и илегална миграција. Третиот корпус одредби од овие измени се однесува на потребата од ревидирање на одредбите кои се однесуваат на делата од омраза. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Заокружување на реформите во правосудството; Јакнење на владеењето на правото |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зајакнета казнена политика во пропишувањето на казните и имплементирање во КЗ на јуриспруденцијта на Европскиот суд за човекови права |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџет на РМ (МП) и од странски проекти |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## *3.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Имплементацијаат на законското решение од април 2016 укажа на одредени проблеми кои се рефлектираат како на стопанските субјекти, така и на физичките ица од аспект на нивно значително дополнително финансиско оптоварување, без оглед дали истите се јавуваат во својство на должник или пак доверител, заради што постојат бројни иницијативи и барања на законот за извршување, како и иницијативи пред Уставниот суд на Република Македонија<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на владењето на правото |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Надминување на констатираните проблеми и овозможување на поекономичн, побрзо извршување на извршните исправи достапна до сите, што во целина ќе придонесе за подобрување на економската клима во земјата и целосно владеење на правото во државата |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## *4.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Имплементацијата на законското решение од април 2016 година укажа на одредени проблеми кои се рефлектираат како на стопанските субјекти така и на физичките лица од аспект на ниво значително дополнително финансиско оптоварување и успорување на постапките пред нотарите, заради што постојат бројни иницијативи и барања за промена на Законот за нотаријат, како од страна на домашните субјекти, така и од Унијата на меѓународниот нотаријат, а постојат и неколку иницијативи пред Уставниот суд на Република Македонија<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на владеењето на правото |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Усогласување со меѓународните стандарди на латинскиот нотаријат и надминување на констатираните проблеми, со цел овозможување поекономична и побрза постапка пред нотарите во Република Македонија достапна до сите што во целина ќе придонесе за подобрување на економската клима во земјата и целосно владеење на правото во државата |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## Приоритет :

***Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата***

## *1.Предлог-закон за изменување и дополнување на законот за оружјето („Сл.весник на РМ“ бр.7/2005, 47/2006, 42/2007, 86/2008, 72/2010, 158/2011, 119/2013, 152/2015 и 55/2016)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Измената на Законот е планирана согласно потребите од надлежните организациони единици во Министерството за внатрешни работи |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Измената на Законот не произлегува од НПАА. Исклучиво произлегува од потребите во пракса** |
| **Очекувани влијанија :** | Надминување на потребите во пракса кои произлегуваат од примената на одредби од Законот кој е во сила |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за внатрешни работи*** |

# НОЕМВРИ

***ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ***

**Приоритет :**

***Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија***

## *1.Предлог-закон за фитофармацевстски производи*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на Законот за фитофармацевтски производи се регулира една голема област од ланецот на безбедноста на храна и храна за животни, а тоа е употребата на производите за заштита и превенција од штетни организми кај растенијата и растителните производи. Со Законот за фитофармација се врши усогласување со Регулативите: 1107/2008 кој го уредува маркетингот на фитофармацевтските производи како и начинот на нивно авторизирање и лиценцирање на територијата на ЕУ; 396/2005 со која се уредува определувањето на резидуите од фитофармацевтски производи со процес на авторизација како и определувањето на прифатливите дози на резидуи од фитофармацевтски производи; 1185/2009 со која се уредува прибирањето на статистички податоци за употреба на фитофармацевтски производи. Со Законот се врши транспонирање и на следните директиви: 128/2008 со која се регулира одржливата употреба на фитофармацевтски производи; 127/2008 со која се уредува употребата на опремата за апликација на фитофармацевтските производи. Со Законот се предвидуваат и законски основи за носење подзаконски акти (правилници, уредби и упатства) кои произлегуваат од регулативите: 540/2011 листа на активни супстанци авторизирани на ниво на ЕУ; 546/2011 единствени начела за подобрување и оценување на фитофармацевтските производи; 547.2011 за означување на фитофармацевтските производи; 788/2012 мониторинг програми; 283/2013 барања податоци за авторизација и евалуација на активни материи; 284/2013 барања податоци за авторизација и евалуација на фитофармацевтски производи, како и со директивата 62/2002 директива за земање примероци од производи. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со стратешка цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП 2012.0800.6751** |
| **Очекувани влијанија :** | Регулирање и следење на фитофармацевтските производи како и резидуите од фитофармацевтските производи во земјоделските производи од примарно производство |
| **Фискални импликации:** | Нема фискални импликации со самото носење на Законот |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *2. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Измените и дополнувањата на Законот за внатрешната пловидба се доуредуваат условите за безбедност во внатрешната пловидба, како и условите и начинот при вршењето на транспорт на патници и стоки на внатрешните пловни патишта, а преку транспонирање на одредби на Европското законодавство. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел**: Остварување безбедност во внатрешната пловидба, регулирање на односите и утврдување на условите при вршење транспорт на патници и стоки на внатрешните пловни патишта. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **31996L0075; 31996R1356; 31991R3921** |
| **Очекувани влијанија :** | Целта на предлогот е остварување безбедност во внатрешната пловидба и регулирање на односите и утврдување на условите при вршење транспорт на патници и стоки на внатрешните пловни патишта. Се врши транспонирање на дел од одредбите од Директивата 96/75/ЕЗ, Регулатива 1356/96 и Регулатива 3921/91. Со измените и дополнувањата на Законот за внатрешна пловидба се зголемува остварувањето безбедност во внатрешната пловидба и се доуредуваат условите и начинот при вршењето транспорт на патници и стоки на внатрешните пловни патишта |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *3.Предлог-закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Понатамошно унапредување на законската рамка во согласност со меѓународните стандарди во областа на слободата на изразување, преку имплементација на препораките изготвени во рамки на Мисијата за навреда и клевета во соработка со Советот на Европа. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел**: Создавање ефикасен систем за заштита и почитување на човековите права и слободи и нивна заштита; Јакнење на владеењето на правото |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Унапредување на актуелната правна рамка и нејзино приближување до релевантната судска пракса на Европскиот суд за човекови права, како и за намалување на бројот на предмети пред судовите во Република Македонија кои се однесуваат на навреда и клевета |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## *4.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вештачење*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со измените на законот за вештачење се предлага изменување на делот кој се однесува на продолжување на лиценците за вештаци, како и обврската за посетување обуки за континуирано усовршување, кои ги спроведува Комората на вештаци<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел**: Јакнење на владеењето на правото |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со предложените измени ќе се овозможи забрзување на постапката за реиздавање на лиценците за вештаци |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## *5.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во програмата за работа на Владата 2017-2020 година во делот за човековите права предвидено е изменување и дополнување на Законот за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните при што е потребно да се предвидат прецизни рокови за сите дејствија на државните органи кои имаат надлежност во остварувањето на ова право на граѓаните, како и допрецизирање одредени одредби кои предизвикуваат проблеми во практичното спроведување на Законот како и злоупотреба и оневозможување на граѓаните во остварувањето на механизмите на демократијата.<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел**: Јакнење на владеењето на правото |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Предвидување прецизни рокови за сите дејствија на државните органи кои имаат надлежност во остварувањето на правото на референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, како и прецизирање одредени одредби кои предизвикаа проблеми во праксата. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## *6. Предлог-закон за изменување и дополнување на законот за Академијата за судии и јавни обвинители*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Отстранување на лоцираните слабости во спроведувањето на законот и негово усогласување со најновите меѓународни стандарди во сферата на тренингот на судиите и јавните обвинители<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел**: Заокружување на реформите во правосудството |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зајакнати капацитети за спроведување на обуките на судиите и јавните обвинители |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на РМ и од странски проекти |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## Приоритет :

***Целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување***

### *1.Предлог-закон за родово базирано насилство*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Отпочнувањето на процес на подготовка на Закон за родово базирано насилство и создавање единствена правна рамка што ќе ги уредува сите форми на родово базирано насилство произлегува од потребата во Република Макккедонија да се усвојат јасни и недвосмислени законски решенија со кои ќе се спречува насилството и ќе се штитат жртвите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел**: Промовирање, штитење хумана популациска политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во РМ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 19 - Социјална политика и вработување односно 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** |
| **Очекувани влијанија :** | Намалување на родово базираното насилство и заштита на жртвите од овој вид насилство, особено намалување на насилството врз жените како најчести жртви на насилство; Усвојување единствена правна рамка што ќе ги уредува сите форми на родово базирано насилство со јасни и недвосмислени законски решенија со кои ќе се спречува насилството и ќе се штитат жртвите. |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

# ДЕКЕМВРИ

***ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ***

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

## *1. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход согласно Програмата на Владата на РМ ќе се воведе поправеден персонален данок на доход со две стапки (10% и 18%) што ќе содржи и враќање на платениот персонален данок на доход за граѓаните кои имаат многу ниски месечни лични доходи. За мнозинството граѓани ќе остане стапката од 10%, а дополнителната стапка од 18% ќе се воведе само за дополнителниот приход на лицата со највисок доход**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна:** Воведување на поголема праведност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Планираните реформи во даночната сфера ќе обезбедат поголема праведност во даночниот систем, во функција на порамномерна распределба на доходот и општественото богатство. |
| **Фискални импликации**: | Има, ефектите од законските измени ќе се планираат со Буџетот на Р.М. за 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност ќе се воведе нов систем „Повеќе пари кај граѓаните” со кој на граѓаните ќе им се враќаат по 15% од платениот ДДВ, со исклучок на данокот остварен при купување на луксузни производи. Системот ќе содржи ограничувања кои ќе спречат злоупотреби и поголемо раслојување**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воведување на поголема праведност во даночниот систем, |

| | |
|---|---|
| | со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Планираните реформи во даночната сфера ќе обезбедат поголема праведност во даночниот систем, во функција на порамномерна распределба на доходот и општественото богатство |
| **Фискални импликации**: | Има, ефектите од законските измени ќе се планираат со Буџетот на Р.М. за 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

### *3. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот ќе се воведе можност даночната стапка на данокот на имот за резидентен и нерезидентен недвижен имот со пазарна вредност повисока од 400.000 евра да се зголемува за 0,1 процентен поен. На овој начин ќе се воведе поправедно оданочување при поседување на повеќе имот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воведување на поголема праведност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Планираните реформи во даночната сфера ќе обезбедат поголема праведност во даночниот систем, во функција на порамномерна распределба на доходот и општественото богатство |
| **Фискални импликации**: | Има, ефектите од законските измени ќе се планираат со Буџетот на РМ за 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

### *4. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите ќе се зголеми стапката на акцизата на патнички автомобили во вредност повисока од 40 илјади евра. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воведување на поголема праведност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Планираните реформи во даночната сфера ќе обезбедат поголема праведност во даночниот систем, во функција на порамномерна распределба на доходот и општественото богатство |
| **Фискални импликации**: | Има, ефектите од законските измени ќе се планираат со Буџетот на РМ за 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

### *5. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ќе се укине максималната основица за пресметка на плаќање на придонесите на плати. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воведување на поголема праведност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Планирани реформи во делот на придонесите од задолжително социјално осигурување ќе обезбедат поголема праведност и порамномерна распределба на доходот и општественото богатство |
| **Фискални импликации**: | Има, ефектите од законските измени ќе се планираат со Буџетот на РМ за 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

### *6. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за потрошувачите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во законодавството на земјите во Европската Унија заштитата на потрошувачите е од висока вредност. затоа потребно е да се направат измени и дополнувања во Законот за заштита на потрошувачите во насока на прецизирање на димензијата во одбележувањето на одредени производи, за јасно и на недвосмислен начин изразени букви и датуми на производство и траење на производот, со предвидување на нивната големина. Ова особено се однесува на сите прехранбени производи, како и на производи кои содржат елементи или се произведени од генетски модифицирани организми, производите од соја, пченка и други видови житарици. Над 90% од производите на соја содржат ГМО, а над 50% од производите од пченка |

| | |
|---|---|
| | содржат ГМО. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НПАА 3.28-Поглавје заштита на потрошувачите и јавно здравје, ЕПП 2011.0400.6459** |
| **Очекувани влијанија :** | Со измените и дополнувањата на законот би се постигнало повисоко ниво на заштита на здравјето на потрошувачите, односно граѓаните на Република Македонија ќе бидат запознаени со содржината на производот, јасно изразена на етикетата, со неговиот рок на траење, па самите да одлучат дали ќе го купат како таков производот или не. Доусогласување на Законот на директивите на Европската комисија и законодавството на ЕУ |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Кабинет на министерот без ресор задолжен за подобрување на инвестициската клима за домашни претпријатија*** |

## *7. Предог-закон за советодавни услуги во земјоделството и храна*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на овој Закон ќе се уреди воспоставувањето, организацијата, финансирањето и спроведувањето на советодавниот систем во земјоделството во Република Македонија. Советодавниот систем е систем на дефинирани советодавни услуги, учесници и постапки финансирани или кофинансирани од јавни извори, кој треба да овоможи ефиксна советодавна поддршка на земјоделците и на населението во руралните средини за подобрување на земјоделските, другите економски и неекономски активности, како и општите услови на живот во руралните средини. Функционирањето на советодавниот систем е во согласност со постигнување на целите на Националната земјоделска политика во Република Македонија. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со стратешка цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Да се формираат советодавни служби како поддршка за развојот на земјоделството и олеснување на процесот на апликација и примена на нови технологии во растителното и анималното производство |
| **Фискални импликации**: | Нема финансики импликации со самото носење на Законот |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *8. Предог-закон за зелени пазари*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на Законот за зелени пазари ќе се овозможи уредување на условите кои треба да ги исполнуваат зелените пазари, начинот и постапката на вршење трговија и правниот статус на физичките лица кои ќе продаваат земјоделски производи и зелените пазари за определени производи, а чиј |

| | |
|---|---|
| | правен статус до сега не е регулиран. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со стратешка цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Со воспоставување на законските основи ќе може да се регулираат условите за отворање зелени пазари како и критериумите кои треба да ги исполнуваат производителите односно продавачите на земјоделски пазари и пропратната документација која треба да ја следи стоката која е предмет на трговија |
| **Фискални импликации**: | Нема финансиски импликации со самото носење на Законот |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *9. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност е во насока на измена на одредени членови на законот кои се однесуваат на условите за добивање лиценца за вршење туристичка дејност, односно предвидување на категоријата тур-оператор, како и дефинирање на критериумите за добивање лиценца А и Б. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Поттикнувањето и унапредувањето на туристичката понуда и подобрување на условите за работа на туристичките агенции; Поквалитетна туристичка понуда, усогласени стандарди и намалување на сивата економија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Намалување на нелојалната конкуренција, одвојување на Агенциите кои можат да даваат услуги како тур-оператор и агенциите кои работат како агенции со лиценца А и Б односно субагенти (агенции кои продаваат аранжмани од туристички агенции кои имаат лиценца А) |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *10. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност е во насока на измена на одредени членови на законот кои се однесуваат на условите за добивање Категоризација на угостителските објекти за сметување и исхрана. **Иницијативата има индикација на** |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **поврзаност со приоритетни цели:** Поттикнувањето и унапредувањето на туристичката понуда и подобрување на условите за работа на туристичките агенции; Поквалитетна туристичка понуда, усогласени стандарди и намалување на сивата економија.<br><br>**/** |
| **Очекувани влијанија :** | Намалување на нелојалната конкуренција, подобрување на условите за добивање категоризација во насока на воведување на нови стандарди за квалитет како задолжителни критериуми |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *11.Предлог-закон за просторно планирање*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Владата ќе предложи законски одредби и мерки за возобновување на законитоста при просторното и урбаното планирање и геодетската дејност низ транспарентно и хумано планирање на просторот и развојот на градовите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства, развивање на институционалните и административните капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на просторот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Новата законска регулатива во делот на просторното планирање ќе биде насочена кон уште поефективно имплементирање на законските прописи во делот на урбанизмот и градежништвото, но и подобрување на постапките и дополнително развивање на инвестициската клима во Република Македонија, реализација на нови домашни и странски инвестиции, а со тоа и подобрување на економскиот раст на општините во Република Македонија. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *12. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за комунални такси*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси согласно Програмата на Владата на РМ, ќе се помогне во развојот на домашните претпријатија, особено на микро и малите претпријатија. Намалувањето на фирмарината на претпријатијата со помалку од 5 вработени ќе придонесе да се намалат трошоците на работењето и ќе поттикне започнување на свој бизнис. |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Воведување на поголема праведност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство паралелно со безбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

**Приоритет :**

## *Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија*

### *1. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Ќе се изврши усогласување со Директивата 2014/56/ЕЗ со која се менува Директивата 2006/43 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зголемување на транспарентноста на Владата на Република Македонија преку целосно имплементирање концептот на отворена влада |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.06 -Право на трговски друштва; Подрачје 2 - Сметководство и ревизија; ЕПП: 2014.0700.7084** |
| **Очекувани влијанија :** | Со донесувањето на законот за изменување и дополнување на законот за ревизија, ќе се зајакне кредибилноста на ревидираните финансиски извештаи на правните лица од јавен интерес, како што се котираните акционерски друштва, банките и осигурителните друштва. Понатаму ќе се зајакне транспарентноста на трговските друштва преку изработка на посеопфатни ревизорски извештаи и улогата на супервизорскиот орган |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

### *2. Предлог-закон за платежни услуги и платни системи*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на новиот Закон за платежни услуги и платни системи, националното законодавство ќе се усогласи со Директивата за платежни услуги (2007/64/ЕУ) Директивата за електронски пари (2009/110/ЕК), Директивата за конечност на порамнувањата (98/26/ЕК) и Директивата за |

| | |
|---|---|
| | платежни услуги (2015/2366/ЕК). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Задржување на стабилноста на финансискиот систем. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.04- Слободно движење на капитал; Подрачје 2, Платен систем; ЕПП: (2013.0700.6862)** |
| **Очекувани влијанија :** | Донесувањето на новиот закон за платежни услуги ќе придонесе за воспоставување ефикасен, сигурен и стабилен платен систем; ќе обезбеди повисоко ниво на заштита на правата на корисниците на платежни услуги, ќе ги намали трошоците за платежни услуги; ќе обезбеди либерализација на пазарот на платежни услуги и влез на небанкарските институции (институциите за пренос на пари, трговците на мало, даватели на јавни телефонски услуги, институциите за електронски пари) и ќе ги зајакне правата на учесниците во платежните услуги. Со донесување на Законот за платежни услуги и платни системи ќе се воспостави правна основа за вклучување на Република Македонија во СЕПА (Единствената европска платежна област) |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## ***3. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во насока на усогласување со Европското законодавство, ќе се донесе закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови кој ќе биде усогласен со Директивата за друштвата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност. Со донесувањето на овој закон ќе се изврши имплементирање на Директивата за друштвата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност, односно ќе се воведат одредби кои се однесуваат на: воведување фондови – потхранувачи и фондови-господари; процедури за прекугранични домашни спојувања на инвестициските фондови; обезбедување на поголема информираност на инвеститорите преку воведување документ како додаток на основниот проспект на фондот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** усогласување на домашното законодавство со европската регулатива. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.09.Финансиски услуги; Подрачје 4. Пазар на хартии од вредност и инвестициски услуги** |
| **Очекувани влијанија :** | Со донесувањето на законот ќе се изврши усогласување на домашната регулатива со европското законодавство односно со Директивата за друштвата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *4. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна финансиска котрола произлегува од потребата за доусогласување на овој закон со меѓународните стандарди за внатрешна контрола и внатрешна ревизија, со цел создавање на услови за градење стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна администрација во јавниот сектор |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје:3.32 Финансиска контрола, Подрачје: 3.32.1 Јавна внатрешна финансиска контрола** |
| **Очекувани влијанија :** | Се очекуваат позитивни влијанија со донесувањето на измена и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, ќе дојде до зајакнување на раководната одговорност и подобрување на ефикасноста во управувањето со јавните финансии преку зајакнати внатрешни контроли, зајакната внатрешна ревизија, односно подигање на административните капацитети во јавниот сектор |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии***<br>*-Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола* |

## *5. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот се предлага со цел негово усогласување со законодавството на ЕУ, со новата регулатива на Европската Унија во оваа област**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на позицијата на Република Македонија во регионалната и мултилатералната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.30. Надворешни односи** |
| **Очекувани влијанија :** | Усогласување со Европската регулатива на оваа проблематика |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија***<br>*Управа за наменско производство* |

## *6. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Основна цел на предлог-законот е понатамошно хармонизирање на законодавството во областа на слободното движење на стоките на внатрешниот (единствен) пазар согласно Европското законодавство и обезбедување на еднаков третман на производите кои се пуштаат на пазарот или се ставаат во употреба во Република Македонија заради: заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата, животната средина и природата, заштита на потрошувачите и на другите корисници на производите, како и заштита на јавниот интерес. Со предлог-законот се врши доусогласување на националното законодавство за безбедноста на производите согласно Директивата за општа безбедност 2001/95/ЕЗ и Директивата за техничките стандарди и прописи 98/34 , Регулативите 764/2008 и 765/2008 и Одлуката 768/2008 на Европскиот парламент и на Советот за општата безбедност на производите и вклучување на Република Македонија во внатрешниот пазар, притоа исполнувајќи ги обврските преземени со ССА за елиминирање на техничките бариери за слободно движење на производите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Усогласување на националното техничко законодавство со техничкото законодавство на ЕУ за регулирање на внатрешниот пазар, согласно ЕУ регулативата за општата безбедност на производите, со цел спречување на нови бариери за трговијата, обезбедување на заемно признавање и слободно движење на стоките. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.1 Слободно движење на стоки** |
| **Очекувани влијанија :** | Создавање на Внатрешен пазар без технички бариери за слободно движење на безбедните производи кои се пуштаат на пазарот и ставаат во употреба; остварување и заштита на јавниот интерес; заштита на животот и здравјето на луѓето, животната средина и заштита на имотот |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *7. Предлог-закон за заштита на потрошувачите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | „Сообразување на законодавството и спроведување на законите“, член 68 приспособување на законите на Република Македонија со правото на Европската Унија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Унапредување на заштитата на потрошувачите со натамошна хармонизација на Законот за заштита на потрошувачите и ефикасно спроведување на правото во делот на заштита на потрошувачите. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НПАА 3.28 – Поглавје Заштита на потрошувачите и јавното здравје** |
| **Очекувани влијанија :** | Новиот закон за заштита на потрошувачите ќе се доусогласува со новата директива за АДР – алтернативно решавање спорови и воедно законот ќе се ревидира согласно потребата за подобра имплементација на законот односно остварување на правата за заштита на потрошувачите со доусогласување на законот со директивите на ЕК. |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *8.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Заради дохармонизирање на легислативата на РМ со законодавството на ЕУ, во делот за културата, потребно е да се изврши усогласување на Законот за заштита на културното наследство со Директива 2014/60/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 15.5.2014 година и на Регулативата ЕУ бр. 1024/2012 односно соодветно ново регулирање на прашањето за враќање културни добра кои незаконски биле изнесени од територијата на државата членка согласно овие акти на ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Афирмација на националната култура во земјите од регионот, од ЕУ и од светот; Усогласување на развојните културни политики со релевантните развојни политики од меѓународен карактер; Континуирана заштита на културното наследство независно од неговото историско, цивилизациско и етнокултурно обележје |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Директива 2014/60/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 15.5.2014 и на Регулативата (ЕУ) бр.1024/2012 која се преименува во декември 2015 година** |
| **Очекувани влијанија :** | Со измена на Законот за заштита на културното наследство во делот на регулирањето на прашањето за враќање културни добра кои незаконски биле изнесени од територијата на државата членка ќе се постигне усогласување со Директива 2014/60/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 15.5.2014 година и на Регулативата (ЕУ) бр. 1024/2012 |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за култура*** |

## *9.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродни права*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Усогласување со Директивата 2011/77/ЕЗ за изменување на Директивата 2006/116/ЕЗ за времетраењето и заштитата на авторското право и определени сродни права; Директивата 2012/28/ЕУ за определени дозволени користења на делата сираци; Директивата 2014/26/ES за колективното остварување на авторското право и сродните права, како и за издавање дозволи за повеќе државни подрачја за правата на интернетско користење на музичките дела на внатрешен пазар **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Создавање ефикасен систем за заштита на човековите права и слободи; Стимулирање креативен уметнички потенцијал на сите |

| | |
|---|---|
| | граѓани на РМ независно од нивната етничка, верска, идеолошка, политичка, социјална, родова и староснa припадност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НПАА 3.7.1. Права на интелектуална сопственост и сродни права** |
| **Очекувани влијанија :** | Натамошен напредок на системот за заштита на авторското право и сродните права |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за култура*** |

## *10.Предлог-закон за бесплатна правна помош*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со законот пред сè ќе се зголеми опфатот на лицата на кои им е овозможен пристап до бесплатна правна помош и поедноставување на потребните услови за стекнување право на бесплатна правна помош<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Создавање ефикасен систем за заштита и почитување на човековите права и слободи и нивна заштита; Јакнење на владеењето на правото |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со Законот се очекува да се надминат недостатоците во опфатот, условите во постапката кое го оневозможуваат постигнувањето на основната цел на бесплатната правна помош, како и остварувањето на еднаков пристап на граѓаните до правдата |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## *11.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во текот на спроведувањето на обуките за примена на Законот за кривичната постапка од страна на учесниците и од предавачите беа лоцирани одредени недостатоци во Законот. Врз основа на овој извештај за лоцирани слабости беше формирана работна група која изготви работна верзија на измени и дополнувања кои е потребно да се усвојат во насока на отстранување на одредени недоследности од Законот<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Заокружување на реформите во правосудството; Јакнење на владеење на правото |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на ефикасноста на кривичната постапка |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на РМ и од странски проекти |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## *12.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Усогласување на Законот за јавното обвинителство со новиот Закон за кривична постапка<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Заокружување на реформите во правосудството |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на ефикасноста од кривичниот прогон |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на РМ и од странски проекти |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## *13.Предлог-закон за изменување и дополнување на законот за Судскиот совет на Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Усогласување со Законот за престанување на важноста на Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија. Потребно е да се пропише членовите на Судскиот совет кои кренале постапка за дисциплинска одговорност или учествувале во Комисијата која ја спроведува истрагата да немаат право на глас при донесувањето одлука за утврдување дисциплинска одговорност за судија и изрекување дисциплинска мерка<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Заокружување на реформите во правосудството; Јакнење на владеењето на правото |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зајакнување на независноста на судството |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на РМ и од странски проекти |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## *14.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судовите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Вградување на забелешките на Венецијанската комисија во делот на дисциплинската одговорност на судиите во насока на пропишувње јасни и предвидливи основи за дисциплинска одговорност, почитувајќи го принципот на пропорционалност помеѓу сторената повреда и изречената дисциплинска мерка<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Заокружување на реформите во правосудството; Јакнење на владеењето на правото |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зајакнување на независноста на судството |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

## *15.Предлог-закон за азил и привремена заштита*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Се предлага изготвување на нов Закон за азил и привремена заштита со цел усогласување со законодавството на Европската Унија и европските директиви |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Иницијативата произлегува од НПАА 2017** |
| **Очекувани влијанија :** | Надминување на недореченостите на законот, како и негово доусогласување со Директивите на ЕУ |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за внатрешни работи*** |

## *16.Предлог-закон за прометот и заштитата од експлозивни материи*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Заради застареност и неусогласеност на Законот за промет на експлозивни материи („Сл.весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр.30/1985 и 6/1989 и „Сл.весник на РМ“ бр.12/1993, 66/2007 и 86/2008) и Законот за |

| | |
|---|---|
| | заштита од експлозивни материи („Сл.весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 4/1978, 10/1978, 54/1988, 36/1990 и „Сл.весник на РМ“ бр.12/1993, 31/1993, 66/2007, 84/2008 и 135/2011) со Законодавството на Европската Унија и европските директиви, се предлага изготвување на нов Закон за прометот и заштитата од експлозивни материи. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Иницијативата произлегува од НПАА 2017** |
| **Очекувани влијанија :** | Надминување на недореченостите на постоечките закони, како и нивно доусоглсување со Директивите на Европската Унија |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за внатрешни работи*** |

## *17.Предлог-закон за следење на комуникациите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Потребата од изготвување на нов Закон за следење на комуникациите произлегува од забелешките содржани во Извештајот на Прибе, а изготвен е и Акциски план за исполнување на препораките за кои Министерството за внатрешни работи е назначено како институција носител, земајќи ги предвид и актуелните состојби во областа на следењето на комуникациите |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Иницијативата произлегува од НПАА 2017** |
| **Очекувани влијанија :** | Надминување на забелешките содржани во Извештајот на Прибе |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за внатрешни работи*** |

## *18.Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Предлог-законот за именување и дополнување на Законот за медиуми произлегува од Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017-2020 и Планот 3-6-9<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Етички и професионални новинарски и медиумски стандарди за известување, обезбедување заштита и права на новинарите. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.10 –информатичко општество и медиуми** |
| **Очекувани влијанија :** | Слободни и независни медиуми, слобода на изразување и известување на медиумите, заштита на публиката |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за информатичко општество и администрација*** |

## *19. Предлог-закон за енергетика*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Подготовката на новиот Закон за енергетика произлегува од обврските кои Република Македонија ги има преземено за имплементација на Директивите од Третиот пакет на енергетското законодавство за електрична енергија и природен гас. Обврската за усогласување со Третиот пакет Директиви за електрична енергија и природен гас произлегува од Договорот за основање Енергетска заедница и требаше да биде исполнета до 1 јануари 2015 година. Поради неисполнувањето на оваа обврска Секретаријатот на енергетската заедница отвори спор против Република Македонија. Целта на Третиот пакет е да се спроведе ефикасно раздвојување на операторите на преносните системи од другите дејности со цел да се обезбеди конкуренција на пазарите на електрична енергија и природен гас преку овозможување на недискриминаторен пристап на трети страни на соодветните системи. Поконкретно целта на раздвојувањето е ист правен субјект да не управува (да не ги има правата на управување) со претпријатијата кои вршат пренос, односно производство, односно снабдување во секторот електрична енергија и соодветно во секторот гас. Според Директивите, раздвојувањето може да се направи според три модела. Затоа во Законот треба да бидат уредени правила според кои ќе може да се изврши избор на еден од моделите во соодветна постапка, која исто така ќе биде пропишана со законот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Развој на економијата, зголемување на продуктивно вработување и подигнување на животниот стандард<br><br>**Имплементација на:**<br><br>**Директива 2009/72/ЕС за заедничките правила за внатрешен пазар на електрична енергија; Регулативата No 714/2009 за условите за пристап на мрежите за прекугранична размена на електрична енергија;** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Директива 2009/73/ЕС за заедничките правила за внатрешен пазар на природен гас** |
| **Очекувани влијанија :** | Со имплементација на Директивите се очекува да се зголеми конкуренцијата на пазарот на електрична енергија и пазарот на природен гас и воедно да се подобри пристапот до соодветните мрежи. Со напред наведеното законодавство, покрај обврската за раздвојување на операторите на преносните системи, се унапредува независноста на регулаторната комисија за енергетија на Република Македонија во поглед на правата и надлежностите, се унапредуваат мерките и правата за заштита на потрошувачите и друго. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *20. Предлог-закон за енергетска ефикасност*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Подготовката на новиот Закон за енергетска ефикасност произлегува од потребата за транспонирање на Директивата за енергетска ефикасност 2012/27/EU и соодветно доусогласување со Директивата за енергетско означување 2010/30 EU и Директивата за енергетски карактеристики на зградите 2010/31EU. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.15** |
| **Очекувани влијанија :** | Создавање законска рамка за примена на повеќе мерки за подобрување на енергетската ефикасност со што се намалува потрошувачката на финалната енергија во Република Македонија. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *21. Предлог-закон за изменување и дополнување на Закон за трговски друштва*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Изменувањата и дополнувањата на Законот се во согласност со Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017-2020 година во делот на поддршка на домашните претпријатија при што ќе се овозможи основање посебен вид трговско друштво со минимален износ на главнина од 1 (едно) евро. Овие трговски друштва ќе имаат видно обележана ознака, за секој што ќе соработува со ваков тип на деловен субјект да знае дека неговиот основачки капитал е 1 (едно) евро. Оваа иницијатива е во функција на остварување на приоритетната цел поддршка на домашните претпријатија преку создавање подобра деловна клима со цел еднакви можности за економски развој на сите учесници во економските процеси. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на деловното опкружување и поддршка на домашните претпријатија, зголемување на продуктивно вработување и овозможување подобар животен стандард за граѓаните. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

**Приоритет :**

***Целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување***

## *1. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Имајќи предвид дека се поминати повеќе од 3 години од воспоставување на системот на кариера за дипломатите во МНР, врз основа на досегашните практични искуства од неговото спроведување, увидени се неколку елементи кои треба да се унапредат. Истото би се постигнало преку измени и дополнувања на Законот за надворешни работи и соодветните подзаконски акти**. Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешка цел:** Создавање компетентна администрација |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Се очекува значајно позитивно влијание во унапредувањето на дипломатската служба во Република Македонија |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за надворешни работи*** |

# II дел

# Акти и материјали по кои одлучува Владата

# ЈУНИ

**_ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ_**

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

## А) Подзаконски акти

| | |
|---|---|
| | |
| **Образложение:** | **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | *I* |
| **Очекувани влијанија :** | |
| **Фискални импликации**: | |
| **Предлагач:** | |

## Б) Материјали

| | |
|---|---|
| ***1. Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Македонија за 2016 година*** | |
| **Образложение:** | Изготвувањето на Годишниот извештај за управувањето со јавниот долг има за цел, поблиску и на редовна основа да ги информира Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија и да ја запознае јавноста со карактеристиките на вкупниот јавен долг на Република Македонија, како и со чекорите кои се преземени во текот на минатата година за ефикасно управување со должничкото портфолио на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воспоставување на одржливо ниво на јавен долг преку одржување на умерено ниво на буџетски дефицит кое нема да придонесува за пораст на нивото на јавниот долг над долгорочно одржливо ниво |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | *I* |
| **Очекувани влијанија :** | Целта на извештајот за управување со јавниот долг на Република Македонија за 2016 година е информирање на јавноста со стратешките цели за управувањето со јавниот долг и гаранциите, презентирање на деталните информации за состојбата и карактеристиките на јавниот долг, ризиците на |

| | |
|---|---|
| | кои е изложено портфолиото, како и активностите преземени во насока на негово подобрување |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *2. Информација за степенот на реализација на проектот за ромски здравствени медијатори во Република Македонија за периодот јануари-декември 2016 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Ромските здравствени медијатори започнаа со работа на 16 мај 2012 година со цел надминување на бариерите во комуникацијата меѓу ромската популација и здравствените работници, идентификување на лицата и семејствата, кои немаат пристап до здравствена заштита преку посети на терен и нивно информирање за пристапот до здравствена заштита и здравствено осигурување и информирање за достапност на бесплатни здравствени услуги предвидени во превентивните и куративните програми на Министерството за здравство и унапредување на здравствениот статус на Ромите**. Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:** одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на здравствениот статус на Ромите преку подобрен пристап до здравствените услуги. |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## Приоритет :

### *Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија*

## А) Подзаконски акти

## *1.Предлог-стратегија за соработка на Владата на Република Македонија со граѓанскиот сектор*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата има за цел промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор (здруженијата и фондациите) преку мерки за зајакнување на заедничката соработка. **Иницијативата има индикација на поврзаност со** |

| | |
|---|---|
| | **приоритетна цел:** Зголемување на учеството на граѓанскиот сектор и социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политиките |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Очекуваните влијанија од предлог-иницијативата се зајакнување на довербата и унапредување на соработката помеѓу Владата на Република Македонија |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе бидат обезбедени преку Twinning light проектот „Понатамошна соработка на структурираните механизми за соработка помеѓу Владата на РМ и граѓанското општество“ |
| **Предлагач:** | ***Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија*** |

## Б) Материјали

### *1. Информација за одржан тринаесетти состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу РМ и ЕУ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација во мај 2017 година во Брисел*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за исходот од тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција кој се одржа во мај 2017 година во Брисел и да се задолжат институциите за исполнување на обврските преземени од Поткомитетот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Исполнување на ССА |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Навремено и квалитетно остварување на обврските преземени од Поткомитетот. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

## Приоритет :

### *Владеење на правото и изградба на независни институции*

## Б) Материјали

### *1.Информација за примена на Законот за нотаријат за 2016 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со информацијата се презентираат податоци за спроведување на Законот за нотаријат од аспект на редовна нотарска дејност, надлежноста на нотарите да донесуваат решенија со кои се дозволува извршителите врз основа на |

| | |
|---|---|
| | веродостојни исправи (платни налози) и надлежноста на нотарите да спроведуваат оставински постапки како повереници на судот. Едновремено, Владата ќе биде запознаена со бројот и ефектите од извршени надзори над нотарите и поднесените предлози за поведување дисциплински постапки против нотари, а во правец на обезбедување законитост во работењето на нотарите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Создавање ефикасен систем за заштита и почитување на човековите права и слободи и нивна заштита |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Унапредување на нотаријатот, обезбедување на законите за ефикасно давање нотарски услуги на граѓаните и правните лица преку извршениот надзор над работата на нотарите |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

# ЈУЛИ

***ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ***

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

**А) Подзаконски акти**

***1. Предлог -уредба за методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2018 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Уредбата се предлага распределба на дотации од ДДВ кои се сигурни приходи за општините и Градот Скопје од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, кои се распределуваат согласно утврдени и транспарентни критериуми**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Зголемување на капацитетите на општините, нивната транспарентност и отчетност со почитување на принципот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните, подобрување на услугите и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Воспоставување стабилна финансиска состојба на општините и развивање на локалната самоуправа врз основа на принципите на Европската повелба за локална самоуправа |
| **Фискални импликации**: | Им, средства во износ од 4,5% од реализираните приходи од данокот на додадена вредност во претходната фискална година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

***2. Предлог-одлука за враќање на гинеколошката ординација (матичен гинеколог) во општина Шуто Оризари***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Околу 8000 жени во репродуктивен период во општина Шуто Оризари немаат пристап до услугите на матичен гинеколог. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** Изградба на достапен, квалитетен и долгорочно – финансиски одржлив систем на здравствена заштита, кој ќе обезбеди нормални услови за работа на медицинскиот персонал, поголеми шанси за нивна специјализација, повисоки плати, со цел да се спречи нивниот одлив во странство, ставање на граѓаните во центарот на здравствениот систем и зајакнато чувство и одговорност на поединецот за сопственото здравје и здравјето на другите; Одржлив, достапен и ефикасен систем на обезбедување |

| | |
|---|---|
| | здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на здравствената состојба на жените во репродуктивен период, особено на жените во пренатален и постнатален период. Намалување на стапката на смртност кај новороденчиња и родилки<br>(Согласно Стратегијата за подобрување на состојбата на Роми во РМ) |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата треба да се обезбедат од Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Кабинет на министер без ресор*** |

### *3. Предлог-проект за изградба на пешачки патеки*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во насока на реализација на развојните програми на капитални проекти и нивна имплементација, Министерството за транспорт и врски спроведе постапки за изградба на пешачки патеки околу езерата на општините: Дојран, Велес, Крушево; Дојран-втора фаза, Берово, Маврово-Ростуше и Дебарца се во целост завршени. Согласно Акцискиот план за изградба на пешачки патеки околу езерата во РМ предвидена е изградба во фази. Следни се патеките околу Преспанското и Охридското Езеро. Пешачката патека околу Преспанското Езеро е во целост завршена, останува да се изврши техничкиот преглед, додека патеката од центарот на градот до Црквата Св.Јован Канео и поврзување со патека до плажата Лабино, општина Охрид е во тек на изработка на проектна документација. По добивање на одобрени проекти за изградба од страна на општините, ќе следат постапки за јавни набавки за изградба на пешачки патеки околу другите езера. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Зголемување на туристичката понуда и градење на препознатлив туристички имиџ со воведување светски стандарди во туристичко-угостителските услуги**.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со проектот за изградба на пешачки патеки значително ќе се подобри како урбаниот така и еколошкиот амбиент со што ќе се постигне уредување на крајбрежјата |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата во износ од 35.000.000 денари за 2017 година се обезбедени од Буџет на РМ (МТВ) од Буџетска развојна потпрограма 3В-Изградба на пешачки патеки |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *4.Предлог-проект за уредување на плажите покрај езерата во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во насока на реализација на развојните програми на капитални проекти и нивна имплементација, Министерството за транспорт и врски спроведе постапка за уредување плажи на Преспанското и Дојранското Езеро. Завршено е уредувањето на 600 метри плажа на Дојранскот Езеро и 600 метри на Преспанското Езеро. Ќе следат постапки за изградба на плажи на Охридското Езеро во општина Охрид, општина Дебарца, општина Дојран и општина Ресен. Во зависност од одобрените средства ќе биде распишан оглас за избор на изведувач бидејќи за остатокот од плажите изработени се проекти и идејни решенија (општина Охрид, општина Дебарца, општина Дојран и општина Ресен). Договорот за уредување на 500 метри плажа во населбата Лагадин, општина Охрид е раскинат. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Зголемување на туристичката понуда и градење на препознатлив туристички имиџ со воведување светски стандарди во туристичко – угостителските услуги |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Ќе се подобри значително како урбаниот, така и еколошкиот амбиент со што ќе се постигне уредување на крајбрежјата |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата во износ од 80.000.000 денари за 2017 година се обезбедени од Буџетот на рм (МТВ) на Буџетска развојна потпрограма 3К-изградба на плажи |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *5.Предлог-стратегија за безбедност и здравје при работа 2020*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на стратегијата ќе се даде јасен приказ на системот за безбедност и здравје при работа, принципите на кои се темели истиот, очекуваните цели, очекуваните резултати, националните приоритети, клучните предзвици и сл. Составен дел на Стратегијата ќе биде Акцискиот план. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **3.19 Социјална политика и вработување** |
| **Очекувани влијанија :** | Со имплементацијта на Стратегијата и Акцискиот план ќе се обезбеди поголема сигурност на работниците, безбедност на работниците на нивните работни места и сл. |
| **Фискални импликации**: | Има, но не можат точно да се определат во овој момент |

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *6. Предлог-проекти за подобрување на комуналната инфраструктура во Битола и Прилеп во места со мнозинско Ромско население според Националниот Акциски план за Домување од Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Дополнителен приклучок на вода во веќе постоечка водоводна мрежа за Битола. Заградување на каналот покрај Дабничка Река во Прилеп поради загрозена безбедност на локално население, претежно Роми. Изградба на нови автопати, регионални и локални патишта и нивна реконструкција, изградба и модернизација на железничките транспортни коридори и јакнење на капацитетите за транспорт, изградба на енергетски капацитети, вклучително и обновливи извори на енергија, изградба на водоводи и друга комунална инфраструктура. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Зголемување на капацитетите на општините, нивната транспарентност и отчетност со почитување на принципот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните, подобрување на услугите и зголемен квалитет на живеење на целата територија на РМ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Пристап до елементарни услови за живот-вода; Зголемување на безбедноста на граѓаните, посебно децата |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на Република Македонија за 2017 |
| **Предлагач:** | ***Кабинет на министер без ресор*** |

### Б) Материјали

## *1. Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обврската за изготвување на Полугодишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Македонија произлегува од Законот за буџетите. Полугодишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Македонија се изготвува со цел за транспарентно прикажување на реализацијата и макроекономските индикатори и искористување на буџетските ресурси во првата половина од годината. За таа цел во Министерството за финансии се изготвуваат дневни, неделни и месечни извештаи кои се основа за изготвување на полугодишниот извештај**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Овој извештај се користи за утврдување на отстапувањата од нормалната динамика на извршувањето на Буџетот, со цел навремено преземање на активни мерки за негово подобрување, како на приходната така и на расходната страна во директна комуникација со буџетските корисници. Овој извештај исто така претставува и основа за утврдување на реалноста на иницијалната проекција на Буџетот и потребата за негова ревизија преку изготвување на Измени и дополнувања на Буџетот на РМ. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *2.Информација за спроведување електронски испит по ловство, рибарство и проценка на тутун*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Владата на Република Македонија да се информира за можностите за спроведување на испитите за ловство, шумарство и проценка на тутун по постоечкиот електронски пат како и мерки и процедури за негово унапредување, укинување или предложување на нов систем за негово спроведување. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Поедноставување на процедурата и постапката за спроведување на испитот по ловство, рибарство и проценка на тутун |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *3.Информација за состојбата на финансиските средства од Јапонската помош за кредити за набавка на земјоделска механизација и вештачки ѓубрива кои се пласираат преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Владата на Република Македонија да се информира за состојбите на финансиските средства од Јапонската помош за кредити за набавка на земјоделска механизација и вештачки ѓубрива кои се пласираат преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со предлог-мерки. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Владата на Република Македонија да се информира за состојбите |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *4.Информација за состојбата со доделувањето концесии на рибите во ревирите и акумулциите, како и за стопанскиот риболов во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на Владата на Република Македонија за состојбите и исполнување на обврските од договорите за концесија во ревирите и акумулациите на РМ. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Информирање на Владата на РМ за состојбите |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *5.Информација за состојбата на шумска полиција со можност за нејзино преминување во Министерството за внатрешни работи*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на Владата на Република Македонија за статусот, надлежностите, организацијата и работата на Секторот за шумска полиција, проблемите кои се јавуваат во извршувањето на обврските со предлог-мерки за нивно надминување. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Префрлување на ингеренциите на шумската полиција на Министерството за внатрешни работи |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *6. Информација за започнување со изградба на жичница на потег од Институт за белодробни заболувања во Козле до Средно Водно*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со завршувањето на изградбата на жичницата за превоз на лица со кружни токови на трасата како и придружните објекти и површини во функција на кабинската еднојажна жичница ќе се овозможи остварување на повисок степен на вкупна функционална интегрираност во државава. Ќе се овозможи искористување на предностите кои ги нуди атрактивноста на парк шумата Водно и Милениумскиот крст на самиот врв, како и заживување на туристичката локација каде се наоѓа Милениумскиот крст. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Заштита на животната средина особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија на производните и услужни процеси и технологии на стопанските дејности врз животната средина; Зголемување на туристичката понуда и градење на препознатлив туристички имиџ со воведување светски стандарди во туристичките услуги |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Социо-економски развој на општините, градот Скопје и поширок развој на туризмот |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата во износ од 20.000.000 денари се обезбедени од Буџетот на РМ за 2017 година, за МТВ-развој на потпрограма 3S ставка 630-482 |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *7. Информација за уништување возрасни комарци (аеросолна адултицидна дезинсекција)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за транспорт и врски спроведе постапка за услуга за уништување возрасни комарци (аеросолна адултицидна дезинсекција) да се спроведе на вкупна површина од околу 6000 хектари (воздушно) и тоа: во Дојран 1000 ха, Охрид 1500 ха, Ресен 1000 ха, Крушево 750 ха, Берово 850 ха и Чешиново-Облешево 900 ха. Договорот е во фаза на потпишување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел: Здравствена заштита на граѓаните** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Спречување на ширење заразни болести |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *8.Информација за потребата за изработка на среднорочна Стратегија за општествена одговорност на Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Изработката на предметната стратегија се предлага заради продолжување на континуитетот во реализацијата на националната политика за ООП, во насока на унапредување на свесноста за општествената одговорност, континуирано развивање на капацитетите и одржување поволен амбинет за ООП. Стратегијата ќе обезбеди континуитет на националната политика во оваа сфера која беше воспоставена во 2008 година и формулирана во Националната агенда за ООП 2008–2012 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Развој на концептот на општествена одговорност, унапредување на општествено одговорни практики, подобрување на деловната клима, зголемување на конкурентноста на македонските компании |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НППА 20: Претпријатија и индустриска политика** |
| **Очекувани влијанија :** | Со изработка на Стратегијата ќе се овозможи промовирање на одржлив деловен раст, кој поттикнува социјална инклузија и спречува деградација на животната средина, преку унапредување на свесноста за значењето на општествената одговорност, континуирано развивање на капацитетите и одржување поволен амбиент за развој на општествената одговорност. Покрај тоа, ќе се овозможи да се следат и применат ЕУ политиките во оваа област. |
| **Фискални импликации**: | Има, Потребните средства во износ од 4.400.000 денари не се обезбедени |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *9. Извештај за реализација на Програмата за реализација на Стратегија за развој на енергетиката за 2016 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот за реализација на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката се изготвува врз основа на член 11 став (3) од Законот за енергетика врз основа на кој Министерството за економија секоја година изготвува извештај за реализација на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката во претходната година и најдоцна до 31 јули извештајот го доставува до Владата на Република Македонија за информирање. Во предметниот Извештај е прикажан степенот на реализација на активностите кои се предвидени во Програмата за реализација на Стратегијата за период од претходната година како и последователните активности кои се реализирале заклучно до јули тековната година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Обезбедување енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулација на иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилни горива |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.15 Енергетика; Подрачје 3.15.1 Сигурност во снабдувањето** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Со реализација на предложената иницијатива ќе се дефинираат долгорочните цели за развој на одделни енергетски дејности, долгрочно планирање, извори и начини за обезбедување на потребите количества енергија, стимуалтивни мерки и други елементи за развој на енергетскиот сектор. Донесувањето на Извештајот е дел од активностите утврдени во Националната програма за усогласување на националното законодавство на Република Македонија со законодавството на Европската Унија. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *10.Информација за внесување на родовата перспектива во процесот на буџетирање и стратешко планирање*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Процесот на интегрирање на РМ во ЕУ налага почитување и стремеж кон постигнување на определени норми и стандарди, во насока на унапредување на еднаквоста и еднаквите можности за сите граѓани на РМ и подобрување на транспарентноста и отчетноста на институциите. Во Република Македонија нормативната рамка за воведување родово одговорно буџетирање изразена преку Законот за еднакви можности на жените и мажите („Сл.весник на РМ“ бр.6/2012 ) со кои се обврзуваат сите субјекти во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на мажите и жените и да известуваат за преземените активности во рамките на годишните извештаи. Оваа обврска подеднакво се однесува и на единиците на локалната самоуправа. За успешна имплементација на овие обврски потребно е и внесување родовата перспектива во буџетските политики и стратешкото планирање, а поради тоа неопходно е да се направат измени и дополнувања на прирачникот и упатството за стратешко планирање. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Унапредување на правата на жените и зголемување на нивното учество во политичкиот, економскиот и јавниот живот и имплементација на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 19 Социјална политика и вработување; 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** |
| **Очекувани влијанија :** | Креирање и спроведување политики и буџети кои ќе ја земат предвид различната положба на жените и мажите и различните пречки со кои тие се сложуваат; Креирање перспективни програми и адекватно трошење на јавните средства; Проценка на влијанието на владините приходи и расходи врз жените и мажите и креирање мерки со кои би се надминала родовата нееднаквост; Зголемување на транспарентноста, отчетноста, одговорноста и учеството на институциите во промовирање на еднаквите можности |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата се обезбедени во партнерство со UN WOMEN |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

**Приоритет :**

## *Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија*

## А) Подзаконски акти

### *1. Предлог-платформа за настап на четиринаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Владата на Република Македонија за подготвителните активности околу одржувањето на четиринаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација РМ-ЕУ и усвојувањето на ставовите кои делегацијата на РМ ќе ги презентира на состанокот. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Усвојувањето на платформата за состанокот на Советот за стабилизација и асоцијација ќе им овозможи на Македонската делегација која ќе учествува на состанокот да ги презентира усвоените ставови во име на Владата на РМ и исто така ќе овозможи координиран настап на целата делегација. Негативно влијание нема |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерсво за надворешни работи*** |

### *2. Предлог-програма и приоритети на Претседавањето на Естонија со Советот на ЕУ, со календар за одржување на неформалните министерски состаноци на Европската Унија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на Владата на РМ за Естонското претседателство со Советот на ЕУ и учеството на претставници од РМ на неформалните министерски состаноци на ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Процес на пристапување на РМ во ЕУ. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Информирање на Владата на РМ за неформалните министерски состаноци на ЕУза време на Естонското претседателство со Советот на ЕУ |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерсво за надворешни работи*** |

### 3.Предлог-одлука за реализација на меѓународната вежба со трупи „COMBINED RESOLVE IX“

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Вежбата „COMBINED RESOLVE IX“ се одржува во континуитет за 2017 година во рамките на сплетот на вежби наменет на вооружените сили на САД во Југоисточна Европа и Република Македонија да се афирмира како сериозен и доследен фактор во регионот од областа на теренски вежби со трупи. Унапредување на интероперабилноста помеѓу НАТО и партнерските земји на тактичко ниво, имплементација на научени лекции од моменталните коалициони операции и реализирање на реалистичка обука во НАТО штабовите која ќе го подобри нивото на обученост на штабните старешнини |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на обученоста на старешините за имплементација на научени лекции од моменталните коалициони операции и реализирање на реалистичка обука која ќе го подобри нивото на обученост на штабните елементи на АРМ. Унапредување на односите помеѓу Вооружените сили на САД. |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата се обезбедени од Буџетот на РМ (МО) |
| **Предлагач:** | ***Министерство за одбрана*** |

### 4. Предлог-одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2018 година

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 15, став 1 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016) и член 27-а, став 3 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2001, 98/2002, 9/2003, 47/2003, 64/2003, 67/2003, 51/2006, 5/2007, 15/2007, 26/2007, 30/2007, 58/2007, 105/2007, 116/2007,129/2007, 157/2007, 29/2008, 51/2008, 86/2008, 144/2008, 42/2009, 62/2009, 141/2009, 162/2009, 40/2010, 83/2010, 166/2010, 172/2010, 95/2011, 151/2011, 170/2011, 67/2013, 67/2013, 145/2014, 62/2015, 41/2016 и 153/2016), Владата носи одлука со која ги утврдува стратешките приоритети и истите ги вградува во својата Годишна програма и Буџетот на Република Македонија. Појдовна основа за утврдување на стратешките приоритетие, Програмата за работа на Владата за периодот 2017-2020 година, препораките содржани во Извештајот на Прибе и проценката на актуелните општествено-економски и социјални состојби со кои се соочува Владата на РМ<br><br>**Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Предлог-одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2018 година се доставува до Влада на РМ со барање за нејзино разгледување и усвојување. Со донесување на одлуката за |

| | |
|---|---|
| | утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2018 година започнува буџетскиот процес |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија*** |

## Б) Материјали

### *1. Информација за преговорите и предлог-активностите за градење Регионална економска област на Западен Балкан, иницирана во рамките на Берлинскиот процес*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја запознае Владата на РМ за преговорите и предлог-активностите за градење на Регионалната економска област на Западен Балкан во рамките на Берлинскиот процес. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Процес на пристапување на РМ во ЕУ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Иницијативата нема негативно влијание и има за цел да ја информира Владата на РМ за преговорите и предлог-активностите |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за надворешни работи*** |

### *2.Информација за подготовките за учество на делегација на Република Македонија на конференцијата на високо ниво за Западен Балкан на 12 јули 2017 во Трст, со предлог-платформа за настапот на делегацијата*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја информира Владата на РМ за подготовките на делегацијата на Република Македонија на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во месец јули 2017 година во Трст. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Процес на пристапување на РМ во ЕУ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Иницијативата нема негативно влијание, но и има за цел да ја информира Владата на РМ со предлог-платформата |
| **Фискални импликации**: | Нема |

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | ***Министерсво за надворешни работи*** |

### *3. Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во 2016 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2016 година претставува извештај за функционирањето на системот за финансиско управување и контрола на внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија за 2016 година. Тој се изготвува согласно член 48, алинеа 11, од Закнот за јавна внатрешна финансиска контрола („Сл. весник на РМ“ бр.90/2009 и 188/2014) и Правилникот за формата и содржината на извештаите и изјавата за квалитетот и состојбата за внатрешните контроли од годишниот финансиски извештај („Сл.весник на РМ“ бр.147/2010, 34/2011 и 113/2014). Цел на годишниот извештај е генереално и поединечно за секој субјект од јавниот сектор во Република Македонија да ја извести Владата на Република Македонија за состојбата и напредокот во процесот на зајакнување на финансиската контрола во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација, како и да ги утврди идните активности кои ќе бидат преземени за развој и унапредување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола во Република Македонија и временската рамка за нивна реализација. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје: 3.32 Финансиска контрола, Подрачје: 3.32.1 јавна внатрешна финансиска контрола** |
| **Очекувани влијанија :** | Воспоставување и зајакнување на системот на внатрешна финансиска контрола кој обезбедува трошењето на јавните средства да се врши транспарентно, регуларно, економично, ефикасно и ефективно |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

### *4. Информација за тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој одржан на 14.2.2017 година во Скопје*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа Информација има за цел информирање на членовите на Владата за одржаниот тринаесетти Поткомитет за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Република Македонија и Европската Унија, одржан во февруари 2017 година во Скопје и да се задолжат институциите за |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | исполнување на обврските преземени од Поткомитетот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Исполнување на ССА<br><br>/ |
| **Очекувани влијанија :** | Навремено задолжување и остварување на преземените обврски од состанок со Европската комисија. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

***ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ***

**Приоритет :**

***Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија***

## Б) Материјали

***1. Информација за статусот на спроведување на ИПА програмите за прекугранична соработка за периодот јануари – јуни 2017 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата се доставува со цел Владата на РМ да се информира за статусот на спроведување на ИПА програмите за прекугранична соработка. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување на Европската Унија преку исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и другите правни акти кои ги регулираат билатералните односи со Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 22** |
| **Очекувани влијанија :** | Иницијативата има позитивно влијание бидејќи ја информира Владата на РМ за напредокот на ИПА програмите за прекугранична соработка |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за локална самоуправа*** |

## ***2. Информација за заокружување на процесот за назначување координатор за територијална соработка и назначување на структура за управување со програмите за територијална соработка***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата се доставува со цел Владата на РМ да се информира и да го одобри воспоставениот систем и да го одобри назначувањето на координаторот за територијална соработка и раководител на оперетивната структура според номенклатурата на регулативата за спроведување на ИПА за прекугранична соработка. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 22** |
| **Очекувани влијанија :** | Развој на пограничните региони преку спроведување прекугранична соработка, како и овозможување на субјекти од земјата да воспостават партнерства и да учествуваат на проекти од макрорегионален карактер. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за локална самоуправа*** |

## ***3. Информација за статусот на реализација на националниот Акциски план за Отворено владино партнертсво 2016-2018 година (полугодишен извештај за периодот јануари – јуни 2017 година)***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Врз основа на член 57 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл.весник на РМ“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011) и заклучок по точка 45 од Четириесеттата седница на Владата на Република Македонија одржана на 6.7.2016 година, заменик-министерот за информатичко општество и администрација донесе Решение за формирање работна група со сите чинители за спроведување на Третиот национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година. Согласно решението на МИОА изготвува полугодишен извештај за спроведување на националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година и истиот го доставува до Владата на РМ на разгледување и утврдување и истиот се објавува во порталот е-демократија (www.e-demokratija.mk). Следење на процесот на реализација на Третиот национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година во кој се дефинирани 100 достигнувања, 34 заложби разработени во осум приоритетни теми: партиципативно креирање политики, отворени податоци, слобода на информации, спречување корупција и промовирање на доброто владеење, ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност) отвореност на локално ниво, јавни услуги и климатски промени и презентација на резултатите од заедничката соработка помеѓу институциите и граѓанските организации во спроведување на мерките со препораки со кои можат да се подобрат целите зацртани во Акцискиот план произлезени од Декларацијата за |

отворено владино партнерство. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели**

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Работата на отворена влада е континуирана заложба и имплементацијата на националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година, подразбира реализација на амбициозни напори за промовирање на транспарентноста и отчетноста на Владата. Преку Отворено владино партнерство, Владата на РМ се обврзува да се изгради на темелите на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните. Уште поважно, Отвореното владино партнерство врши силно влијание врз иновациите, развојот и конкурентноста |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за информатичко општество и администрација*** |

## Приоритет :

### *Владеење на правото и изградба на независни институции*

## А) Подзаконски акти

### *1.Предлог-програма за измена на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти на установи од областа на културата за 2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Предлог-програмата се доставува врз основа на член 70-в став 1 од Законот за култура според кој програмата ја донесува Министерството за култура по претходно дадена согласност од Владата на РМ. Измената на Програмата се врши во насока на усогласување на истата со новите програмски приоритети на Владата на РМ за 2017 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Обезбедување соодветни инфраструктурни услови за работа на националните установи од областа на културата и за остварување на културата |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата кои се потребни за програмата и истите се делумно обезбедени од Буџетот на РМ, раздел 18010-финансирање на дејностите од областа на културата, Програми -40,41,42,43, 48,49,50 и 84 од ставките 482 – други градежни работи |
| **Предлагач:** | ***Министерство за култура*** |

## Б) Материјали

### *1. Информација за евалуација на проектите / програмите и активностите на Министерството за култура во 2017 со пресек до 1.6.2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во врска со оваа информација се подготвуваат извештаи за проектите / програмите и другите активности кои треба да се реализираат заклучно со 1.6.2017, а кои имаат фискални импликации врз Буџетот на Министерството за култура. Воедно е формирана и работна група за проверка на извештаите и планирање на обврските за наредната година |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Утврдување на состојбите поврзани со тековната реализација на годишната програма на Министерството за култура 2017 година и на другите програмски активности, со цел за утврдување на финансиските обврски врз Буџетот на Министерство за култура, како и планирање на новата програма до крајот на 2017 година |
| **Фискални импликации**: | Има |
| **Предлагач:** | ***Министерство за култура*** |

## *ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ*

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

## Б) Материјали

### *1. Извештај од состанокот на заменици-министри за економија/трговија на ЦЕФТА земјите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот се однесува на разгледуваните прашања и предлог-одлуки на состанокот на заменици-министри за економија/трговија на ЦЕФТА земјите, како и подготовки за состанокот на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување Договори за слободна трговија, за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Имплементација на годишните приоритети на Програмата на ЦЕФТА за 2017 година |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

# АВГУСТ

## *ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ*

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

### А) Подзаконски акти

### *1. Предлог за изменување и дополнување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Имајќи го предвид проблемот на високата стапка на невработеност на младите лица во Република Македонија (39,1% во IV квартал 2016 година) во Оперативниот план за 2017 година, ќе се утврди во кои видови програми за вработување што се имплементираат ќе се зголеми опфатот на лица, (млади лица до 29 години) потребните финансиски средства за имплементација на програмите и нивните извори, како и институциите надлежни за спроведување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Поддршка на малите и средни домашни претпријатија, отворање нови работни места, меѓу другото со имплементација на активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување** |
| **Очекувани влијанија :** | Да се зголеми опфатот на младите невработени лица –активни баратели на работа евидентирани во Агенцијата за вработување во програмите и услугите за вработување во Оперативниот план за 2017 година |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата во износ од 215.424.000 милиони денари се обезбедени од Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

### *2. Предлог-програма за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2017/2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата за условен паричен надоместок за средно образование има за цел подобрување на пристапот и квалитетот на обрзованието на ученици во средно образование, од домаќинства кои се корисници на право на социјална парична помош, согласно стратешките приоритети на Владата на РМ. Програмата ги утврдува корисниците, мерките, носителите и изворите на средствата за воведување на условен паричен надоместок за средно образование за |

| | |
|---|---|
| | учебната 2017/2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во РМ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НПАА - Поглавје 19** |
| **Очекувани влијанија :** | Се проценува дека со Програмата за условен паричен надоместок за средно образование ќе бидат опфатени 6000 ученици од домаќинства кои се корисници на социјална помош. Освен тоа програмата ќе овозможи полесно спроведување на обврската за задолжително средно образование во Македонија, преку насочување на финансиската помош кон одредени домаќинства со ограничени ресурси, за да го испратат своето дете, односно деца во училиште |
| **Фискални импликации**: | Има, годишниот износ на надоместокот за условениот паричен надоместок за средно образование за секое дете/адолесцент кое ќе ги исполни условите изнесува 12.000 денари. Средствата за условени парични надоместоци за средно обрзование се обезбедени преку Договорот за заем со Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка за проектот во износ од 19.300.000 евра.<br><br>Потребните годишни средства за реализирање на оваа Програма се 72.000.000 денари |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *3. Предлог-програма за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозори во домаќинствата за 2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа Програма се предлага со цел за стимулирање на користењето на сончевата енергија во Република Македонија и со истата на купувачите на соларни колектори кои ги имаат вградено во своите домови им се обезбедува поврат на дел од средствата кои ги потрошиле за обезбедување сончеви термални колекторски системи до 30 %, но не повеќе од 300 евра во денарска противвредност по домаќинство, за ПВЦ прозори поврат до 50%, но не повеѓе од 500 евра по домаќинство**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Обезбедување енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулација на иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилни горива**.** Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата е дел од активностите утврдени во Националната програма за усогласување на националното законодавство на Република Македонија со законодавството на Европската Унија |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.15 Енергетика, Подрачје 3.15.4 Обновливи извори на енергија** |
| **Очекувани влијанија :** | Подигање на јавната свест за позитивните ефекти од искористување на сончевата енергија во домаќинствата; Заштита на животната средина. |
| **Фискални импликации**: | Има, Финансиските средства се обезбедеби со Буџетот за 2017 година во износ од 36.000.000 |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *4. Предлог-одлука за регулирање на статус на вработување на ромски здравствени медијатори*

| | |
|---|---|
| **Образложение:**<br><br>**НПАА - поглавје и подрачје** | 10 здравствени ромски медијатори имаат поднесено тужба за Министерството за здравство, бидејќи нивниот статус на вработување не е регулиран во потполност и покрај тоа што некои од нив ги исполнуваат условите предвидени со закон. Да се разгледа индивидуалната документација/историја на ангажирање на ромските здравствени медијатори и за сите за кои ќе се утврди дека ги исполнуваат условите за целосно вработување, да добијат договор за вработување на неопределено работно време. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Изградба на достапен, квалитетен и долгорочно финансиски одржлив систем на здравствена заштита, кој ќе обезбеди нормални услови за работа на медицинскиот кадар, поголеми шанси за нивна специјализација, повисоки плати, со цел да се спречи нивниот одлив во странство, ставање на граѓаните во центарот на здравствениот систем и зајакнато чувство и одговорност на поединецот за сопственото здравје и здравјето на другите<br><br>**/** |
| **Очекувани влијанија :** | Одржлив, достапен и ефикасен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна. Стабилност на програмата ромски здравствени медијатори и намален број на прекинување договори од страна на медијатори |
| **Фискални импликации**: | Има, средства за 2017 година се резервирани во буџетот на Министерството за здравство. |
| **Предлагач:** | ***Кабинет на министер без ресор*** |

## *5. Предлог-оперативен план за 2017 година за имплементација на Националната стратегија за намалување на сиромаштија и социјална исклученост 2010-2020*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Определувањето на политиката на социјално вклучување во Република Македонија од национално дефинираните цели и потреби, како и меѓународните индикатори и индикаторите на ЕУ за мерење на социјалната исклученост. Во насока на преземање на конкретни мерки и активности за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост, преку процес во кој учествуваат сите релевантни министерства и институции одговорни за реализација на предвидените активности, се донесуваат годишни оперативни планови за имплементација на донесената Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020 со обезбедени финансиски средства во рамки на буџетот на секое од вклучените министерства. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** Воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита, зголемување на капацитетите соодветно на потребите на граѓаните на Република Македонија; Подобрување на системот за заштита на лицата со посебни потреби, по широки консултации со невладините и професионални организации; Реформи во образованието преку интегриран систем на образование кој ќе ги зголемува шансите на младите за квалитетни работни места, ќе обезбеди поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и ќе го поттикнува критичкото мислење и активно граѓанство итн. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 Социјална инклузија** |
| **Очекувани влијанија :** | Успешна имплементација на предвидените активности во Оперативен план 2018 на ревидираната национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020 и намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во РМ за подобро користење и зајакнување на расположливите човечки и материјални ресурси, подобрување на условите за живот, работа и општествените услови на сите граѓани, системско институционално содејство во функција на побрз развој, повисок стандард, поквалитетно живеење и развој на механизми за социјално вклучување на ранливите категории на граѓани во локален контекст |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата не можат точно да се определат и тие ќе зависат од можностите и обврските утврдени на релевантните министерства, како и обезбедени донации |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## Б) Материјали

### *1. Информација за состојбата со доделувањето концесии на дивечот во ловиштата во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на Владата на Република Македонија за состојбите и исполнување на обврските од договорите за концесија во ловиштата на Република Македонија. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | |

| | |
|---|---|
| | / |
| **Очекувани влијанија :** | Информирање на Владата на РМ за состојбите |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *2. Информација за можностите за спроведување реонизација на земјоделско производство*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Информацијата, Владата на Република Македонија треба да се запознае со спроведување на процесот на реонизација на земјоделско производство и на можноста за нивно програмирање во програмите од надлежност на министерството. Исто така ќе се отпочне со подготовката за воспоставување листи на препорачани сорти и култури на земјоделски видови растенија. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Владата на РМ да се информира за состојбите |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *3. Информација за изготвени извештаи за примената на ратификуваните конвенции на Меѓународната конференција на трудот*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Република Македонија е членка на Меѓународната организација на трудот и во рамките напреземенитe обврски ја има и обврската за доставување редовни извештаи за примената на ратификуваните конвенции. Во истите ќе се прикаже нивото на имплементација на конвенциите во легислативата и практиката на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање и штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување** |
| **Очекувани влијанија :** | Владата на Република Македонија да се информира за примената на ратификуваните конвенции на Меѓународната конференција на трудот |
| **Фискални импликации**: | Нема |

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *4.Информација за Национален инвестициски комитет и можности на инструментот на Инвестициска рамка за Западен Балкан*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информација за номинација на нови членови на Националниот инвестициски комитет  и презентирање на можностите на инструментот на Инвестициска рамка за Западен Балкан. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

## *5. Информација за подобрување на условите за домување*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Вдомување на ромските семејства преку социјално домување, обнова и реконструкција на домови<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Зголемување на капацитетите на општините, нивната транспарентност и отчетност со почитување на принципот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните, подобрување на услугите и зголемен квалитет на живеење на целата територија на РМ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Промовирање на семејството, креирање политики за поддршка на семејството, домување на ромски домаќинства според минимални стандарди за домување. Подобрени услови за живеење |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на Република Македонија 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Кабинет на министер без ресор*** |

***6.Квартална информација за преземените активности за имплементирањето на националните Акциони планови од Стратегијата за Роми во Република Македонија и иницијативата за Интеграција на Ромите 2020***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Република Македонија е членка на Меѓународната иницијатива за Интеграција на Ромите 2020 во чии рамки ја има и обврската за доставување редовни извештаи за имплементација на целите од националните Акциони планови од приоритетните области (вработување, образование, здравство и домување). Во истите ќе се прикаже нивото на имплементација на Стратегијата за Роми во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување** |
| **Очекувани влијанија :** | Редовно информирање на Владата на РМ за преземените активности за имплементирањето на националните Акциони планови од Стратегијата за Роми во РМ и иницијативата за Интеграција на Ромите 2020 |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

***7. Информација за „Редизајнирање“ на манифестацијата „Топол културен бран“ 2017***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за култура ќе ја „редизајнира“ манифестацијата „Топол културен бран“ и ќе ја реализира од средината на август до почетокот на октомври 2017 година. Наместо како што беше концептирана претходно, кога општините се јавуваа како организатори, интенцијата е да се поттикне и активизира независната културна сцена преку здруженијата на граѓани, фондации и поединци од областа на културата. Преку овој проект, Министерството за култура ќе издвојува и ќе обезбеди „култура до сите и за сите“. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Спроведување културна политика во која клучните вредности се слобода на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Освен во установите од областа на културата, за одржување на културните и уметничките содржини ќе бидат користени локации од јавни и алтернативни простори, дури и нефункционални, руинирани објекти или простори кои можат да се „оживеат“ и да се „рестартираат“ како уметничка сцена |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата се обезбедени од Буџетот на РМ за 2017 |

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | ***Министерство за култура*** |

**Приоритет :**

***Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија***

## А) Подзаконски акти

### *1. Предлог-одлука за учество на воена вежба за кризен менаџмент на ЕУ, „MILEX 17“ 07-17 ноември 2017 поканата за учество на двајца набљудувачи на вежбата*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Вежбата „MILEX 17“ е наменета за подобрување на интеракцијата и паралелно планирање помеѓу военото стратегиско ниво на Оперативна команда која ја обезбедува земјата домаќин, Обединетото Кралство во Нортвуд (OHQ) и военото оперативно ниво на Командата на силите во (FHQ) Шпанија. Можноста претставници на АРМ да учествуваат во својство на набљудувачи овозможува запознавање со целите, сценариото и планирачките процедури на ЕУ на воено стратегиско ниво. Вежбата претставува исклучителна можност за запознавање со процедурите на ЕУ, кои за АРМ се од големо значење во насока на подобра подготвеност за учеството во заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) на ЕУ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на обученоста на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија со планирачките процедури на воено-стратегиско ниво на ЕУ. Подобро запознавање на целта, сценариото и постапките за планирање на воено-стратегиско ниво на ЕУ. Целта на вежбата е подобрување на капацитетите на ЕУ за управување со кризи на сеопфатен начин |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата се обезбедени од Буџетот на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за одбрана*** |

### *2. Предлог-програма за работа на Владата за 2017 година (јуни-декември)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Врз основа на член 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 142/2016), а согласно член 27 -а став 1 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 38/2001, 98/2002, 9/2003, 47/2003, 64/2003, 67/2003, 51/2006, 5/2007, 15/2007, 26/2007, 30/2007, 58/2007, 105/2007, 116/2007, 129/2007, 157/2007, 29/2008, 51/2008, 86/2008, 144/2008, 42/2009, 62/2009, 141/2009, 162/2009, 40/2010, 83/2010, 166/2010, 172/2010, 95/2011, 151/2011, 170/2011, 145/2014, 62/2015, 41/2016 и 153/2016) и |

| | |
|---|---|
| | Методологијата за стратешко планирање и подготвување на годишната Програма за работа на Владата на Република Македонија, Владата на Република Македонија донесува годишна Програма за работа. Доставените предлог-иницијативи од страна на министерствата и другите органи на државната управа, треба да бидат во согласност и со Одлуката за утврдените стратешки приоритети на Владата на Република Македонија и НППА |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со донесување на годишната Програма за работа на Владата на Република Македонија, временски се операционализира Програмата која мандатарот ја предлага во Собранието при изборот на новата Влада. Во годишната Програма и Буџетот на Република Македонија, Владата на РМ ги вградува стратешките приоритети и фискалната политика |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија*** |

## Б) Материјали

### *1. Извештај за резултатите од четиринаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија -ЕУ*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот има за цел да ја запознае Владата на Република Македонија со резултатите од одржаниот четиринаесетти состанок на Советот за стабилизација и асоцијација. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Процес на пристапување на Република Макеоднија во ЕУ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Владата на РМ да се информира со извештајот за резултатите од состанокот |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за надворешни работи*** |

### *2. Извештај од меѓународната безбедносна конференција со НАТО – Директоратот за јавна дипломатија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Потреба за зајакнат дијалог и практична соработка меѓу РМ и НАТО. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел: Процес за добивање полноправно членство на РМ во НАТО |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Унапредување на кандидатурата на РМ за добивање полноправно членство во НАТО. Зголемена видливост на РМ во НАТО и на НАТО во РМ |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџет на РМ (МНР) |
| **Предлагач:** | ***Министерство за надворешни работи*** |

### *3. Годишен извештај за спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2016 – 2018, за 2016 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Документот се донесува од страна на Владата на Република Македонија во согласност со член 18 став 3 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/2007,187/2013, 43/2014 и 215/2015). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Рамномерен развој |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со Годишниот извештај за спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2016-2018, за 2016 година, Владата на РМ ќе се информира за степенот на имплементација на приоритетните мерки утврдени во наведениот документ за 2016 година |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за локална самоуправа*** |

### *4. Информација за одржан четиринаесетти состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација на 29 јуни 2017 година во Брисел*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа Информација има за цел да ги информира членовите на Владата за тринаесеттиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој се одржа на 29 јуни 2017 година во Брисел и да се задолжат институциите за исполнување на обврските преземени на Комитетот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Исполнување на ССА |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Навремено задолжување и остварување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија. |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

## *5. Информација за одржан тринаесетти состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа Информација има за цел информирање на членовите на Владата за текот на тринаесеттиот Поткомитет за трговија, индустрија, царина и оданочување на Комитетот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија, одржан во април 2017 година во Скопје и да се задолжат институциите за исполнување на обврските преземени од Поткомитетот**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Исполнување на ССА |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Навремено задолжување и остварување на преземените обврски од состанок со Европската комисија |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

## *6. Информација за подготовка на седмиот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација кој ќе се одржи во септември 2017 во Скопје*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да се информира Владата за подготовката на седмиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација на Комитетот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија кој ќе се одржи во септември 2017 година во Скопје**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Исполнување на ССА |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Навремено квалитетно остварување на обврските преземени од Поткомитетот |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

## *7. Информација за одржан тринаесетти состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, помеѓу ЕУ и РМ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, април 2017 година во Брисел*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа Информацијата има за цел да ја информира Владата за одржаниот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија, одржан во април 2017 година во Брисел и да се задолжат институциите за исполнување на обврските преземени од Поткомитетот**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Исполнување на ССА |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Навремено задолжување и остварување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за евроспки прашања*** |

## *8. Информација за тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу ЕУ и РМ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, одржан во март 2017 година, во Брисел*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа Информацијата има за цел да ја информира Владата за одржаниот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика на Комитетот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија, одржан во март 2017 година во Брисел, со цел запознавање со дискусиите и клучните препораки и преземени обврски и задолжување на институциите за исполнување на обврските преземени од Поткомитетот**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Исполнување на ССА |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Навремено задолжување и остварување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

## *9. Информација за предлог-програмата за работа на Центарот за обука (ЦО) на Секретаријатот за европски прашања за 2017 година и предлог-одлука за формирање на телото на обучувачи на ЦО на СЕП*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Спроведување на Програмата за работа на Центарот за обука на СЕП во текот на 2017 година, користење на достапните буџетски средства за работа на Центарот, како и ангажирање на внатрешните ресурси на ВРМ односно обучувачите во реализација на Програмата за работа на Центарот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

## *10. Информација за предлог-решение за задржување на кадарот во ИПА структурата*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја информира Владата на Република Македонија за актуелната состојба во ИПА структурата и за развивање политика за задржување на кадрите во оваа структура. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

## *11.Информација за одбележување на јубилеј „25 години Армија на Република Македонија“*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Одбележувањето на јубилејот ќе се реализира низ повеќе активности во текот на 2017 година, а централната прослава ќе се реализира на ден 18-ти август 2017 година |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Достојно одбележување на јубилејот на Армијата на Република Македонија и промоција на Армијата на РМ |
| **Фискални импликации**: | Има, државните институции кои се вклучени во поддршката на одбележувањето на јубилејот на АРМ со свои буџетски средства |
| **Предлагач:** | ***Министерство за одбрана*** |

**Приоритет :**

***Владеење на правото и изградба на независни институции***

## Б) Материјали

### *1. Информација за преземени мерки и активности за 2016 за спроведување на Националната стратегија за стари лица и Оперативен план за 2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во функција на успешно спроведување на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година, МТСП како претседавач со Националното координативно тело, од владини и невладини организации коишто ќе работат на полето на заштитата на старите лица, подготви извештај за преземените мерки и активности за 2016 година за спроведување на Националната стратегија за стари лица и Оперативен план за 2017 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** Воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита блиска до граѓаните и соодветна на нивните потреби; Промовирање, штитење и унапредување на човековите права во РМ итн. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 Социјална инклузија** |
| **Очекувани влијанија :** | Оперативниот план за 2017 година претставува план на многубројни активности кои треба да се спроведат од страна на релевантни министерства, институции и НВО во наредниот период |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата се обезбедени во Буџетите за тековната година на министерствата, институциите и НВО кои се вклучени во ОП |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

**Приоритет :**

***Реформи во образованието и инвестирање во иновации и***

***Информатичка технологија***

## А) Подзаконски акти

| | |
|---|---|
| ***1.Предлог-уредба за методологијата за утврдување критериуми за распределба на блок дотации за основно образование по општини за 2018*** | |
| **Образложение:** | Инвестирање во образованието и подобрување на квалитетот на образованието. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Осовременување на образовниот систем |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | ***Министерство за образование и наука*** |

| | |
|---|---|
| ***2.Предлог-уредба за методологијата за утврдување критериуми за распределба на наменски дотации за основно образование по општини за 2018*** | |
| **Образложение:** | Инвестирање во образованието и подобрување на квалитетот на образованието. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Осовременување на образовниот систем |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | ***Министерство за образование и наука*** |

***3.Предлог-уредба за методологијата за утврдување критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2018***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Спроведување на стратергии и реформи и подобрување на квалитетот на образованието |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Осовременување на образовниот систем |
| **Фискални импликации**: | Има |
| **Предлагач:** | ***Министерство за образование и наука*** |

### *4.Предлог-одлука за запишување студенти на високообразовните установи во Република Македонија во прва година во учебната 2017/2018 во втор и трет циклус на студии*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Поголем опфат на студенти на високообразовните установи во Република Македонија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Создавање високообразован стручен кадар. |
| **Фискални импликации**: | Има |
| **Предлагач:** | ***Министерство за образование и наука*** |

## Б) Материјали

### *1.Информација за обуки за граѓаните за е-влада*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во тек е развој на Национален портал за е-услуги кон граѓани, кој како предуслов за широко прифакање и користење од страна на граѓаните, бара граѓаните да бидат обучени за основни поими од областа на е-влада/како да се користат е-услугите и друго, а преку практични примери за постојни е-услуги |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на свесноста за е-влада иницијативите во РМ, широко прифаќање на е-услугите и националниот портал за е-услуги и зголемување на бројот на корисници на е-услуги |
| **Фискални импликации**: | Има, зависно од избраниот начин на спроведување на обуките, финансиските импликации ќе бидат различни |
| **Предлагач:** | ***Министерство за информатичко општество и администрација*** |

**Приоритет :**

***Целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување***

**Б) Материјали**

***1.Информација за распопредувањето на државните службеници вработени по К-5 Програмата за правична застапеност од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во институциите на јавниот сектор***

| | |
|---|---|
| **Образложение:**<br><br>**НПАА - поглавје и подрачје** | Запознавање на Владата со степенот на распоредените државни службеници односно нивно преземање од страна на органите на државна управа. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Следење правична застапеност<br><br>**/** |
| **Очекувани влијанија :** | Поефикасни мерки за натамошно и целосно спроведување на уставното начело на соодветна и правична застапеност |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор*** |

***ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ***

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

**Б) Материјали**

***1. Полугодишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот буџет***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обврската за изготвување на Извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет произлегува од Законот за буџетите. Во рамките на Централниот буџет на Република Македонија се планираат средства за непредвидени случаи како буџетска резерва. Планираните средства за непредвидени случаи се наменети за покривање расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидени случаи, како и за |

| | |
|---|---|
| | програми кои во текот на подготовката на Буџетот не можеле да бидат предвидени. Постојаната и тековната резерва не можат да надминат 3% од вкупните тековни расходи на основниот буџет. За користење на средствата од резервите одлучува Владата на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет се изготвува со цел да се утврдат намените за кои се користат средствата од резервите и да се изнајдат начини како би се подобрило буџетското планирање, со што во иднина би се избегнало користење за намени кои не се непредвидливи и можат да бидат опфатени со иницијалниот буџет |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *2.Информација за подобрување на статусот на еднородителските семејства во делот на згрижување и воспитување деца од предучилишна возраст*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за труд и социјална политика во функција на подобрување на состојбата на еднородителските семејства со плата пониска од просечната плата, а со цел подигнување на животниот стандард за подобрување на нивниот статус во општеството преку ослободување од плаќање на надоместот, цената на услугите на јавна установа за деца - детска градинка, ја изготви оваа Информација за подобрување на статусот на еднородителските семејства во делот на згрижување и воспитување деца од предучилишна возраст. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во РМ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на материјалната состојба на еднородителските семејства со плата пониска од просечната плата, а со цел подигнување на животниот стандард. |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата во месечен износ од 964.030 денари или на годишно ниво 11.568.360 денари од Буџетот на РМ за 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *3.Информација за воведување втора смена во јавните установи за деца – детски градинки во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Овозможување на поефикасна и поефективна испорака на услуги кон граѓаните, со цел доближување на услугите на јавните установи за деца – детски градинки до родителите-корисници, во функција на грижа и заштита на децата**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија. (Иницијативата има фискални импликации по Буџетот на РМ за 2018 година во вкупен износ од 10.270.116,00 денари за реализација на втора смена во јавните установи за деца ЈОУДГ „Детска радост“-Гевгелија, „Павлина Велјнова“-Кочани, „Ацо Караманов“-Радовиш, „Јасна Ристевска“-Охрид, „Младост“-Тетово и „Наша Иднина“-Прилеп |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Доближување на услугите на јавните установи за деца -детски градинки до родителите-корисници, функција на грижа и заштита на децата. |
| **Фискални импликации**: | Има, иницијативата предизвикува фискални импликации во Буџетот на РМ за 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *4.Информација со Акциски план за текот и прогресот на отворање на центрите за ран детски развој во соработка со УНИЦЕФ во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Отворање нови центри за ран детски раазвој, со поддршка на УНИЦЕФ како јавни установи за деца, центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки, со цел зголемување на капацитетите за згрижување и воспитување деца од предучилишна возраст и опфат на деца од 3 до 6 годишна возраст пред сè во рурални и маргинализирани средини. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на капацитетите и зголемување опфат на деца на возраст од 3 до 6 години живот |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

# СЕПТЕМВРИ

***ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ***

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

## А) Подзаконски акти

### *1. Предлог-одлука за Шеснаесетта емисија на обврзници за денационализација*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Владата на Република Македонија со одлука го утврдува годишниот износ на обврзниците за денационализација што ќе се издаваат. Со предлог-одлуката ќе се утврди износот на Шеснаесеттата емисија на обврзници за денационализација. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обештетување на граѓаните во рамки на процесот на денационализација преку обврзници кои ќе се даваат како надомест за имотот одземен во корист на државата |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со Шеснаесеттата емисија на обврзници за денационализација се очекува да се збогати понудата на хартии од вредност со кои ќе се тргува на пазарот на капитал во Република Македонија |
| **Фискални импликации**: | Има, предлог-одлуката предизвикува финансиски импликации и средствата ќе се обезбедат во Буџетот на Република Македонија за 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

### *2.Предлог-одлука за ЕЛС Тетово и Ѓорче Петров за изградба и реконструкција на локални патишта и улици*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Донесена е одлука за распределба на средства за реализација на локални патишта во општините Ѓорче Петров и Тетово од страна на Владата на Република Македонија<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на животниот стандард во населените места во општините Ѓорче Петров и Тетово. |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на патната инфраструктура во општините Ѓорче Петров и Тетово |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата во висина од 25.000.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на РМ (МТВ) за 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## Б) Материјали

### *1.Информација за функционирање на земјоделскиот пазарен информационен систем како и можноста за поврзување на зелените пазари во единствен информативен систем*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Информацијата се дава преглед за функционирање на Земјоделскиот пазарен информационен систем (ЗПИС), исто така потребно е да се направи и анализа за воспоставување официјална мрежа на зелени пазари во Република Македонија. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Владата на РМ да се информира за функционирањето на ЗПИС и исто така потребно е да се направи анализа за воспоставување официјална мрежа на зелени пазари во Република Македонија |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

### *2.Информација за можностите за предвидување втори култури во полјоделство и градинарство*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со информацијата, Владата на Република Македонија ќе се информира со можноста за дополнителни плаќања за воведување втори култури за полјоделство и градинарство, како и фискалните импликации за воведување на оваа мерка. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на приходот на земјоделците со садење и одгледување на втори култури во полјоделство и градинарство |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *3. Информација за спроведување на системот на мониторинг и прогноза на карантински и економски болести и штетници кај растенијата*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со информацијата да се даде преглед на спроведување на мониторинг за следење болести и штетници како од карантински вид исто така и од групата на штетни организми кои причинуваат економски штети. Да се даде предлог за унапредување и подобрување на системот на мониторинг во растителната биосигурност. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Намалување на бројот на растителни болести и штетни организми и посигурно и побезбедно земјоделско производство |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *4. Информација за состојбата со доделувањето на земјоделското земјиште во државна сопственост (склучени договори за закуп, користење земјоделско земјиште според намената, постапката за пренамена на земјоделското во градежно земјиште)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Информацијата Владата на РМ ќе се информира за спроведената ревизија за состојбите со доделеното земјоделско земјиште во државна сопственост и исполнувањето на обврските од договорите за закуп со мерки за нивно надминување. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Владата на РМ да се информира за состојбите |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *5. Информација за ревидирање на националната Стратегија за Роми 2015-2020*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Насловот на Стратегијата е несоодветен (Стратегија за Роми) наместо да стои -Стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија. Воедно, во текот на Стратегијата за Роми 2015-2020 се провлекува Декадата на Ромите 2005-2015 година, меѓувладина иницијатива која е веќе завршена. Дополнително, организационата поставеност за имплементација на Стратегијата е конфузна и има преклопување ингеренции помеѓу ресорните министерства и Кабинетот на министер без ресор (некои се дуплираат, што доведува до забуна како во државните институции, така и со надворешни партнери кои даваат поддршка). **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Пречистен текст со политички коректна формулација на напорите на државата во врска со подобрување на состојбата на Ромите во земјава. Јасно поделени ингеренции и улога на секој од вклучените чинители |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Кабинет на министер без ресор*** |

## *6. Информација за потребата од изготвување на Национа стратегија за соработка со дијаспората*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Имајќи предвид дека Република Македонија располага со голема дијаспора, самото назначување на министер без ресор задолжен за дијаспора го крева прашањето на дијаспората на едно повисоко политичко ниво.Со оглед на тоа дека на дијаспората не и се посветувало вниманието кое го заслужува, практично од нула. Дијаспората е многу важен ресурс за државата затоа што во дијаспората постои огромен потенцијал кој може да придонесе во различни аспекти и области. Главниот приоритет на министерот во Владата на РМ задолжен за дијаспора и Кабинетот на министерот за 2018 година е утврдување на Националната стратегија за соработка со дијаспората, која претставува документ со кој ќе се утврди моменталната состојба и чекорите кои треба да се преземат, а со цел зајакнување на односите на РМ со дијаспората. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | **Политички,** со цел вклучување на дијаспората во консултативен процес за носење одлуки што се од интерес за развојот на соработката со дијаспората; **економско - финансиски**, со цел привлекување на бизнис-секторот од |

| | |
|---|---|
| | дијаспората и негово формално организирање и вклучување во бизнис-тековите во РМ; активности во областа на **културата,** кои ќе овозможат реализирање активности и проекти во сферата на културата во дијаспората; реализирање активности во областа на **млади и образованието** од кои дијаспората би имала бенифит. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Кабинет на министер без ресор задолжен за дијаспората*** |

## *7. Дополнителен протокол 6 за трговија со услуги*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Дополнителен протокол 6 за трговија со услуги претставува договор помеѓу ЦЕФТА страните со кој се регулира трговијата со услуги**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување Договори за слободна трговија, за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 30 Надворешни односи** |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на трговијата со услуги помеѓу ЦЕФТА страните |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *8. Информација за програмата за инклузија на Роми и Роми бегалци, статус на реализација на активности во 2017*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на оваа иницијатива е да ја информираме Владата на РМ за статусот на реализација на активности од програмата Роми и Роми бегалци. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Градење на унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа: Македонци, Албанци,Турци, Срби, Власи, Роми, Бошњаци и други помали заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Поголем степен на информираност на Владата на Република Македонија за степенот на реализација на Акцискиот план за Роми и Роми бегалци |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Кабинет на министер без ресор*** |

## *9. Извештај за реализација на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 – 2020, за 2016 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020 е основен плански документ на Владата за натамошен развој на локалната самоуправа во Република Македонија во наредните пет години. Конкретната операционализација на Програмата се врши преку тригодишни акциски планови. Со овој извештај ќе се утврди состојбата со реализацијата на Акцискиот план за периодот 2015-2017 година, за активностите планирани за 2016 година. Податоците за изготвување на извештаите се прибираат преку комплексен повеќеслоен механизам составен од повеќе органи, институции и тела, утврдени со методологија утврдена од Владата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Економски посилни, развојно-ориентирани и инклузивни единици на локалната самоуправа способни да обезбедат сеопфатен, иновативен и одржлив локален раст и развој. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Позитивни влијанија: Со извештајот ќе се обезбедат информации за реализација на активности за реализација на Програмата за 2016 година, ќе се идентификуваат евентуалните „тесни грла“ и ќе се обезбеди основа за утврдување на идните политики за надминување на проблемите во реализација на утврдените политики во Програмата. Истовремено ќе се овозможи информирање на пошироката јавност, вклучително и на соодветните структури на ЕУ, за состојбата со спроведувањето на развојот на локалната самоуправа и процесот на децентрализација.<br>Негативни влијанија: Нема |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за локална самоуправа*** |

**Приоритет :**

## *Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија*

### А) Подзаконски акти

### *1. Предлог-платформа за учество на делегација од Република Македонија на 72-та сесија на Генералното Собрание на Обединетите нации во Њујорк*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Исполнување на обврските и засилување на видливоста на Република Мкаедонија како членка на ООН, а во тие рамки и исполнување на меѓународната активност која има индиректен придонес кон ЗНБП на ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Придонес кон процесот за интеграција на Република Макеоднија во ЕУ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 21, Надворешна, безбедносна и одбранбена политика** |
| **Очекувани влијанија :** | Исполнување на обврските и засилување на видливоста на Република Мкаедонија како членка на ООН, а во тие рамки и исполнување на меѓународната активност која има индиректен придонес кон ЗНБП на ЕУ |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на РМ за 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за надворешни работи*** |

### *2. Предлог-одлука за реализација на националната вежба „Македонски-Балкански Блесок“*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Вежбата е национална и ќе се одржи во октомври 2017 година на АП Криволак. Носител е ГШ на АРМ. Досега се одржани две планирачки конференции од кои последната – главна планирачка конференција се одржа во мај 2017. Преостанува да се одржи уште Финалната планирачка конференција и да се реализира вежбата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со неколку приоритетни цели на Владата на РМ.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Вежбата треба да овозможи Армијата на Република Македонија да се афирмира како сериозен и доследен фактор во регионот, со демонстрација на обученоста на персоналот и подготвеност за учество во меѓународни мировни операции. Подобрување на нивото на обученоста на припадниците на АРМ и компатибилноста на комуникациските системи во контекст на НАТО и Партнерството за мир |
| **Фискални импликации**: | Има, Финансиските средства се обезбедени со Буџетот на РМ (МО) |

Предлагач: ***Министерство за одбрана***

## *3. Предлог-одлука за учество на вежбата „Предизвик 2017“ во Република Македонија*

**Образложение:** Во јуни 2017 година е потпишан Меморандум за разбирање за користењето на воените полигони на територија на Република Македонија, за вежбовни активности на словенечката војска. Согласно потпишаниот Меморандум во континуитет од 2007-2013 година на АП Криволак се реализираат вежбовни активности, вежба „Предизвик 2017“ –гаѓања на цели во воздушен простор со ракетен систем „ИГЛА“. Армијата на РМ има интерес од реактивирање на заедничките вежбовни активности на АП Криволак. Целта на вежбата е спроведување обука и изведување на боево гаѓање, теоретска обука и обука за симулатори за ракување со MANPADS SA 16 со размена на искуства и обука на припадниците на македонскиот ПВО баталјон во областа на боевото гаѓање со MANPADS SA 16 користење и промовирање на армискиот полигон Криволак во РМ

**НПАА - поглавје и подрачје** /

**Очекувани влијанија :** Цел на вежбата е спроведување обука и изведување на боево гаѓање, теоретска обука и обука за симулатори за ракување со MANPADS SA 16 со размена на искуства и обука на припадниците на македонскиот ПВО баталјон во областа на боевото гаѓање со MANPADS SA 16, продлабочување на билатералната соработка со Република Словенија, како и поддржувач на аспирациите на РМ за НАТО-членство. Подобрување на обуката на вработените во Армијата на РМ и продлабочување на билатералната соработка со Република Словенија

**Фискални импликации**: Има, Финансиските средства се обезбедени со Буџетот на РМ (МО)

Предлагач: ***Министерство за одбрана***

## Б) Материјали

## *1. Информација за подготовка на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика, кој ќе се одржи на 17 октомври 2017 во Скопје*

**Образложение:** Информацијата има за цел да се информира Владата за подготовката на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика помеѓу Република Македонија и Европската комисија, кој ќе се одржи на 17 октомври 2017 во Скопје**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Исполнување на ССА

**НПАА - поглавје и подрачје** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Навремено и квалитетно остварување на обврските преземени од Поткомитетот |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

### *2. Информација за потпишување Договор за економска и техничка соработка со НР Кина*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на Владата на РМ за текот на реализација на проектите, како и обезбедување на овластување од Владата на РМ за потпишување на новиот Договор. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Навремено и насочено искористување на средствата од билатерални партнери |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

**Приоритет :**

## *Владеење на правото и изградба на независни институции*

### А) Подзаконски акти

### *1.Ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство од 2011 (Истанбулска Конвенција)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство (Истанбулска Конвенција) е Меѓународен документ со досега најсеопфатни законски решенија и политики за заштита од насилство врз жените. Истата РМ ја има потпишано на 8.7.2011 година, со цел да се даде ефективен одговор во борбата против насилството врз жените, целосно третирање на сите облици на насилство вз жената и преземање на сите соодветни мерки за заштита на жртви и казнување на сторителите. Ратификацијата на Конвенцијата во Собранието на РМ е важен чекор. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на |

| | |
|---|---|
| | човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 19-Социјална политика и вработување односно Поглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** |
| **Очекувани влијанија :** | Заштита на жените од сите форми на насилство и спречување, гонење и елинимирање на насилството врз жените и домашното насилство; Придонес во елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените и промовирање на суштинска еднаквост помеѓу жените и мажите, вклучувајќи и зајакнување на жените и создавање сеопфатна рамка, политики и мерки за заштита и помош на сите жртви на насилство врз жените и домашно насилство |
| **Фискални импликации**: | Има, потребните средства ќе бидат обезбедени од Буџет на РМ и од меѓународните организации |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *2. Информација за потребата за организирање и спроведување генерички обуки од областа на стратешкото планирање во 2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со информацијата за потребата за организирањето и спроведувањето на генерички обуки од областа на стратешкото планирање во 2017 година кои треба да се одржат во периодот октомври - декември 2017. Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Секторот за стратегија, планирање и следење е задолжен да ги организира и испорача генеричките обуки од областа на стратешкото планирање, со кои ќе бидат опфатени службеници од сите органи на државната управа и управни организации. **Иницијативата е во функција на остварување на приоритетна цел:** создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зајакнувањето на капацитетите на органите на државната управа и управните организации како и унапредувањето на воспоставениот систем за стратешко планирање интегриран со буџетскиот процес. Создавање компетентна администрација-стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација, сервисно и услужно ориентирана кон одржлив социјален и економски развој на земјата |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија*** |

## *ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ*

**Приоритет :**

## *Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните*

**Б) Материјали**

### *1. Информација за донесување Акциски план за отворање на специјализирани услуги за заштита на жртви на семејно насилство и психосоцијален третман на сторители на семејно насилство 2018-2021*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Унапредување и понатамошно развивање на сеопфатен и ефикасен систем за превенција, спречување и заштита од семејното насилство и спроведување на интегрираните политики, согласно законската регулатива. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цели:** Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети; Воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита, зголемување на капацитетите соодветно на потребите на граѓаните на Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на свеста за пријавување и заштита од семејно насилство |
| **Фискални импликации**: | Има, но во моментов не може да се проценат потребните средства |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

### *2. Информација за подобрување на состојбите со бездомните лица во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за труд и социјална политика од досегашните искуства констарира дека моменталната форма на згрижување бездомни лица во рамки на центар за привремено сместување е најсовремен облик на заштита на бездомните лица. Овие лица кои долго време престоруваат во центар за бездомни лица, остануваат неактивни и работно неангажирани. Доколку се обезбеди соодветна социјална поддршка за домување надвор од колективните центри, тоа би било многу покорисно во поглед на интеграцијата во општеството на тие лица. Имајќи го предвид горенаведеното, МТСП предлага да се разгледаат нови форми за згрижување на бездомните лица. Во оваа насока една од формите за заштита на бездомните лица претставува интервентното регионално сместување, при што МТСП предлага да се изнајдат одреден број на локации на територија на РМ каде би се формирале регионални мини прифатилишта или „контејнерси“ населби во кои би се овозможило интервентно сместување на бездомните лица. МТСП ќе разработи и предложи неколку модели за намалување на социјалната исклученост од домување |

| | |
|---|---|
| | согласно специфичните потреби на оваа ранлива група на граѓани. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита, блиска до граѓаните и соодветна на нивните потреби; Зголемување на потребите на општините, нивната транспарентност и отчетност со почитување на принципот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните, подобрување на услугите и зголемен квалитет на живеење на целата територија на РМ; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 социјална инклузија** |
| **Очекувани влијанија :** | Обезбедување на услови за подобрување на состојбата на бездомните лица, преку воспоставување регионални центри за интервентно сместување кои би можеле да се користат и како алтернативни сместувалишта во вонредни состојби |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе зависат од можностите за финансирање, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на РМ и од странски донации |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *3.Информација за потребата за зајакнување на мрежата на сектори/одделенија за управување со човечки ресурси*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Мрежата на организациони единици за управување со човечки ресурси во органите на државната управа е формирана во 2009 година од страна на тогашната Агенција за државни службеници, сега Агенција за администрација. Во 2011 година МИОА ги презеде надлежностите кои се однесуваа на администрацијата во РМ, а со тоа и надлежноста за управување со човечките ресурси. Со донесувањето на новиот Закон за административни службеници во 2014 година, согласно членот 12 од законот уште повеќе се истакнува и зајакнува стратешката улога на организационите единици за управување со човечки ресурси, но исто така обврската за формирање организациона единица за управување со човечки ресурси се проширува и на институциите од јавниот сектор кои во својата структура вработуваат и административни службеници. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | |
| **Очекувани влијанија :** | Зајакнување на координацијата, но и активностите на мрежата на сектори/одделенија за управување со човечки ресурси во смисла на редовни консултации за прашања поврзани со управувањето на човечките ресурси, споделување на информации, имплементација на насоките од Стандардите за управување со човечки ресурси, координација на значајни прашања од областа и сл. |
| **Фискални импликации**: | Има, средства во износ од 240.000, 000 денари |
| **Предлагач:** | ***Министерство за информатичко општество и администрација*** |

## Б) Материјали

### *1. Среднорочен извештај за самооценка за Акцискиот план за отворено владино партнерство за 2016-2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во 2015 година од земјите членки на Отворено владино партнерство беше побарано да се изработуваат и достават Среднорочен и финален извештај за самооценка за Акциските планови за Отворено владино партнерство. Самооценката ќе биде објавена на порталот е-демократија и доставена на англиски јазик до интернационалното Отворено владино општество во Вашингтон со цел за нејзина објава на www.opengovpartnership.org **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Работата на отворена влада е континуирана заложба и имплементација на националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година и подразбира реализација на амбициозни напори за промовирање на транспарентноста и отчетноста на Владата на РМ. Преку (Отвореното владино партнерство), Владата на РМ се обврзува да се изгради на темелите на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните. Уште поважно Отвореното владнино партнерство врши силно влијание врз иновациите, развојот и конкурентноста |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за информатичко општество и администрација*** |

# ОКТОМВРИ

***ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ***

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

## А) Подзаконски акти

### *1. Предлог-одлука за начинот на наплата на износот за „Детска недела“ во октомври 2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Одлуката се предлага во согланост со одредбите во Законот за заштита на децата и со истата Владата на РМ го утврдува начинот на наплата на износот на средства кои се наплаќаат за време на траењето на „Детската недела“, се установуваат заради развивањето на општествената активност за афирмација на заштитата на децата. „Детската недела“ почнува од првата недела на месец октомври секоја година и трае седум дена, а посебниот износ за „Детска недела“ се плаќа во текот на тие седум дена. Се печатат и маркици со различна вредност утврдена со наведената Одлука (активноста ја реализира Сојузот за грижи и воспитување деца на Република Македонија). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во РМ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Средствата што ќе се остварат со наплата на посебниот износ на „Детската недела“ се приход на општинските здруженија за грижи и воспитување на децата и на детските организации во училиштата. Дел од нив се користат за реализирање на програмските активности со децата (разни изложби, манифестации, акции, натпревари, литературни средби и средби на децата, награди на конкурси за детски творештва, приредби и друго), а дел се користи за помош на социјално загрозените деца |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

**Б) Материјали**

### *1.Информација за можностите за воведување на нови акредитирани методи за анализа на растенија, растителни производи и храна од неанимално потекло, како педолошки и агрохемиски анализи во Државната фитосанитарна лабораторија, како и потребата од кадровско и просторно доекипирање*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со информацијата Владата на Република Македонија треба да се запознае со можноста за воведување на нови акредитирани методи за анализа на растенија, растителни производи и храна од неанимално потекло, како и педолошки и агрохемиски анализи во Државната фитосанитарна лабораторија, како и потребата од кадровски и просторно доекипирање со Акциски план за нивно спроведување. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со реонизацијата ќе се овозможи поголема биосигурност од болести на растенија и растителни видови, како и поголема безбедност на храна од неживотинско потекло |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

### *2. Информација за процесот на ревизија на стратешкиот документ Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа Информација има за цел да ја информира Владата за текот на проектот финансиран од Европската делегација за: ревизија на стратешкиот документ индустриска политика, изработка на нов ревидиран документ, процесот на воведување систем за мониторинг и евалуација на политиките на претпријатијата, надградба на порталот www.konkurentnost.mk како платформа за информирање на бизнис-секторот и прогресот во компонентата за анализа на кластерските политики и поддршка на кластерските здруженија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Поддршка на домашни претпријатија, зголемување и поддршка за развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност**. Иницијтивата има финансиски импликации:** Ревизијата и изработката на новиот документ, како и другите компоненти се финансирани од проект на ЕУД, а понатамошната имплементација на приоритетните мерки ќе се реализираат од буџетот, ИПА и донаторски средства |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 20 Претпријатија и индустриска политика, Принципи и инструменти на индустриската политика** |
| **Очекувани влијанија :** | Со ревизијата и драфтирањето на новата индустриска политика се овозможува креирање на поволна клима и нови мерки за поддршка и развој на бизнис-секторот. Консултантите освен деталната анализа ќе организираат повеќе работилници на кои ќе бидат поканети претставници од бизнис-секторот и науката, со цел да се дебатира за следните приоритетни мерки, кои ќе бидат дел од ревидираната индустриска политика |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата треба да се обезбедат од Буџет на РМ и донатори |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *3. Извештај за реализацијата на Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2016*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот се подготвува согласно дел IV од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2016, согласно кој Министерството за економија за реализацијата на оваа програма, како и за постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија, заклучно со 31 март 2017 година**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Подобрување на деловното опкружување и креирање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **АП -**Краткорочни приоритети, Поглавје 20: Претпријатија и Индустриска политика: Имлементирање на проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП.<br>**НПАА -**Поглавје 20, Претпријатија и индустриска политика |
| **Очекувани влијанија :** | Имплементација на индустриската политика за зголемена конкурентност на македонската економија која води кон економски раст, развој и иновации, понатамошен раст и развој на малите и средни претпријатија. |
| **Фискални импликации**: | Нема (Согласно Буџетот за 2016 предвидени се средства во вкупен износ од 11.990.000,00 денари (Поддршка и развој на мали и средни претпријатија 8.890.000,00 денари, Имплементација на индустриска политика, 1.500.000,00 денари, Поддршка и развој на кластерско здружување 1.600.000,00 денари ) |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *4. Информација за степенот на реализација на средствата за изградба на спомен - обележјето плоштад „Скедербег“ во Скопје, обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година (јануари-јуни 2017 година)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со развојната програма 4А плоштад „Скендербег“, предвидена во Буџетот на Република Македонија за 2017 година, предвидени се средства со кои треба да продолжи втората фаза на изградбата на спомен - обележјето плоштад „Скендербег“. Заради уредување на намената и начинот на реализација на средствата за 2017 година Владата ја донесе Програмата за користење на средствата за изградба на спомен - обележјето плоштад „Скендербег“ во Скопје, во 2017 година. Со Програмата, Министерството за локална самоуправа е задолжено да доставува извештаи за степенот на реализација на средствата до Владата на Република Македонија, најмалку двапати годишно. Оваа информација е прва по ред за реализација на средствата во 2017 година и се однесува на периодот јануари - јуни 2017 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Економски посилни, развојно-ориентирани и инклузивни единици на локалната самоуправа способни да обезбедат сеопфатен, иновативен и одржлив локален раст и развој |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Позитивни влијанија: Со оваа и другите информациии од овој вид се обезбедуваат редовни сеопфатни информации за Владата за степенот на реализација на средствата обезбедени во Буџетот на Република Македонија за изградба на втората фаза на спомен - обележјето плоштад „Скендербег“, во Скопје (2014-2017). Негативни влијанија: Нема |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за локална самоуправа*** |

## *5. Информација за имплементација на семејната медицина*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Спроведувањето на специјализацијата по **семејна медицина**, произлезе од потребата да се направи усогласување со европската директива по која секој што работи самостојно и донесува одлуки во ПЗЗ мора да има најмалку 3 години последипломска настава. Согласно истото сите лекари кои работат во ПЗЗ мора до 2020 да завршат специјализација по семејна медицина. Досега завршени специјалисти по семејна медицина имаме 251, додека во програма за специјализација се 58 лекари. Со воведувањето на специјализацијата по семејната медицина се задоволува овој критериум т.е. ќе се усогласиме со ЕУ директивите и стандардите за самостојно работење на ниво на примарната здравствена заштита, а ќе се зголеми и квалитетот на здравствената заштита на истото и подобро ќе се искористуваат здравствените ресурси со контролирано движење на пациентите во системот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** Продолжување на реформите, модернизација и унапредување на здравствениот сектор; Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението, |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна. |
| **Очекувани влијанија :** | Иницијативата е всушност материјал од информативен карактер кој ќе има за цел да ја информира Владата за степенот на реализација на спроведените специјализации по семејна медицина. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *6. Информација за специјалистички и супспецијлистички кадри во Република Македонија и специјализации во странство*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со овој проект се обезбедуваат услови за реализација на специјалистички студии од областа на медицината во други земји. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Продолжување на реформите: модернизација и унапредување на здравствениот сектор; Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна. **Иницијативата предизвикува фискални импликации: Буџетски средства се обезбедени преку Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Преку испраќање на нашите доктори да учат специјализација во други земји како што е Србија, Хрватска и Словенија, се овозможува да добиеме едуциран кадар кој веднаш би бил вклучен во здравствениот систем во Република Македонија |
| **Фискални импликации**: | Има |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

**Приоритет :**

***Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија***

## А) Подзаконски акти

### *1.Предлог-уредба за определување трговски друштва и јавни установи и служби од посебно значење на одбраната*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Уредбата е дел од документите од Планот за одбрана на Република Македонија. Се ажурира еднаш годишно доколку има значителни промени во податоците. Уредбата се донесува согласно членот 90 од Законот за одбрана („Сл.весник на РМ“ бр.42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008 и 51/2011) и е составен дел на документите од Планот за одбрана на РМ. Се ажурира еднаш годишно или по потреба доколку настанат значителни промени во податоците содржани во Уредбата |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Ажурирање на планот за одбрана во делот на подготовки за одбрана во субјектите кои согласно Законот за одбрана имаат обврска за продолжување на функциите во војна |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за одбрана*** |

## Б) Материјали

### *1. Извештај од 17-от циклус на Акцискиот план за членство во НАТО*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на Владата на РМ во врска со Извештајот од имплементацијата на 17-от циклус на Акцискиот план за членство во НАТО. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Процес за добивање полноправно членство на РМ во НАТО |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зајакнување и фокусирање на подготовките за достигнување на целите и приоритетите на РМ во поглед на добивањето покана за полноправно членство во НАТО |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за надворешни работи*** |

## 2. Информација за подготовка на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа Информација има за цел информирање на членовите на Владата за подготовките за четиринаесеттиот Поткомитет за трговија, индустрија, царина и оданочување на Комитетот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија, кој ќе се одржи во ноември 2017 година во Брисел**. Забелешка: Во однос на финансиските средства** во однос на патување и сместување во Брисел за учесниците на состанокот (секоја институција ги покрива трошоците за своите вработени). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Исполнување на ССА |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Навремено подготвување за претстојниот состанок со Европската комисија. |
| **Фискални импликации**: | Има |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

## 3. Информација за подготвка на дванаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност помеѓу Република Македонија и ЕУ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација што ќе се одржи во ноември 2017 година во Скопје

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовката на одржување на деветтиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност кој ќе се одржи во Брисел, на кој ќе бидат разгледани следните области: Реформа на правосудство; Анти-корупциска политика; Човекови права; Визна политика и гранично управување; Азил, миграција и реадмисија; Реформа на полиција; Борба против организиран криминал; Перење пари, економски и финансиски криминал; Трговија со луѓе; Борба против тероризам; Превенција од дроги; Судска соработка во кривична и граѓанска материја. Информацијата дава преглед на моменталната состојба и дадените оцени од страна на ЕК по одделните области, отворените прашања, насоки за реализација на одредени прашања, како и ставови кои треба да бидат презентирани на состанокот во однос на постигнатиот напредок. **Забелешка: Во однос на финансиските средства** во однос на патување и сместување за учесниците има патни трошоци и хотелско сместување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Исполнување на ССА |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија. |
| **Фискални импликации**: | Има |

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

## *4. Информација за одржаниот седми состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација во септември 2017 во Скопје*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја информира Владата за одржаниот седми состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација на Комитетот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија кој ќе се одржи во септември 2017 година во Скопје и да се задолжат институциите за исполнување на обврските преземени од состанокот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Исполнување на ССА |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Навремено задолжување и остварување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

## *5. Информација за подготовка на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, помеѓу РМ и ЕУ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација што ќе се одржи во ноември 2017 година во Скопје*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за дневниот ред и подготвителниот материјал врз основа на кој ќе се одвиваат дискусиите, во областите опфатени од Поткомитетот и тоа наука и истражување, образование и култура, социјална политика и вработување и информатичко општетсво и медиуми, како и составот на македонската и делегацијата на ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Исполнување на ССА |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Навремено и квалитетно остварување и одржување на Поткомитетот. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

**Приоритет :**

***Владеење на правото и изградба на независни институции***

## А) Подзаконски акти

### *1.Предлог-акциски план за родова еднаквост 2017-2020*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во член 19 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, се предвидува донесување Акциски план за родова еднаквост за период од 4 години. Основна цел на истиот е ефективно спроведување на стратешките приоритети од Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020. Новиот Акциски план ќе го опфати спроведувањето на стратешки мерки и активности за 2017-2020. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Унапредување на правата на жените и зголемување на нивното учество во политичкиот, економскиот и јавниот живот и внесување на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 19 - Социјална политика и вработување односно 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** |
| **Очекувани влијанија :** | Унапредување на еднаквите можности на жените и мажите пред сè во областа на вработувањето, социјалната сигурност и здравствената заштита, образованието и застапеноста на жените и мажите во јавниот живот; Поддршка за ратификација на принципите за еднаквост, борбата против дискриминацијата, намалувањето на сите форми на нееднаквост, како и почитување и заштита на човековите права; Елиминирање на сите форми на дискриминација и насилство врз жените и девојките во јавни и приватни области, вклучувајќи и трговија со луѓе, сексуална и друг вид експлоатација, усогласување на семејниот со професионалниот живот на жените и мажите; обезбедување целосно и ефективно учество на жените и еднакви можности за лидерство на сите нивоа на донесување одлуки во политичкиот, економскиот и јавниот живот и обезбедување универзален пристап до сексуално и репродуктивно здравје и репродуктивни права и намалување на сиромаштијата |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџет на РМ (МТСП) и преку соработка со меѓународните организации |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

### *2. Предлог-Национална стратегија за развој на културата за период 2018 до 2022 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за култура, Собранието на РМ за период од 5 години, како стратешки документ донесува Националната стратегија за развој на културата. Актуелната Национална стратегија е за период 2013-2017 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | Спроведување културна политика во која клучните вредности се слобода на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите<br><br>/ |
| **Очекувани влијанија :** | Со Националната стратегија за развој на културата за периодот од 2018 до 2022 година ќе се утврдат среднорочните цели и приоритети за развој на културата и ќе се утврдат организациските, финансиските и административните мерки за нивно остварување |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата се обезбедени преку Буџет на РМ (МК) |
| **Предлагач:** | ***Министерство за култура*** |

**Приоритет :**

***Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија***

## А) Подзаконски акти

### *1.Предлог-правилник за утврдување на начинот и условите за запишување на учениците со посебни образовни потреби во основните училишта во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Потребата од донесување на ваков Правилник е со истиот да се овозможи децата кои се со лесна психичка попреченост, задолжително да се запишуваат во редовните училишта. Ова е прв чекор кон инклузија на децата со посебни потреби во редовното образование и еднаков пристап кон сите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **19 Социјална политика и вработување; 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** |
| **Очекувани влијанија :** | Усвојување на Правилникот и овозможување еднаков пристап до образование на децата со лесна психичка попреченост |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет :**

## *Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните*

**Б) Материјали**

### *1.Информација за усогласување на пензиите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Ќе се анализира постојниот законски ситем на усогласување на пензиите со предлог-решенија за начинот на усогласување на пензиите на среден рок. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита, зголемување на капацитетите соодветно на потребите на граѓаните на Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Обезбедување социјална сигурност на пензионерите преку одржлива исплата на пензиите |
| **Фискални импликации**: | Има, точниот износ на средствата во моментов не можат да се проценат |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

### *2.Информација за подготвениот петти Извештај за имплементација на ревидираната Европска социјална повелба на Советот на Европа*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Ревидираната Европска социјална повелба (РЕСП) претставува еден од основните документи на Советот на Европа кој ги штити социјалните, економските, човекови права и слободи. Со ратификувањето на РЕСП Република Македонија се обврза на почитување и имплементирање на правата содржани во неа. Поради тоа секоја година Министерството за труд и социјална политика во координација со други министерства и институции, подготвува извештаи кон имплементацијата на РЕСП, кои по усвојувањето од страна на Владата на РМ, се доставуваат до генералниот секретар на Советот на Европа. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Имање увид во имплементирање на правата од ревидираната Европска социјална повелба, како еден од најважните документи на Советот на Европа кои ги регулираат и унапредуваат социјалните и економските човекови права |

| | |
|---|---|
| | на граѓаните, се придонесува кон спроведување на реформите кои се во насока на интегративните процеси на Република Македонија |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

### *3. Иницијатива за формирање на Националното координативно тело за следење на Стратегијата за еднаквост и недискриминација во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Потребата од формирање на вакво тело е од особено значење во насока на унапредување на координацијата, воспоставување на следење на работата на владините институции и меѓусебна соработка со невладиниот сектор во областа на недискриминацијата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање, штитење на хуманата полулациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **19 Социјална политика и вработување; 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** |
| **Очекувани влијанија :** | Воспоставен систем на координација во областа за постигнување на поефикасно спречување и заштита од дискриминација |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

**Приоритет :**

## *Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија*

### А) Подзаконски акти

### *1.Предлог-правилник за утврдување на начинот и условите за запишување на учениците со посебни образовни потреби во основните училишта во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Потребата од донесување ваков Правилник е со истиот да се овозможи децата кои се со лесна психичка попреченост, задолжително да се запишуваат во редовните училишта. Ова е прв чекор кон инклузија на децата со посебни |

| | |
|---|---|
| | потреби во редовното образование и еднаков пристап кон сите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **19 Социјална политика и вработување; 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** |
| **Очекувани влијанија :** | Усвојување на Правилникот и овозможување еднаков пристап до образование на децата со лесна психичка попреченост |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ*

**Приоритет :**

### *Република Македонија-членка на НАТО и Европската Унија*

## Б) Материјали

### *1.Спроведување функционална анализа (хоризонтална) во институциите на државната управа на државната управа на централно ниво*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр 27/2014, 199/2014 и 27/2016) институциите во јавниот сектор се должни актите за внатрешна организација и систематизација на работните места да ги донесат врз основа на спроведена функционална анализа. Како резултат на оваа новина во законот , МИОА со поддршка на Мисијата на OBSE во Скопје во текот на 2015 /16 година од страна на ENAIP (Ente Nazionale ACLI Istruzione Profesionale), Милано-Италија беа сертифицирани 12 административни службеници-практичари за спроведување на функционалната анализа. Сепак капацитетите и знаењата на администрацијата во целина за спроведување на функционалната анализа не се доволни и институциите постојано бараат помош од МИОА заради спроведување на функционалната анализа како една од законските обврски.<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Спроведување на функционалната анализа ќе обезбеди унапредување на процесот на внатрешна организација на институциите соодветно на нивните основни надлежности, ќе ги потенцира надлежноста и улогата на институциите |

| | |
|---|---|
| | на државната управа кои се наоѓаат и ќе овозможи ефективно и ефикасно искористување на ресурсите во насока на остварување на клучните функции на институцијата |
| **Фискални импликации**: | Има. Иницијативата ќе биде поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје |
| **Предлагач:** | ***Министерство за информатичко општество и администрација*** |

# НОЕМВРИ

## *ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ*

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

### А) Подзаконски акти

| ***1.Предлог-проект за изработка на софтверско решение за распределба на ЕКМТ*** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за транспорт и врски почнувајќи од 2006 година спроведува распределба на ЕКМТ дозволите по електронски пат. Во наредните години извршено е надградување на првичниот софтвер согласно потребите за издавање на транспортните дозволи, законските измени, евиденцијата на превозниците итн. Во Министерството за транспорт и врски се појави потреба за обезбедување нов софтвер за истата намена, распределба на ЕКМТ дозволите и поединечните транспортни дозволи, кој ќе ги задоволи потребите на Министерството во најкраток можен рок да им излезе во пресрет на барањата на превозниците**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Поедноставување на процедурата за распределба на ЕКМТ дозволите и поединечните транспортни дозволи |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Од новиот софтвер се очекува да ги исполнува сите потреби за евиденција на превозниците, извештаи по различни основи потребни за спроведување на статистики во министерството од областа на транспортот и евидентирање на поединечните транспортни дозволи. Обезбедување на сите потребни услови за едноставно и транспарентно спроведување на процесот за распределба на ЕКМТ дозволите, континуирано и без пречки, за секојдневно издавање на поединечните транспортни дозволи. Со ова ќе се обезбеди задоволување на потребите на превозниците со потребните дозволи |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации**: | Има, средствата за изработка на софтверско решение ќе се побараат од Буџетот на РМ за 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *2. Меморандум за соработка помеѓу Република Македонија и членките на Blue Med Fab*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Набљудувачкиот статус во Blue Med Fab ќе биде од голема помош и реална поддршка за воздухопловната власт на Република Македонија, како земја подготвена да ги имплементира највисоките безбедносни стандарди во воздухопловството. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Набљудување на административно – оперативните процеси на дефинирање на документите и функционирањето на функционалниот воздушен облак**;** Имплементирање на највисоките стандарди во воздухопловството |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Агенцијата за цивилно воздухопловство и давателот на услуги М-НАВ би имале можност одблиску да ги набљудуваат административно – оперативните процеси на дефинирање на документите и функционирање на FAB-от |
| **Фискални импликации**: | |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски***<br>*АЦВ/М-НАВ* |

## *3. Предлог-програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година ќе се делува на унапредувањето на конкурентноста на деловните субјекти преку финансиска поддршка во создавање производи и услуги кои ќе ги задоволат строгите критериуми на странските пазари и ќе обезбедат приближување кон стандардите на ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Подобрување на деловното опкружување и креирање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси<br><br>**АП-Краткорочни приоритети, Поглавје 20:** Претпријатија и Индустриска политика: Имлементирање проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП. |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НПАА -Поглавје 20, Претпријатија и индустриска политика** |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на конкурентноста на македонската економија, економски раст, развој и иновации, понатамошен раст и развој на МСП и кластерското здружување |
| **Фискални импликации**: | Има, Во рамки на одобрените средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година. Согласно предлог-буџетот за 2018 година предвидени се средства во вкупен износ од 17.000.000,00 денари (Поддршка и развој на мали и средни претпријатија 10.000.000,00 денари, Имплементација на индустриска политика 4.000000,00 денари, Поддршка и развој на кластерско здружување 3.000.000,00 денари ) |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *4. Предлог-стратегија за женско претприемништво за периодот 2016-2020 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Изготвувањето на Стратегија за женско претприемништво за периодот 2016-2020 година ќе претставува рамка за развој и поддршка на женското претпреимништво преку конкретни мерки. Воедно стратегијата ќе биде во согласност со принципите на ЕУ кои имаат за цел поддршка и економско јакнење на жените и поттикнување на претприемнички дух**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Подобрување на деловното опкружување и креирање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси<br><br>**АП-Краткорочни приоритети, Поглавје 20: Претпријатија и Индустриска политика:** Имлементирање проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НПАА -Поглавје 20, Претпријатија и индустриска политика** |
| **Очекувани влијанија :** | Стратегијата за женско претприемништво ќе овозможи креирање на потребни политики за развој на женското претприемништво, а со овој документ ќе се канализираат, односно ќе се одреди кој точно би предвидел конкретни активности, рокови, буџет за поддршка на женското претприемништво, како и систематско следење односно мониторинг на нивната реализација. |
| **Фискални импликации**: | Нема, (За изработка на Стратегијата за женско претприемништво, обезбедена е помош од GTF-Gender Task Force- Innitiative for sustainable growth) |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## Б) Материјали

### *1. Годишен извештај за спроведување на мерките/проекциите за редукција на емисиите со финансиски импликации за спроведување на планот за модернизација/десулфуризација на РЕК Битола и РЕК Осломеј*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата се предлага согласно обврските кои произлегуваат од Договорот за енергетика потпишан меѓу Република Македонија и Енергетската заедница, а се однесува на спроведување на Директивата 2000/80/ЕС согласно Одлука 2013/05/Mc-EnC и заради следење на спроведувањето на усвоениот Национален план за намалување на емисиите во воздухот од големите согорувачки инсталации во Република Македонија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Намалување на емисиите на сулфур диоксид (SO2), азот оксиди (NOx) и прашина во воздухот од големите согорувачки инсталации. |
| **Фискални импликации**: | Има, потребните финансиски средства треба да се обезбедат од АД ЕЛЕМ во соработка со Министерството за финансии |
| **Предлагач:** | ***Министерство за животна средина и просторно планирање*** |

### *2.Информација за имплементација на подзаконските акти од областа на квалитет на млеко (вкупен број на бактерии и број на соматски клетки) и SEUROP стандардите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Можноста на имплементација на подзаконските акти за квалитет на млеко и месо, негови проблеми при имплементација и фискални потреби за негово спроведување. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемен квалитет на конзумно млеко, како и SEUROP класификација на месото |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*** |

## *3.Информација за имплементирани активности за решавање на проблемот со нерегистрирани лица во матична книга на родени во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во Република Македонија има одреден број на лица кои не се евидентирани во матичната книга на родени и не можат да ги остварат своите со Закон загарантирани права. Со Министерството за правда, Управата за водење на матични книги, МВР, МНР, МОН, МЗ се прават обиди да се реши овој проблем на терен, но не се постигнуваат задоволителни резултати. Потребно е да се пристапи кон измена на три Закони (Закон за вонпарнична постапка, Закон за матична евиденција и Закон за семејство). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување** |
| **Очекувани влијанија :** | Да се сведе на минимум или да нема воопшто граѓани кои не се евидентирани во матичната книга за евиденција во Република Македонија. Да може секој граѓанин да си извади свои лични потребни документи за идентификација |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *4. Информација за реализирани активности за унапредување на оралното здравје на деца до 14 годишна возраст преку воспоставен систем на Јавна стоматолошка здравствена заштита во здравствените домови согласно Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај децата до 14 години во Република Македонија 2008-2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата е всушност материјал од информативен карактер кој ќе има за цел да ја информира Владата за степенот на реализација на спроведените превентивни активности за унапредување на оралното здравје кај децата до 14 години по спроведувањето на Акцискиот план за учебната **2016/2017 година. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Намалувањето на вредностите КЕП индексот кај 12 годишни деца за 40% после 5 години од имплементацијата на превентивните активности од Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај децата до 14 год. во РМ 2008-2018 година |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации**: | Нема, материјалот е од информативен карактер |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

**Приоритет :**

***Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија***

**А) Подзаконски акти**

### *1. Предлог-одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во Предлог-одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2018 година целосно ќе се транспонира Регулативата на Комисијата (ЕУ) со која ќе се менува Комбинираната номенклатура на ЕУ за 2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Усогласување со ЕУ регулативата. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Одлуката е дел од НППА Програмата** |
| **Очекувани влијанија :** | Усогласување со ЕУ Регулативи |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии***<br>*-Царинска управа* |

### *2. Предлог-одлука за стратешко партнерство со компании во областа на информатичката безбедност и криптозаштитата*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Армијата на Република Македонија од доменот на криптозаштитата (КЗ) и информатичката безбедност набавува опрема и прифаќа решенија од различни добавувачи, што претставува проблем во интеграцијата со постоечките и тековното одржување на истите. Врз основа на член 25, 29, 41 и 47 од Уредбата на Владата на РМ за организација и функционирање на криптозаштита во РМ („ДТ" бр.15/1 од 24.8.1995 година) се предвидува стратешко партнерство во доменот на КЗ и информатичката безбедност. АРМ користи средства и опрема за КЗ од производител за кои Советот за КЗ како највисоко тело на Владата за управување со единствениот систем за КЗ во РМ има дадено согласност за набавка на средства за КЗ од соодветен производител (Cripto AG) пред повеќе од 15 (петнаесет) години. Со оглед на фактот и со брзиот напредок на оваа |

| | |
|---|---|
| | технологија и се поголемата и различна понуда на пазарот, од една страна немањето можност за набавка на опрема за К3 од други производители (немање одлука од Советот за К3) се појавува реална потреба за склучување на стратешкото партнерство. Овој вид опрема е од чувствителен карактер и доколку нема гаранции од највисоко државно ниво со склучен Меморандум за меѓусебни права и обврски, ретко која компанија нуди единствено (кастимизирано) решение и дедициран алгоритам. Актуелната законска и подзаконска регулатива која го уредува ова подрачје наложува норми за заштита на процесирањето на класифицирани информации со степен на класификација „Доверливо“ и повисоко кои треба да се базираат на сопствен алгоритам, а не на комерцијално решение. Користењето средства и опрема од еден производител (доколку дојде до компромитирање на еден сегмент, се компромитира целиот систем) што повторно е во спротивност на базичните безбедносни норми и принципи. Следствено на претходно споменатото, производителот познавајќи го фактот дека е единствено присутен со своите производи во АРМ односно одбраната и потребата од компатибилност на средствата што би се планирале за набавка во иднина, настапува со нереални цени на чинење на системите за заштита кои неколку кратно се повисоки од понудени слични решенија од други производители |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на заштитата на системите за пренос на класифицирани информации; Намалување на безбедносните ризици при изработка, чување и процесирање на класифицираните информации преку информациските системи во сите владини институции во РМ; Реални цени од страна на стратешките партнери |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство з а одбрана*** |

## Б) Материјали

### *1. Информација за програмирање Инструмент на претпристапна поддршка за период 2014 – 2020*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Презентација на основни информации во врска со програмирањето инструмент за претпристапна поддршка на ЕУ за Република Македонија 2014-2020 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за евроспки прашања*** |

## ***2.Информација за поддршка на другите државни институции (во случај на природни и други катастрофи)***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Врз основа на мисијата на Армијата на Република Македонија, во последните три години АРМ ангажираше одредени капацитети со кои активно учествуваше во операции за поддршка: На силите на МВР во справување со закани, ризици и опасности по безбедноста на Република Македонија, а кои надминуваат нивните способности и капацитети, како и справување со кризната состојба со мигранти на јужната и северната граница на Република Македонија; На државни институции, единици на локалната самоуправа и други субјекти и институции во справување со поплави и пожари на цела територија на Република Македонија. Во извршувањето на сите поставени задачи за време на ангажирање на АРМ во кризна состојба се потрошени огромни финансиски средства од Буџетот на МО/АРМ при што во голема мера е нарушено редовното функционирање на АРМ. Постои проблем во врска со планираните финансиски средства од Програмата 2 за АРМ (Потпрограма 20-Функционирање на АРМ) кои ни малку не ги покриваат трошоците кои се направени во однос на ангажирањето на АРМ во услови на кризна состојба. Со цел брзо и ефикасно ангажирање на АРМ при извршување на задачи во кризна состојба мора да се обезбедат механизми со кои ќе се реши дополнително финансирање на АРМ, односно истото треба да се определи со соодветен процент на буџетските дополнителни средства за АРМ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со воспоставување на систем кој ќе гарантира реално и сигурно буџетирање на одбраната, каде АРМ ќе може да извршува операции за поддршка на државни институции, единици на локалната самоуправа и други субјекти и институции во случај на кризна состојба, а при тоа редовното функционирање на АРМ да не биде доведено во прашање, додека Владата на РМ ќе располага со соодветни капацитети на АРМ опремени и оспособени за брза реакција и ангажирање како сили за асистенција на државните институции во случај на кризна и вонредна состојба во Република Македонија. Ангажирање одредени капацитети на АРМ за активно учество во операции за поддршка на МВР, државни институции, единици на локалната самоуправа и други субјекти и институции во случај на кризна состојба |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата треба да бидат обезбедени од Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за одбрана*** |

## 3. *Информација за одржување и зголемување на борбената готовност*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Борбената готовност на АРМ е базирана на состојбата на персоналот, обуката и опремата и истата мора да се одржува на рамниште кое ќе гарантира успешно извршување на мисиите на единиците. На борбената готовност се влијае во потполност со персонал, квалитет на обуката и пополнетост со опремата на командите и единиците на АРМ. АРМ има развиено посебен систем кој овозможува одржување и зголемување на борбената готовност, односно се изработени и ставени во функција соодветни упатства со кои се дефинирани постапки и е развиена соодветна методологија за следење, анализа, контрола, проверка и оценување на борбената готовност. Во изминатиов период одржувањето на вооружувањето и воената опрема, борбените и неборбените возила со кои се пополнети единиците на АРМ не се вршеше соодветно поради недостиг на финансиски средства и истото негативно влијае на мобилноста на единиците на АРМ и на нивната ефикасност за извршување на задачите. Со стратешките документи на Република Македонија беше определен соодветен процент на Буџетски средства за одбраната, но истото не е испочитувано, односно спротивно на тоа што е вршено е континуирано намалување на буџетските средства за одбраната и истото во изминатиов период негативно влијаеше на борбената готовност на АРМ во сите области (персонал, опрема, обука). Во овие услови АРМ немаше можност да преземе какви било мерки со кои ќе ја зголени борбената готовност туку преземаше мерки само за одржување на борбената готовност на потребно рамниште (на минимално ниво). Постои проблем, иако редовно се планираат финансиски средства за одржување на борбената готовност и истите континуирано се намалуваат што има негативно влијание на борбената готовност. За да се обезбеди соодветен статус на борбената готовност на АРМ мора да се обезбедат механизми со кои ќе се реши финансирањето на АРМ, односно истото треба да биде определено со стратешките документи на РМ и со Законите така што ќе се определи соодветен процент на буџетските средства за одбраната во согласност со преземените обврски на Република Македонија за членство во НАТО. Определениот процент на буџетските средства за одбраната мора да се почитува при донесување на Буџетот на РМ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со воспоставување на ситем кој ќе гарантира реално и сигурно буџетирање на одбраната, АРМ ќе може да ја одржува и зголемува борбената готовност на своите капацитети со што ќе се остварат стратешките приоритети на Владата на РМ за членство во НАТО и ЕУ, а Владата на РМ ќе располага со соодветни капацитети на АРМ опремени и оспособени за брза реакција и ангажирање сили за асистенција на државните институции во случај на кризна и вонредна состојба во РМ |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата треба да бидат обезбедени од Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за одбрана*** |

**Приоритет :**

***Владеење на правото и изградба на независни институции***

**Б) Материјали**

| | |
|---|---|
| ***1. Информација за збогатување на културната понуда на лицата со посебни потреби*** | |
| **Образложение:** | Збогатување на културната понуда на лицата со посебни потреби, поаѓајќи од начелото на рамноправна положба на сите граѓани и корисници на културните добра на РМ, а Министерството за култура доследно да го имплементира граѓанскиот концепт во културата. Правото на култура во однос на оваа категорија граѓани, Министерството го развива во два сегменти: достапност до културните вредности преку обезбедување технички пристапи до културните вредности преку обезбедување технички пристапи до културните настани и создавање предуслови за развој на нивното творештво преку развивање програми и проекти. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Правото на култура во однос на оваа категорија граѓани, Министерството го развива преку: достапност до културните вредности преку обезбедување технички пристапи до културните настани и создавање предуслови за развој на нивното творештво преку развивање програми и проекти |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата се планирани во Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за култура*** |

| | |
|---|---|
| ***2. Информација за стимулативни мерки*** | |
| **Образложение:** | Стимулирањето на домашното уметничко творештво е еден од врвните приоритети на Министерството за култура и затоа континуирано спроведува конкурси за откуп на дела од домашни автори и уметници во сите дејности од областа на културата. Со овие откупи се придонесува за збогатување на фондот на национални дела, а од друга страна пошироката публика има можност да се запознае со актуелниот македонски творечки опус. Овие стимулативни мерки т.е конкурси за откупи е предвидено да се реализираат секоја година. Тие се спроведуваат во сите дејности од областа на културата и тоа: Визуелни уметности преку откуп на ликовни дела и скулптури од галериски формат; Музичко сценска дејност преку откуп на музички дела за различни формации и поддршка за создавање 150 композиции од областа на забавната и на народната музика и 50 детски композии; Драмска уметност преку откуп на драмски текстови; Издавачка дејност преку откуп на самостојно реализирани публикации, како и финасирање преводи на странски издавачи на |

| | |
|---|---|
| | репрезентативни и квалитетни дела од македонската книжевност на странски јазици**.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Со овие откупи се придонесува за збогатување на фондот на национални дела, а од друга страна пошироката публика има можност да се запознае со актуелниот македонски опус |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата се планирани во Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за култура*** |

## *3.Информација за развивање навики за културна перцепција кај децата*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Развивање навики за културна перцепција кај децата. Проектот предвидува реализација на циклуси на програмски содржини од сите уметнички дејности наменети за децата и младинци. Проектите се дел од програмите од национален интерес на Министерството и имаат едукативна и воспитна функција. Целта е истите да влијаат врз перцепцијата на младата публика со афинитети за учество во културниот живот**.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Проектите се дел од програмите од национален интерес на Министерството за култура и имаат едукативна и воспитна функција. |
| **Фискални импликации**: | Има, потребно е да се предвидат средствата во Буџетот за 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за култура*** |

## *4.Информација за примената на законот за медијација*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со информацијата ќе се прикажат резултатите од спроведувањето на новиот Закон за медијација, спроведувањето на испитот на медијатори, бројот на медијатори, бројот на медијации, бројот на субвенционирани медијации од државата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** создавање ефикасен систем за заштита и почитување на човековите права и слободи и нивна заштита |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Проценка на резултатите на ново креираниот модел на медијација и зголемување на примената на медијацијата како алтернативен, брз и ефикасен начин на решавање на спорните односи помеѓу страните |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

**Приоритет :**

***Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија***

**А) Подзаконски акти**

### *1. Предлог-проект „Изградба на податочен центар во Генералниот секретаријат на Влада на Република Македонија“*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со изградба на податочен центар ќе биде подобрена ефикасноста и ефективноста во користење на информациско - комуникациска технологија, информациска безбедност и висока достапност на сервисите на Генералниот секретаријат на Влада на Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Изградба на податочен центар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје: 3.10: Информациско општество и медиуми; Подрачје 3.10.2: Услуги на информатичко општество** |
| **Очекувани влијанија :** | Со предлог-проектот ќе се обезбеди потребно ниво на безбедноста на податоците, како и висока достапност на ИКТ сервисите што ги обезбедува Генералниот секретаријат |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата треба да бидат обезбедени од Буџетот на Владата на РМ |
| **Предлагач:** | ***Генерален секретаријат на Влада на Република Македонија*** |

## *ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ*

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

**Б) Материјали**

### *1. Информација за процесот на деинституционализација на лица со попреченост во менталниот развој*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита, зголемување на капацитетите соодветно на потребите на граѓаните на Република Македонија; Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 Социјална инклузија** |
| **Очекувани влијанија :** | Обезбедување одржливост на функционирањето на постоечките 17 станбени единици за организирано живеење со поддршка за најмалку 81 корисник; Изготвување анализа на состојбата, оценката на имплементација на социјалната заштита (2008-2018) и на клучните институции опфатени со стратегијата; Ревидирање на стратегијата и развој на Акцискиот план со потребни средства за нова реализација; Утврдување на клучните предизвици и потребните реформи во согласност со насоките на ЕУ; Утврдување и проценка на 8 локации во соработка со МТСП, локалните власти и граѓанскиот сектор во насока на формирање нови услуги за организирано живеење со поддршката во заедницата; Проценка на потребите од обука и градење на капацитетите на НВО како потенцијални даватели на услугите на грижа во заедницата и Препораки за адаптација и модернизација/реновирање на потенцијалните локации, која понатаму би се финансирала со грант поддршка од ИПА програмата |
| **Фискални импликации**: | Има, за постоечките станбени единици за организирано живеење со поддршка за лицата со попреченост во менталниот развој, средствата се обезбедени од Буџетот на МТСП; За активностите поврзани со ревидирање на Националната стратегија за деинстируционализација, средствата се обезбедени од грант од ИПА програмата |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

# ДЕКЕМВРИ

***ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ***

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

**А) Подзаконски акти**

***1. Предлог-стратегија за дигитална дипломатија и нејзина имплементација на ниво на институции во Република Македонија***

**Образложение:** Унифициран пристап во промоцијата на активностите на Република Македонија насочени кон промоција на меѓународната сцена, преку меѓуинституционална соработка и ангажман на Дипломатско – конзуларните претставништва на Република Македонија во странство. Со донесување на стратегијата за дигитална дипломатија и нејзина имплементација на ниво на институции во РМ ќе се овозможи инвестирање во промоцијата на Република Македонија преку сите достапни онлајн алатки (политика, економија, култура, здравство...). Тоа ќе придонесе до јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и интензивирање на промоцијата на активностите на РМ во таа насока, во неколку области, дефинирани во горенаведената одлука на ВРМ како стратешки приоритетни цели и тоа: Придонес во заштитата на виталните државни и национални интереси; Придонес во афирмацијата на местото и улогата на РМ во меѓународната и регионалната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план; Придонес во олеснувањето на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување договори за слободна трговија за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги и идентификување и намалување на бариерите во трговијата во рамките на склучените договори; Придонес во натамошна афирмација на РМ во странство како атрактивна дестинација за привлекување странски инвестиции; Придонес во промоцијата на спроведувањето активни политики за вработување и намалување на структурната невработеност на работната сила на пазарот на трудот; Придонес во зголемувањето на инвестициите во истражување и развојна функција на јакнење на капацитетите за иновативност; Придонес во зголемувањето на туристичката понуда и градењето препознатлив туристички имиџ, со воведување светски

| | |
|---|---|
| | стандарди во туристичко-угостителските услуги; Промоција на придонесот во меѓународните операции на ООН, НАТО и ЕУ, како дел од заедничката безбедносна и одбранбена политика итн. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на сликата за состојбите, плановите, активностите, приоритетите на Република Македонија во насока на имплементација на стратешките цели и приоритети на надворешната политика |
| **Фискални импликации**: | Има, потребните средства за реализација на оваа стратегија потребно е да се обезбедат од Буџетот на РМ, имајќи го предвид како главен ресурс за креирање и имплементација човечкиот фактор |
| **Предлагач:** | ***Министерство за надворешни работи*** |

## *2. Предлог-проект за презентација на македонските извозно-ориентирани компании и туристички капацитети пред дипломатскиот кор во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со оглед на динамиката на развојот на македонските извозно-ориентирани компании и туристички капацитети, како и родовата промена на составот на претставниците на Дипломатскиот кор во Република Македонија е неопходна активност и воедно е проект кој ќе овозможи максимално користење на присуството на Дипломатскиот кор во РМ во функција на поддршка и афирмација на активностите за економска промоција на Македонија. Проектот за презентација на македонските извозно-ориентирани компании и туристички капацитети пред дипломатскиот кор во Република Македонија би се спроведувал во континуитет на одредени временски периоди и преку него би биле презентирани капацитетите на Македонија во секоја од нејзините општини. Во рамките на проектот би биле вклучени и други релевантни институции на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Унапредување на соработката со дипломатскиот кор во Република Македонија; Нивно конкретно запознавање со најновите состојби врзани за македонските капацитети пред дипломатскиот во разни области (производствени ресурси, разновидниот туризам и култура); Преку информациите што странските дипломати ќе ги доставуваат во своите земји ќе се постигне квалитетно и навремено информирање за најновиот развој на капацитетите на Република Македонија; Проектот ќе претставува подлога и за идентификување нови можности во натамошна соработка со дипломатскиот кор; Проектот ќе придонесе за зајакната координација на меѓунационално ниво во Република Македонија. |

**Фискални импликации**: Има, фискалните импликации кои ќе произлезат ќе треба да бидат покриени од институциите кои ќе бидат инволвирани во реализација на состанокот

**Предлагач:** ***Министерство за надворешни работи***

### *3. Предлог-програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери со пензија пониска од просечната во Република Македонија за 2018 година*

**Образложение:** Обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за лица со пензија пониска од просечната во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна

**НПАА - поглавје и подрачје** /

**Очекувани влијанија :** Иницијативата е всушност материјал за информативен карактер кој ќе има за цел да ја информира Владата на Република Македонија за степенот на реализација на активностите за следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите, како и обезбедување услови за лекување на пензионерите во болничките здравствени установи во Република Македонија.

**Фискални импликации**: Нема

**Предлагач:** ***Министерство за здравство***

### *4. Предлог-одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност во 2018 година*

**Образложение:** Со Одлуката се утврдува максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност кои Министерството за финансии ќе ги издаде во 2018 година во име на Република Македонија, а со цел за обезбедување парични средства за финансирање на буџетските потреби на државата во 2018 година, заради развој и одржување ефикасни домашни финансиски пазари. Обврската за донесување на годишна одлука произлегува од Законот за јавен долг. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење.

**НПАА - поглавје и подрачје** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Обезбедување парични средства кои се неопходни за финансирање на буџетските потреби во 2018 година и натамошен раст и развој на примарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија |
| **Фискални импликации**: | Има, иницијативата предизвикука финансиски импликации во вид на исплата на камата и главница од државните хартии од вредност кои ќе се издадат во 2018 година. Паричните средства потребни за редовна и навремена исплата на обврските кои произлегуваат од издадените државни хартии од вредност ќе се предвидат во Буџетот во 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *5. Предлог-програма за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2018*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со оваа програма се обезбедуваат услови за континуирана доедукација на лекарите согласно Законот за медицинските студии и континуирано стручно усовршување на докторите на медицина, како и стручно оспособување и усовршување на лекари за работа со нова современа медицинска опрема, како и обезбедување услови за кофинансирање специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени и специјализација на доктори од ЈЗУ во странство**. Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** Продолжување на реформите, модернизација и унапредување на здравствениот сектор; Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението, Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НПАА: Поглавје 1 (Слободно движење на стоки); Поглавје 28 ( Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија :** | Надградување на своето знаење со цел давање поквалитетни здравствени услуги за пациентите. Воведување на 100 нови методи-интервенции за институцијата во која работат, воведување нова метода за самиот лекар се со цел за искористување на новата опрема и обезбедување дополнителни поквалитетни услуги и обезбедување соодветен едукативен престој на медицинскиот персонал во странство. Со оваа програма исто така ќе се обезбедат соодветни специјалистички кадри за населението на примарно и секундарно ниво во регионите каде што има недостаток од истите. |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *6. Предлог-програма за лекување ретки болести во Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Националната Програма за лекување ретки болести има за цел лековите за ретки, орфански болести да станат достапни за граѓаните, навремено и подеднакво за сите, со оглед дека лекувањето на овие случаи кои доживотно ја примаат потребната терапија и лекарства, а се откриваат во детска возраст и преживувањето зависи од навремено поставената дијагноза и обезбедената терапија. Лековите кои се потребни за овие болести најчесто не се на позитивната листа на лекови**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Раната дијагноза на ваквите болести, кои често се од генетско потекло е најдобра гаранција за ефикасно лекување од аспект на терапија и трошоци. Терапиите често не се куративни, туку обично нудат од ограничена до екстензивна симптоматска поддршка. Целта на реализација на оваа програма е целосна грижа за спроведување на мерките и активностите предвидени во Програмата, со оглед дека лекувањето на овие лица претставува посебен проблем заради неможноста на фамилиите да ги обезбедат потребните финансиски средства на лицата заболени од овие ретки болести. |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *7. Предлог-програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Крводарителството има нагласено општествено значење и претставува дејност од општ интерес за Републиката. Без потребните количества на крв и крвни продукти не е можно да се обезбеди современа и квалитетна здравствена заштита. Во програмата се содржани мерки и активности за организирање и спроведување крводарителски акции, изготвување здравствено-воспитни пропагандни материјали, мотивациски средства за крводарителите, надоместок на трошоци за организирање на крводарителски акции за општинските организации на Црвениот крст по единица крв, одредени активности на Републичкиот завод за трансфузиологија и партиципација при користење здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања. **Основна определба е да се најде начин и механизми за обезбедување сигурна и здрава крв преку квалитетно реализирање на програмата за крводарителство и нејзино редовно финансирање.** На тој начин ќе се обезбедат услови за нормално функционирање на Црвениот крст на Република Македонија при реализација на активностите планирани со програмата за |

| | |
|---|---|
| | крводарителство и покривање на направените трошоци. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Програмата ќе овозможи континуитет на активностите кои државата ги презема за обезбедување доволни количини крв во државата, ќе се овозможи навремена и квалитетна здравствена заштита при интервенции за кои е потребна крв и спасување на многу животи. |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *8. Предлог-програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Програмата се обезбедуваат услови за зачувување и унапредување на здравјето на сите деца од училишна возраст и студентите преку превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушување на здравјето. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели: Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Опфаќање на сите ученици од 1, 3, 5 и 7 одделение и 1, 3 година средно и 1 –ва година студенти преку спроведување превентивни систематски прегледи (тежина, висина, вид, лабораторија, крв и урина) на учениците, средношколците и студентите. |
| **Фискални импликации**: | Има,Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *9. Предлог-програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Програмата се обезбедуваат услови за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Обезбедување здравствено осигурување на сите државјани во РМ |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *10. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во програмата се содржани мерки и активности на болничко лекување на лица со изречена од надлежен суд мерка „задолжително лекување и чување“, лекување на пациентите во Центрите за ментално здравје (дневни болници), промотивни активности за астигматизација на ментално болните пациенти и отворање нови Центри за ментално здравје: обезбедување здравствена заштита и згрижување на пациентите кои се со од надлежен суд изречена мерка „задолжително лекување и чување“; обезбедување здравствена заштита на близу 700 пациенти кои се лекуваат во Центрите за ментално здравје низ државата; развивање различни форми на вонинституционално и вонболничко лекување; подобрување на системот за брзо препознавање на депресијата кај младата и средовечна популација и преземање мерки за намалување на стапката на самоубиства во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Програмата ќе овозможи навремено згрижување и лекување на лица со изречана од надлежен суд мерка „задолжително лекување и чување“, лекување на лицата во Центрите за ментално здравје (партиципацијата), промотивни активности за астигматизација на ментално болните пациенти и отварање нови Центри за ментално здравје, како и помош на лицата со депресивни епизоди |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |

**Предлагач:** ***Министерство за здравство***

## *11. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија за 2018 година*

**Образложение:** Основна цел на програмата е вклучување на што поголем број лица зависни од дроги во програмите за лекување со супституциона метадонска терапија и терапија со бупренорфин, со што ќе се намали употребата на илегални дроги, смртноста од предозирање, честотата на инјектирање, употребата на нестерилен прибор за инјектирање, ширење инфекции со ХИВ/Хепатит Б и Ц и ќе се намалат криминалните активности. Ефикасноста на супституционата терапија на одржување со метадон се состои и во подобрување на квалитетот на животот, здравјето, можноста за вработување, социјалното функционирање и физичкото (телесното) функционирање. Во Програмата се содржани мерки и активности за лекување во дневни болници и болничко лекување на зависници од алкохол и дрога од над 30 до 90 дена и зависници-судски случаи, како и обезбедување метадон за 1200 лица и бупренорфин за 230 лица со болести на зависности. Доколку не се спроведат активностите предвидени со Програмата, постои опасност овие лица да останат незгрижени, без терапија и со своето однесување да го загрозат интегритетот на останатите лица во државата. Со програмата се опфатени и лекови за лицата со зависности кои до сега беа обезбедувани од Глобалниот фонд**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна

**НПАА - поглавје и подрачје** /

**Очекувани влијанија :** Напредок во однос на намалување на листите на чекање преку отворање нови служби за превенција и третман од злоупотреба на droги и вклучување на што поголем број лица зависни од дроги во програмите за лекување со супституциона метадонска терапија и терапија со бупренорфин. Со овие мерки, ќе се овозможи: постигнување апстиненција, намалување на зачестеноста и острината на рецидивите, намалување на морбидитетот и на морталитетот предизвикани со злоупотреба на незаконската опојна дрога или како последица од тоа, особено ризикот од ХИВ, хепатитис Б и Ц и други по крвен пат преносливи болести од инјектирање со нестерилна опрема, подобрување на физичкото и психолошкото здравје, намалување на криминалното однесување, обезбедување финансиски средства за злоупотреба на дрога, овозможување и поддршка за реинтеграција на работното место и во системот на образованието и унапредување на социјалното функционирање.

**Фискални импликации**: Има, Буџет на РМ

**Предлагач:** ***Министерство за здравство***

## *12. Предлог-програма за испитување на појавата, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај населението во Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Во истата се предвидени активностите за епидемиолошко набљудување за рано откривање извори, патишта и начин на пренесување на заразата, рано и активно откривање на заболени, лабораториско докажување, навремено хоспитализирање и здравствено-едукативна дејност**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Превенција, навремено откривање и соодветно лекување на лицата со бруцелоза, едукација за превенција, како и намалување на инциденцата на бруцелоза во РМ. |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *13. Предлог-програма „Здравје за сите“ за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Во истата се предвидени активности за бесплатни превентивни прегледи (гликемија, холестерол, висина, тежина) за сите лица без разлика на здравственото осигурување, подготовка и печатење брошури за едукација на населението за здрави стилови за живот и континуирана медицинска едукација на здравствени работници, како и стимулација на рурални доктори**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подигање на свеста и знаењата на населението за потребата од превентивни прегледи со цел навремено откривање на болестите. |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *13. Предлог-програма за рано откривање малигни заболувања за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Во истата се предвидени активности за едукација на населението за превентивни прегледи за рано откривање малигни заболувања како и превентивни гинеколошки прегледи со ПАП тест, превентивни прегледи на дојка и прегледи за рано откривање карцином на дебело црево. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подигање на свеста и знаењата на населението за превентивни мерки за рано откривање на карциномите, а воедно со превентивните прегледи и рано откривање малигни заболувања и навремено лекување. |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *14. Предлог-Националната програма за јавно здравје во Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Предвидени мерки и активности за работа на Институтот за јавно здравје и 10-те Заводи за здравствена заштита, од областа на заразни болести, незаразни болести, надзор над безбедност на храна, вода, воздух, јонизирачко зрачење. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Се обезбедува мирна епидемиолошка средина со контрола над епидемии, хронични незаразни болести, безбедна храна, вода, воздух, контрола над јонизирачко зрачење. Предвидени се јавно здравствени мерки за подобрување на општото здравјето за населението |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *15. Предлог-програма за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа, за започнување и континуирано вршење хемодијализа на пациенти за нивен поквалитетен и поздрав живот, обезбедување здравствена заштита за лицата кои се опфтени со Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки и активности за пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2017 година, за подобрување на состојбата на лица заболени од хемофилија преку рано препознавање и нивно навремено лекување**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Програмата ќе овозможи навремено згрижување на пациентите со дијализа и превентивно едукативни активности за хемофилијата. |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *16. Предлог-програма за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишна превентивна програма за имунизација согласно Законот за здравствена заштита. Во истата се предвидени видови и количини на вакцини за редовна имунизација согласно шемата за имунизација во Република Македонија и вакцини по епидемолошки индикации, како и лица кои се подлежни на поединечни вакцини. Со средствата предвидени во Програмата се обезбедуваат годишните потреби на вакцини за целата држава. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Редовна вакцинација на деца од 0-18 години со опфат над 95% и можност за спречување појава на болести кои се превенираат со вакцина. Обезбедување здраво поколение |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *17. Предлог-програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Во истата се предвидени активности за едукација на населението за спречување на појава на ХИВ-инфекција, како и бесплатни тестови за рано откривање на ХИВ/СИДА кај групи со ризик и обезбедување лекови за третман на инфицирани**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подигање на свеста и знаењата на населението за превентивни мерки за спречување на појава на ХИВ-инфекција и рано откривање на носителство на ХИВ-вирусот, посебно кај ризични групи |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *18. Предлог-програма за спречување на туберколозата во Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Предвидени се активности за превенција, рано откривање, дијагностицирање, лекување на туберколозата во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Намалување на инциденца од туберкулоза и намалување компликации кај болни лица од туберкулоза |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *19. Предлог-програма за трансплантација во Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на оваа Програма е олеснување на постапката на трансплантацијата на органи и ткива во интерес на пациентите; зголемување на бројот на пресадувања на органи и ткива од човечкото тело заради лекување; градење систем кој ќе обезбеди и гарантира правичен пристап кон органите и ткивата; воспоставување систем кој ќе гарантира квалитет, следливост и безбедност на постапките, како и подигање на свеста кај населението за донирање органи и ткива, особено преку информирање на јавноста за важноста на трансплантацијата на органи и ткива**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Програмата ќе овозможи вршење на ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања на пациентите кои се на дијализен третман, на нивните потенцијални донатори, обезбедување база на податоци за донатори на ткива, органи и клетки, изработка и операционализација на централен информатички систем за вршење на дејностите за земање, обработка, испитување на совпаѓање на ткивата, чување, заменување и пресадување, намалување на бројот на дијализи и подобар и квалитетен живот за пациентите на кои им е дониран орган |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *20. Предлог-програма за здравствена заштита на мајки и деца во Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Предвидени мерки и активности се: континуирано обезбедување ефикасни |

| | |
|---|---|
| | превентивни здравствени услуги и услуги од областа на унапредување на здравјето на мајките и децата**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на достапноста и унапредување на квалитетот на превентивните здравствени услуги на мајките и децата, јакнење на капацитетите на здравствените работници за унапредување на квалитетот на нивната работа и јакнење на капацитетите на семејствата и поддршка на родителите во унапредување на здравјето, растот и развојот кај малите деца. |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *21. Предлог-програма за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Болестите на срцето и крвните садови претставуваат голема група на заболувања и се на прво место како причини за смрт во генералната популација во Република Македонија. Во овие болести спаѓаат и цереброваскуларните болести, особено цереброваскуларниот инфаркт и друг вид крвавење или оклузија на крвните садови. Заради тоа потребно е да се користи ендоваскуларниот третман на интервенции со цел пред сѐ неинвазивна, побрза, поефективна, и подобра метода и соодветна здравствена грижа за пациентот. Целта на оваа Програма е да го развива ендоваскуларниот третман, да овозможи соодветна едукација за кадарот, развивање на кардиохирургијата и да овозможи развивање на кардиоваскуларната мрежа во Републиката. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Намалување на бројот на денови на болнички престој, подобар и квалитетен живот за пациентите, како и развивање на кардиохирургијата (за возрасни, педијатриска кардиохирургија и интензивна нега), а истовремено намалување на бројот на пациентите кои се лекуваат во странство, со што се заштитува семејството на пациентот. Превенцијата е многу важна за овие заболувања и постои потреба од имплементација на мерки за нивно превенирање т.е. ефикасно рано спречување како и нивно редовно пријавување |
| **Фискални импликации**: | Има, Буџет на РМ |

**Предлагач:** ***Министерство за здравство***

## *22. Предлог-програма за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2018 година*

**Образложение:** Инсулинот е неопходно потребен на пациентите со шеќерна болест. Централизираната набавка на инсулин, воведување водич за лекување на пациентите со инсулин и вмрежување на сите центри за дијабетичари се трите сегменти кои ќе придонесат за воспоставување на добар систем за унифицирање на третманот со инсулин низ државата притоа водејќи се според најсовремените светски и европски протоколи. Националниот регистар за дијабетис е спроведен**.** Со обезбедување средства за централна набавка на инсулинот се постигнува редовно лекување на пациентите со шеќерна болест, заштита на здравјето на овие пациенти, намалување на компликациите кои настануваат како резултат за нередовното обезбедување инсулин, намалување на инвалидитетот на оваа категорија на лица и зголемување на работоспособноста, кое од друга страна претставува намален број на на боледувања 100% опфатеност на пациентите со терапијата, добра регулација на шеќерот во крв со помош на ленти и едукација. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Централизирана набавка на инсулин, воведување водич за лекување на пациентите со шеќерна болест, практицирање на медицина базирана на докази, унифицирање на третманот на инсулинско-зависни пациенти, притоа водејќи се според најсовремените светски европски протоколи

**НПАА - поглавје и подрачје** /

**Очекувани влијанија :** Со централизираната набавка на инсулин на годишно ниво, што ја спроведе Министерството за здравство, навреме се обезбдуваат потребните количини на инсулин, а со оглед на фактот дека се работи за голема количина се доби и пониска цена за набавка. Централизираната набавка на инсулин, воведување водич за лекување на пациентите со инсулин и вмрежување на сите центри за дијабетичари се трите сегменти кои придонесоа за воспоставување на добар систем за современо лекување на пациентите со шеќерна болест, практицирање на медицина базирана на докази, унифицирање на третманот на инсулинско-зависни пациенти, притоа водејќи се според најсовремените светски и европски протоколи.

**Фискални импликации**: Има, Буџет на РМ

**Предлагач:** ***Министерство за здравство***

## *23. Предлог-програма за партиципација при користењето здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Се работи за здравствена заштита односно за ослободување од партиципација при користењето здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствената заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на здравствената заштита |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *24.Предлог-проект „Подготовка на проект и основна тендерска документација за изградба на нова железничка линија на делница Кичево-граница со Р.Албанија како дел од Коридор 8 и тендерска документација за надзор над градежните работи“*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Предлог-проектот „Подготовка на проект и основна тендерска документација за изградба на нова железничка линија на делница Кичево-граница со Р.Албанија како дел од Коридор 8 и тендерска документација за надзор над градежните работи“ е во негова завршна фаза и е изработен во согласност со македонските и интернационалните стандарди за проектирање железници. Се работи за проект за изградба на електрифицирана траца/железница со номинална брзина од 100 км/час со современи станици и постојки. Ќе се овозможи подобрување на железничката мрежа во рамките на SEETO мрежата и развој на трансевропската мрежа преку воспоставување оперативен континуиран коридор за целите на зголемување на социо-економскиот развој во регионот преку подобрување на трансевропската инфраструктура. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Зголемување на социо-економскиот развој во регионот, размена на трговски добра, пристап на населението кон поголеми и подобрени услуги |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Влијанието на железничката линија Кичево-граница со Р.Албанија е позитивно во обебедување на втора транспортна алтернатива во западниот регион на РМ. Железниците имаат помали влијанија врз животната средина во споредба со патниот транспорт и од тој аспект може да се очекуваат позитивни ефекти. |

| | |
|---|---|
| | Железницата ќе влијае и на зголемувањето на трговската размена, како на локално, така и на регионално ниво, зголемување на економскиот раст, отворање нови работни места, пристап до разновидни услуги, како и поддршка на индустрискиот развој во регионот. Доколку се изврши поврзување и со делот на Р.Албанија до Јадранското Море како и поврзување во источниот дел кон границата со Р.Бугарија ќе се добие континуирано поврзување и со Црното Море, што ќе има особено позитивни резултати врз економската размена, движењето на патници и целосниот развој на регионот |
| **Фискални импликации**: | Има, проектот е во износ од 7.752.425,00 евра и е финансиран од ЕУ во сооднос 85%, со 15% од Буџетот на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

### *25.Предлог-програма за финансирање изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектна документација*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Заради поттикнување и забрзување на процесот на уредување на просторот, Владата на РМ донесува Годишна програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектна документација, на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа науредување на просторот. Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот секоја година распишува јавен повик за доставување предлози за изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – плански документации и урбанистичко – проектни документации од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Зголемување на бројот на инвестиции и намалување на времето потребно за изградба поврзано со истите |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Создавање поповолна клима за инвестиции и зголемување на економскиот раст во државата. |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата во износ од 30.000.000 денари беа обезбедени во октомври 2016 година од Буџет на РМ со донесување на програмата, но со ребалансот во 2017 година поради неподмирени обврски преостануваат 18.700.000 денари |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *25.Предлог-проект за изработка на проектна документација за иградба на комуникациско - информациски систем за контрола и управување на сообраќајот Интелигентен транспортен систем ИТС технологија на автопатот А1*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на овој проект е изработка на проектна документација на ниво на основен проект за инсталирање на комуникациско – информациски системи за контрола и управување на сообраќајот ИТС (Интелигентен транспортен систем) на автопатот А1. Со овој проект автопатот А1 ќе се опреми со единствени трнспортно – технички и телеметриски системи по должина на изградениот полн профил на автопатот како и објектите на него земјаќи ги предвид климатските карактеристики, видот на теренот осцилациите од транспортот, структурата на возилата и др. Проектот мора да осмисли јасно дефинирани технички решенија за инсталирање на ИТС во кој постојано и во реално време ќе се прикажува состојбата по должина на целата траса на автопатот, преку собирање податоци, автоматизирано за временските услови, за сообраќајното оптоварување, за состојбата на светлосната сигнализација, за состојбата на уредите и на сите сензори, за состојбата на преносните линии, како и регистрација на инциденти и снимање на прекршителите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Исполнување на приоритетите за управување со сообраќајот во делот на ИТС предвиден во рамките на Националната транспортна стратегија; Воведување систем за управување со сообраќајот во рамките на ИТС и зголемување на безбедноста на сообраќајот на автопатот А1 |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на системот за управување со сообраќајот и зголемување на безбедноста на автопатот А1 |
| **Фискални импликации**: | Има, вкупната цена за иврешување на услугите изнесува 13.878.753,00 денари (Во 2016 година исплатен е аванс 15% од вредноста на договорот, во 2018 година по предавање на проектот ќе бидат исплатени 45% и по извршена ревизија ќе бидат исплатени останатите 40%) |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *26.Предлог-програма за распределба и користење на средства за проекти од комуналната инфраструктура во 2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, Програмата за распределба и користење средства за проекти од областа на комуналната инфраструктура во 2017 година ја донесува министерот за транспорт и врски. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Подобрување на животниот стандард на населението и зачувување на животната средина; Подобрување на комуналната инфраструктура во населените места низ Република Македонија |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со оваа програма се подобрува животниот стандард на населението и се зачувува животната средина |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата во износ од 110.300.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на РМ (МТВ) |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *27. Предлог-годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со одржувањето на железничката инфраструктура опфатени се железничките пруги со горен и долен строј, колосеците и рангираните страници, објектите, железничките станици, постројките и уредите, системите за електрификација, сигнално – сигурносните системи, телекомуникациските и информативните системи во железничкиот сообрраќај. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Организирање и регулирање сигурен железнички сообраќај; Обезбедување на постојана, непрекината, квалитетна и сигурна желеничка инфраструктура |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје: 3.14; Подрчје 3.14-Ц1-2** |
| **Очекувани влијанија :** | Безбеден, сигурен и континуиран железнички сообраќај |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата во износ од 220.000.000 денари се обезбедени од Буџетот на РМ (МТВ) за 2017 година, во раздел 130.01 МТВ, Потпрограма –ДА Инвестиции во железничката инфраструктура, категорија 48 Капитални расходи, на ставката 489 Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *28. Предлог-стратегија за формализирање на неформалната економија во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Намалување на сивата економија преку активности предложени од страна на надлежните инспекторати и други надлежни институции. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Поддршка на малите и средни претпријатија, отварање нови работни места, меѓудругото со имплементација на активни мерки за вработување и зголемување на нивото на плановите во економијата; Создавање поволна деловна клима со политики на соработка на бизнис секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **3.19. Социјална политика и вработување** |
| **Очекувани влијанија :** | Намалување на стапката на невработеност и регулирање на неформалната вработеност |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *29. Предлог-програма за остварување социјална заштита за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за социјална заштита и Законот за извршување на Буџетот за 2018 година, со овој документ се овозможува остварување и финансирање на социјалната заштита за тековната година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита, зголемување на капацитетите соодветно на потребите на граѓаните на Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Програмата претставува основа за редовно и ефикасно остварено на социјалната заштита во поглед на правата од социјалната заштита, дејноста на социјалната заштита, социјалната инклузија, вршење на работи од семејно – правната заштита и други законски надлежности на институциите во системот на социјалната заштита |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата потребни за оваа програма треба да се обезбедат од Буџетот на РМ за 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *30.Предлог -енергетски биланс на Република Македонија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Владата на Република Македонија со енергетскиот биланс за период од една година, како индикативен плански документ ги определува вкупните потреби од енергија и потребите од одделните видови енергија, како и можностите за нивно задоволување од домашно производство и од увоз. Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството, а по претходно мислење од Регулаторната комисија за енергетика, го донесува енергетскиот биланс до крајот на календарската година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Обезбедување енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулација на иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилни горива |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Со енергетскиот биланс се овозможува да се создадат услови за планирање на потрошувачката на енергија во наредниот период од домашно производство и од увоз. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *31.Предлог-оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во оперативниот план за вработување за 2018 година ќе се дефинираат видот на услугите и програмите за вработување што ќе се имплементираат, целните групи на невработени, потребните финансиски средства и нивните извори, како и на институциите надлежни за спроведување. Оперативниот план за 2018 година обезбедува сеопфатна рамка за претставување на услугите на пазарот на труд и програмите за вработување и поттикнување на вработеноста финансирани од Буџетот на РМ, ИПА инструментот за претпристапна помош,УНДП и сл., што треба да овозможи поефикасна координација, полесно следење и поголем ефект на програмите. Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели: поддршка на малите и средни домашни претпријатија, отварање нови работни места, меѓудругото со имплементација на активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата; Развивање на претприемништвото итн. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување** |
| **Очекувани влијанија :** | Сите невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување ќе имаат право на пристап до услугите и програмите за вработување утврдени во Оперативниот план за 2018 година. Приоритет за учество се доделува врз основа на условите и критериумите утврдени во секоја одделна услуга/програма. Како општо правило, во сите услуги и програми за вработување наведени во Оперативниот план ќе се настојува да се постигне еднаква застапеност на мажите и жените и стапка на учество на младите (до 29 години) од најмаку 30%. |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата во износ од 776.000.100 денари се обезбедени од Буџетот на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *32. Предлог-програма за развој на дејноста за заштита на децата за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Развојот на дејноста за заштитата на децата се утврдува секоја година со Програма која во согласност со Законот за заштита на децата, ја носи Владата |

| | |
|---|---|
| | на Република Македонија. Програмата е во функција на спроведување и унапредување на системот за заштита на децата. Остварувањето на програмата ќе биде во согласност со утврдената програма со Буџетот на РМ за 2018 година, како и врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2018 година во делот на надоместоците за заштита на децата. Во остварувањето на заштитата на децата, влијаат и одредени развојни документи на Владата на РМ, како што се: Програмата за работа на Владата на РМ; Стратегијата за демографски политики на Република Македонија за 2014-2024 година и Одлуката за утврдување на стратешките приоритеи на Владата на РМ за 2018 година како и други акти и анализи со кои се влијае на подобрување на заштитата на децата. Развојот на дејноста за заштитата на децата се утврдува секоја година со Програма која во согласност со Законот за заштита на децата, ја носи Владата на Република Македонија. Програмата е во функција на спроведување и унапредување на системот за заштита на децата. Остварувањето на програмата ќе биде во согласност со утврдената програма со Буџетот на РМ за 2018 година, како и врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2018 година во делот на надоместоците за заштита на децата. Во остварувањето на заштитата на децата, влијаат и одредени развојни документи на Владата на РМ, како што се: Програмата за работа на Владата на РМ; Стратегијата за демографски политики на Република Македонија за 2014-2024 година и Одлуката за утврдување на стратешките приоритеи на Владата на РМ за 2018 година како и други акти и анализи со кои се влијае на подобрување на заштитата на децата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање, штитење на популационата политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Дејноста за заштита на децата е од јавен интерес и ќе се остварува преку обезбедување определени права (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете и партиципација), средства и облици за заштита на децата (згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст, одмор и рекреација на децата и други облици на заштита на децата, преку установи за деца (јавни и приватни детски градинки/центри за ран детски развој и детски одморалишта и преку вршење на одредени работи од дејноста згрижување и воспитување на децата од страна на физички и правни лица). Вклучување на поголем број на деца од популацијата деца 0-6 години живот со проширување на постоечките капацитети, реконструкција и адаптација на јавни детски градинки и центри за ран детски развој до поголем број на население со посебен акцент на руралните средини, а со тоа да се создадат услови и за нови вработувања. Поддршка на семејството за покривање на дел од трошоците потребни за подигање и развој на детето преку обезбедување на права од заштитата на детето |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата се поврзани со програмските активности во програмата и се во рамките на планираните буџетски средства |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

### *33.Предлог-Национална стратегија на Република Македонија и Акциски план за спречување на радикализација и насилен екстремизам*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Надминување на препораките од Извештаите на ЕК<br><br>**Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Навремено подготвена предлог-Национална стратегија на РМ и Акциски план за спречување на радикализација и насилен екстремизам |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе бидат покриени од Буџет на МВР |
| **Предлагач:** | ***Министерство за внатрешни работи*** |

### *34.Предлог-Национална стратегија и Акциски план за јакнење на капацитетите за спроведување финансиски истраги и конфискување имот*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Надминување на препораките од Извештаите на ЕК<br><br>**Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Навремено подготвена предлог-Национална стратегија и Акциски план за јакнење на капацитетите за спроведување финансиски истраги и конфискување имот |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе бидат покриени од Буџет на МВР |
| **Предлагач:** | ***Министерство за внатрешни работи*** |

## Б) Материјал

### *1. Информација за имплементација на семејната медицина*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Спроведувањето на специјализацијата по **семејна медицина**, произлезе од потребата да се направи усогласување со европската директива по која секој што работи самостојно и донесува одлуки во ПЗЗ мора да има најмалку 3 години последипломска настава. Согласно истото сите лекари кои работат во ПЗЗ мора до 2020 да завршат специјализација по семејна медицина. Досега завршени специјалисти по семејна медицина имаме 251, додека во програма за специјализација се 58 лекари. Со воведувањето на специјализацијата по семејната медицина се задоволува овој критериум т.е. ќе се усогласиме со ЕУ |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | директивите и стандардите за самостојно работење на ниво на примарната здравствена заштита, ќе се зголеми квалитетот на здравствената заштита на истото и подобро ќе се искористуваат здравствените ресурси со контролирано движење на пациентите во системот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** Продолжување на реформите, модернизација и унапредување на здравствениот сектор; Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението, Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна.<br>/ |
| **Очекувани влијанија :** | Иницијативата е всушност материјал од информативен карактер кој ќе има за цел да ја информира Владата за степенот на реализација на спроведените специјализации по семејна медицина. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *2. Информација за степенот на реализација на Програмата за едукација на лекари и друг медицински персонал и за кофинансирање на специјализацијата односно супспецијализација на здравствените работници вработени во приватни здравствени установи и други правни лица и невработени за 2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата за степенот на реализација на Програмата за 2017 година преку која се обезбедуваат услови за континуирана доедукација на лекарите согласно Законот за медицинските студии и континуирано стручно усовршување на докторите на медицина, како и стручно оспособување и усовршување на лекарите за работа со нова современа опрема. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** Продолжување на реформите, модернизација и унапредување на здравствениот сектор; одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението, здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | Поглавје 1 (Слободно движење на стоки); Поглавје 28 (Заштита на потрошувачи и јавно здравје) |
| **Очекувани влијанија :** | Анализа и приказ на остварените резултати од Програмата. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

### 3. Информација за Финансиската спогодба за ИПА 2017

**Образложение:** Обезбедување на овластување од Владата на РМ за склучување на Финансиските спогодби**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план;

**НПАА - поглавје и подрачје** /

**Очекувани влијанија :** Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите

**Фискални импликации**: Нема

**Предлагач:** ***Секретаријат за европски прашања***

### 4. Информации за Спогодби за финансирање на прекугранична соработка

**Образложение:** Обезбедување на овластување од Владата на РМ за склучување на Спогодби за финансирање на прекугранична соработка**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план.

**НПАА - поглавје и подрачје** /

**Очекувани влијанија :** Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите

**Фискални импликации**: Нема

**Предлагач:** ***Секретаријат за европски прашања***

### 5. Информација за одржан ИПА Мониторинг комитет

**Образложение:** Информација за текот на расправата и заклучоците од ИПА Мониторинг комитетот, со специфични заклучоци за понатамошно унапредување на процесот на користење на ИПА средствата**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план.

**НПАА - поглавје и подрачје** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

## *6. Информација за користењето на претпристапните инструменти на ЕУ: Програмите на унијата, твининг*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согледување на успешноста во користењето на претпристапните инструменти на ЕУ и донесување одлуки/заклучоци во насока на нејзино унапредување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ЕУ инструментите за поддршка |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

## *7. Информација за статусот на исполнување на обврските со стипендистите на Владата на Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Активноста за доделување стипендии се одвива веќе седум години и се покажа како значајна мерка за јакнење на капацитетот на македонската администрација во процесот на европска интеграција и во идниот процес на преговарање. Владата на Република Македонија се информира за тековниот статус со исполнувањата на обврските од договорите склучени со стипендистите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на капацитетите на администрацијата |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Јакнење на капацитетите на администрацијата. |
| **Фискални импликации**: | Нема |

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

## *8. Извештај за состанокот на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА земјите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот се однесува на прашањата кои ке се разгледуваат како и на одлуките кои ќе се усвојат на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување Договори за слободна трговија, за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | Поглавје 30 Надворешни односи |
| **Очекувани влијанија :** | Имплементација на годишните приоритети на Програмата на ЦЕФТА за 2017 година |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *9. Информација за спроведените активности за промоција на концептот на општествена одговорност на претпријатијата преку доделување на награди за најдобри општествено одговорни практики во 2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Националната награда за најдобри општествено одговорни практики на македонските претпријатија е воспоставена во 2007 година и се доделува десет години по ред. Целта на наградата е да промовираат позитивни практики на општествено одговорно делување и да даде инспирација за воведување и натамошно унапредување на општествената одговорност кај претпријатијата во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Развој на концептот на општествена одговорност, унапредување на општествено одговорни практики, подобрување на деловната клима, зголемување на конкурентноста на македонските компании |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НППА 20: Претпријатија и индустриска политика** |
| **Очекувани влијанија :** | Со доделување на наградата се промовираат позитивни практики на општествено одговорно делување. Вооедно сите претпријатија чии апликации се добитници на награди имаат право на користење на знакот на Координативното тело за ООП, што може да го употребуваат на своите печатени материјали и да го објават на своите веб-страници. Нивните имиња и проекти понатаму се промовираат при различни едукативни и промотивни активности на националното Координативно тело за ООП и на Министерството за економија, во нашата земја и надвор од неа.  Со тоа, се унапредува концептот на општествена одговорност и истиот станува составен дел на |

| | |
|---|---|
| | работењето на деловните субјекти во Република Македонија, по примерот на европските. Со него тие директно ја подобруваат сопствената конкурентност на глобалниот пазар, ја зголемуваат додадената вредност на нивните производи и услуги, го подобруваат угледот и имиџот на претпријатијата, односите со добавувачите, потрошувачите и потенцијалните инвеститори, ги мотивираат своите вработени и работат на долгорочен успех во бизнисот |
| **Фискални импликации**: | Има, **во Буџетот на МЕ се обезбедени 600.000 денари, а за самостојно спроведување на манифестацијата потребни се околку 1.000.000 денари.** Потребните средства делумно се обезбедени |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *10. Квартална информација за преземените активности во однос на имплементирањето на Стратегијата за демографски политики 2015-2024*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Нацрт-записникот од 59-та седница на Влада на РМ со кој е усвоен текстот на предлог-Стратегијата за демографски политики за период 2015-2024 година, а МТСП е определен како надлежна институција, задолжена за координација и соработка со сите надлежни институции по вертикала и хоризонтала, да ја информира Владата на РМ редовно за степенот на спроведување на мерките и активностите, со цел да се прикаже нивото на имплементација на Стратегијата за демографски политики. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Информацијата се доставува до Владата на РМ со цел да се констатира нивото на имплементација на Стратегијата за демографски политики и да се согледа дали политиките кои се имплементираат по истата имаат ефекти врз демографските промени во РМ |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *11. Извештај за извршена анализа на Нацрт-стратешките планови 2018-2020 година на министерствата и органите на државната управа*

| | |
|---|---|
| **Образложение** | Анализата на доставените Нацрт-стратешки планови 2018-2020 од министерствата и другите органи на државната управа до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија е од аспект на усогласеност |

| | |
|---|---|
| | на Нацрт-стратешките планови на органите на државната управа со приоритетната цел на Владата на РМ; Методологијата за стратешко планирање и Упатството за формата, содржината и начинот на подготвување на стратешките планови (од страна на Секторот за стратегија, планирање и следење) |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Владата на Република Македонија да се информира со поврзувањето на креираните програми во стратешките планови на министерствата и органите на државната управа со стратешките приоритети на Владата на РМ и нивниот придонес во остварувањето на истите. Извештајот со извршена анализата за степенот на подготвеноста и на усогласеноста на Нацрт-стратешките планови на министертсвата и другите органи на државна управа се доставува до Владата на РМ со барање за нејзино разгледување и усвојување |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија*** |

**Приоритет :**

***Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија***

## А) Подзаконски акти

### *1. Предлог-одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2018 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година, средствата наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации планирани во Буџетот на Република Македонија за 2018 година, ќе се користат врз основа на Одлука на Владата на Република Македонија на предлог на Комисија формирана од Владата. Распределбата на финансиските средства се спроведува во согласност со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Сл.весник на РМ“ бр.130/2007), Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации за 2018 година („Сл.весник на РМ“ бр. 192/2016) и Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање програмски активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на РМ („Сл.весник на РМ“ бр. 23/2009), а врз основа на оглас што Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија го објавува во дневните јавни гласила и на интернет-страницата на Одделението за соработка со невладини организации. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Зголемување на учеството на граѓанскиот |

| | |
|---|---|
| | сектор и социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политиките |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Донесувањето на Одлуката е во функција на создавање поповолни услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор, што е заложба на Владата со граѓанскиот сектор |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата се обезбедени од Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија*** |

## *2. Предлог-програма за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на програмата е да се поттикне учеството на граѓанскиот сектор во реализирање на стратешките приоритети на Владата на Република Макеодонија за 2018 година. Програмата содржи опис на приоритетите, план за распределба на средства и вид на финансирање, како и областите на финансирање. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Зголемување на учеството на граѓанскиот сектор и социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политиките |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Донесувањето на Програмата е во функција на обезбедување транспарентна распределба и создавање на поповолни услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор, што е заложба на Владата на Република Македонија согласно Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Македонија |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија*** |

## *3. Предлог-одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот од 2018 до 2022 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во член 30 став 4 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/2007,187/2013, 43/2014 и 215/2015), утврдено е дека Владата на Република Македонија, врз основа на утврдена предлог-одлука од Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, донесува одлука за класификација на планските региони според |

| | |
|---|---|
| | степенот на развиеност за период од пет години. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Рамномерен развој |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со донесување на наведената одлука, ќе се класифицираат осумте плански региони според степенот на развиеност, врз основа на критериуми и индикатори утврдени со акт на Владата на Република Македонија |
| **Фискални импликации**: | Има. потребните средства се утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за локална самоуправа*** |

## *4.Предлог-одлука за утврдување на листата на стоки и технологии со двојна употреба*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 5 точка 1 од Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба и предлага на Владата на Република Македонија донесување Одлука за утврдување Листа на стоки и технологии со двојна употреба. Во Листата на стоки и технологии со двојна употреба се утврдени стоките и технологиите за кои правните и физичките лица, кои вршат извоз, брокеринг или транзит на тие стоки и технологии мора да достават барање за добивање дозвола за извоз, брокеринг или транзит на стоки и технологии од Министерсвото за економија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на позицијата на Република Македонија во регионалната и мултилатералната заедница и унапредување на односите и соработка на билатерален, регионален и мултилатерален план |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.30. Надворешни односи** |
| **Очекувани влијанија :** | Оваа листа ја имаат прифатено сите земји кои го поддржуваат меѓународниот режим за контрола на извозот и имаат донесено национална легислатива по однос на контролата на извозот, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *5.Предлог-оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот во 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во оперативниот план за 2018 година ќе се дефинираат видот на услугите и програмите за врботување што ќе се имплементираат, целните групи на |

|  |  |
|---|---|
|  | невработени, потребните финансиски средства и нивните извори, како и институциите надлежни за спроведување. Оперативниот план за 2018 година обезбедува сеопфатна рамка за претставување на услугите на пазарот на труд и програмите за вработување и поттикнување на вработувњето финансирани од Буџетот на РМ, ИПА инструментот за претпристапна помош, УНДП и сл., што треба да овозможи поефикасна координација, полесно следење и поголем ефект на програмите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели**: Поддршка на малите и средни домашни претпријатија , отворање нови работни места, меѓу другото со имплементација на активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата; Развивање на претприемништвото; Ставање на европската финансиска поддршка во функција на европеизација на целата држава, општините, училиштата, синдикатите, маргинализираните групи, работодвачите, невработените, малите и средните претпријатија, граѓанските организации итн. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување** |
| **Очекувани влијанија :** | Сите невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување ќе имаат право на пристап до услугите и програмите за вработување утврдени во Оперативниот план за 2018 година. Приоритетот за учество се доделува врз основа на условите и критериумите утврдени во секоја одделна услуга/програма. Како општо правило во сите услуги и програми за вработување наведени во ОП ќе се настојува да се постигне еднаква застапеност на мажите и жените и стапка на учество на младите (до 29 години) од најмалку 30% |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата во износ од 776.000.100 денари се обезбедени од Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## Б) Материјал

## *1.Извештај за работа на комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба*

|  |  |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот се поднесува врз основа на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба. Со извештајот Комисијата ја информира Владата на Република Македонија за бројот на издадени дозволи, правни и физички лица на кои се издадени дозволите, бројот на одбиени барања за добивање дозволи за извоз и причините за одбивањето, како и за покренатите жалби за неиздадени дозволи, покренатите прекршочни постапки или кривични пријави за непочитување на одредбите од законот.<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на позицијата на Република Македонија во регионалната и мултилатералната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.30. Надворешни односи** |
| **Очекувани влијанија :** | Со материјалот се информира Владата на Република Македонија за работата на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *2. Извештај за работењето на Комисијата за разгледување на барања за добивање дозвола за вршење на извоз-увоз, транзит, брокерски услуги и офсет*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот се поднесува врз основа на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема. Со извештајот Комисијата ја информира Владата на Република Македонија за бројот на издадени дозволи, правни и физички лица на кои се издадени дозволите, бројот на одбиени барања за добивање дозволи за извоз и причините за одбивањето, како и за покренатите жалби за неиздадени дозволи, покренатите прекршочни постапки или кривични пријави за непочитување на одредбите од законот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Јакнење на позицијата на Република Македонија во регионалната и мултилатералната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.30. Надворешни односи** |
| **Очекувани влијанија :** | Со материјалот се информира Владата на Република Македонија за работата на Комисијата за разгледување на барањата за добивање дозвола за вршење на извоз-увоз, транзит, брокерски услуги и офсет |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за економија*** |

## *3. Информација за статусот на спроведување на ИПА програмите за прекугранична соработка за периодот јули – декември 2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата се доставува со цел Владата на РМ да се информира за статусот на спроведување на ИПА програмите за прекугранична соработка втора компонента. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување на Европската Унија преку исполнување на |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и другите правни акти кои ги регулираат билатералните односи со Европската Унија.<br><br>**Поглавје 22** |
| **Очекувани влијанија :** | Иницијативата има позитивно влијание бидејќи ја информира Владата на РМ за напредокот на ИПА програмите за прекугранична соработка-втора компонента |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за локална самоуправа*** |

## *4.Информација за одржаниот дванаесетти состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност помеѓу РМ и ЕУ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација во ноември 2017 година во Скопје*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за исходот од единаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност кој ќе се одржи во ноември 2017 година во Скопје и да се задолжат институциите за исполнување на обврските преземени од Поткомитетот**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Исполнување на ССА |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Навремено и квалитетно остварување на обврските преземени од Поткомитетот. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Секретаријат за европски прашања*** |

**Приоритет :**

## *Владеење на правото и изградба на независни институции*

### А) Подзаконски акти

## *1. Предлог-проект за ревизија на откупените дела 2014-2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во периодот 2014-2017 година колку што трае проектот за стимулирање на уметничкото творештво од областа на ликованата дејност се ооткупени 189 ликовни дела (слики во маслена техника, графики, цртежи и скулптури). Истите се распределени во колекциите на уметнички дела во МСУ, Националната |

галерија на Македонија и други установи. Во таа смисла се наметнува потреба да се направи увид во застапеноста на авторите, да се изврши валоризација на делата и согласно тоа да се овозможи соодветен тертман кон истите. Потребните средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на РМ за 2017 година

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Првичните согледби упатуваат на можноста дел од ликовните дела од значење за македонската современа ликовна уметност да бидат прераспределени во колекции каде што ќе се укаже потреба од пополнување на празнини од незастапени автори со нивни дела |
| **Фискални импликации**: | Има |
| **Предлагач:** | ***Министерство з а култура*** |

***2. Предлог-програма за изградба на нови објекти за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти на установи од областа на културата за 2018 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Предлог програмата се доставува врз основа на член 70-в став 1 од Законот за култура според кој програмата ја донесува Министерството за култура по претходно дадена согласност од Владата на Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Обезбедување соодветни инфратрсуктурни услови за работа на националните установи од областа на културата и за остварување на културата |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата треба да се предвидат во Буџетот на РМ за 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за култура*** |

## Б) Материјал

***1. Извештај во врска со организирањето и спроведувањето на обуки од областа на стратешкото планирање во 2017 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во периодот октомври - декември 2017, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Секторот за стратегија, планирање и следење, организира и испорача генерички обуки од областа на стратешкото планирање, со кои беа опфатени сите органи на државната управа и управни организации. **Иницијативата е во функција на остварување на приоритетна цел:** создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Зајакнување на капацитетите на органите на државната управа и управните организации како и унапредувањето на воспоставениот систем за стратешко планирање интегриран со буџетскиот процес. Создавање компетентна администрација -стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација, сервисно и услужно ориентирана кон одржлив социјален и економски развој на земјата |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија*** |

## Приоритет :

### *Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија*

## А) Подзаконски акти

| | |
|---|---|
| ***1.Предлог-програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2018 година*** | |
| **Образложение:** | Инвестирање во образованието и осовременување на образовниот систем |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на условите за настава во основните училишта, подобра енергетска ефикасност. |
| **Фискални импликации**: | Има |
| **Предлагач:** | ***Министерство за образование и наука*** |

| | |
|---|---|
| ***2.Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2018*** | |
| **Образложение:** | Инвестирање во образованието и осовременување на образовниот систем. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на условите во студентските домови. |
| **Фискални импликации**: | Има |
| **Предлагач:** | ***Министерство за образование и наука*** |

### *3.Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2018*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Инвестирање во образованието и осовременување на образовниот систем. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на условите на ученичките домови. |
| **Фискални импликации**: | Има |
| **Предлагач:** | ***Министерство за образование и наука*** |

### *4.Предлог-програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2018*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Инвестирање во образованието и подобрување на квалитетот на образованието. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Осовременување на образовниот систем |
| **Фискални импликации**: | Има |
| **Предлагач:** | ***Министерство за образование и наука*** |

### *5.Предлог-програма за научно-истражувачка дејност за 2018*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Инвестирање во науката. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Интензивирање и унапредување на научно-истражувачката дејност во Република Македонија. |
| **Фискални импликации**: | Има |
| **Предлагач:** | ***Министерство за образование и наука*** |

## *ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ*

**Приоритет :**

## *Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните*

**А) Подзаконски акти**

### *1. Централен владин портал за е-услуги*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Ќе биде имплементиран централизиран и стандардизиран портал за сите електронски административни услуги на институциите, како портал преку кој ќе може да се испраќаат сите електронски барања до институциите и повратно ќе се добиваат електронски документи. На порталот ќе бидат интегрирани сите постоечки електронски услуги, заради стандардизација на интерфејсот, односно поедноставно користење од корисниците. Е-услугите ќе бидат организирани со фокус на граѓанинот, а не на институциите. Истите ќе бидат групирани според животните настани, како на пример: раѓање, студирање, наоѓање работа итн. Ќе бидат развиени и 20 нови електронски услуги кои ќе ги следат одредниците поставени од Европската Унија, а се однесуваат на најзачајни услуги за граѓаните. Услугите ќе можат целосно да се завршуваат електронски, од поднесување на барање, електронско плаќање за услугата и добивање на конечниот документ. Порталот ќе го следи WCAG ( Web Content Accessiblity Guidelines) 2.0 стандарди со АА ниво за веб-пристапност, а ќе биде интегриран со системот за интероперабилност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобри електронски јавни услуги |
| **Фискални импликации**: | Има. Средствата се обезбедени преку ИПА 2012 |
| **Предлагач:** | ***Министерство за информатичко општество и администрација*** |

### *2. Предлог-стратегија РЈА 2.0*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со поддршка на Сигма ќе се развие долгорочна петгодишна стратегија за продолжување на реформата на јавната администрација во Република Македонија. Во подготовка на Стратегијата ќе бидат влучени и претставници на невладините организации, стручна и научна јавност и ЕУ експерти. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Продолжување на реформите во јавната администрација во РМ |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации**: | Обебзбедени се средства од ИПА |
| **Предлагач:** | ***Министерство за информатичко општество и администрација*** |

**Б) Материјал**

## *1. Информација со предлог-мерки за подобрување на деловното окружување согласно препораките на извештајот „Doing Business 2018“ на Светска банка*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот на Светска банка „Doing Business 2018“ ги анализира и мери состојбите поврзани со условите за водење бизнис во различните светски економии, со цел обезбедување на компаративна анализа и рангирање на условите за водење бизнис, кои на креаторите на политиките треба да им помогнат во одредувањето на насоките на дејствување и преземање на реформите за подобрување на условите, со цел подобрување на деловната клима и условите за водење бизнис во земјата, како и подобрување на рангот на Република Македонија, се подготвува Информација до Владата на Република Македонија со предлог-мерки за подобрување на бизнис климата согласно препораките на овој извештај. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на условите за водење бизнис во земјата. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

## *2. Информација за текот на спроведувањето на проектите „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“ со Одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓаните за добивање субвенциониран станбен кредит за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Преку Информацијата, Владата на РМ се информира за текот на спроведувањето на проектите „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“, за бројот на одобрени субвенции според намената, локацијата и моделот на |

| | |
|---|---|
| | субвенција и тоа: субвенционирање на дел од месечниот ануитет (главница и камата) и субвенционирање на дел или целосниот износ на учеството потребно за добивање кредит за купување нов стан/куќа. Со одлуката, Владата на РМ го утврдува времетраењето и бројот на јавните повици за пријавување на граѓаните за добивање субвенциониран станбен кредит за 2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Зголемување на животниот стандард на граѓаните и интензивирање на градежништвото. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на животниот стандард и квалитетот на живеење на населението, како и интензивирање на економската активност во градежништвото |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата се обезбедени од Буџет на РМ |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** |

### *3. Предлог-програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2018 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за социјална заштита, Владата на РМ презема и други мерки за спречување и намалување на социјалниот ризик на граѓаните, како што е субвенционирање на потрошувачката на енергија. Постојната програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија се имплементира до крајот на 2017 година, за продолжување на оваа мерка ќе се подготви Програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита, зголемување на капацитетите соодветно на потребите на граѓаните на Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НПАА Поглавје 19** |
| **Очекувани влијанија :** | Со донесување на оваа Програма ќе се продолжи со мерката за помош од енергетска сиромаштија за корисниците на социјална парична помош и постојната парична помош во тековната година |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата за реализирање на оваа програма треба да се обезбедат од Буџетот на РМ за 2018 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *4. Информација за спроведен оперативен план за 2017 година, за имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Координативното тело за утврдување на имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 ќе спроведе евалуација со цел: увид во реализацијата на предвидените стратешки правци; Идентификација на спорни стратешки прашања во имплементацијата и ревидирање на програмата согласно утврдените потреби и состојби**.** **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воспоставување функционална мрежа на институции за социјаллна заштита, зголемување на капацитетите соодветно на потребите на граѓаните на Република Македонија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Координативното тело врз основа на спроведената евалуација, ќе ја информира Владата на РМ за постигнатите стратешки активности и резултати од спроведувањето на програмата |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика***<br>*Координативно тело за следење на имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021* |

## *5.Информација за работата на Советот за следење на состојбите во пензискиот систем*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со оваа информација Владата на РМ ќе се запознае со сите заклучоци и одлуки на Советот за следење на состојбите во пензискиот систем, а кои се во насока на подобрување на финансиската одржливост на Фондот за пензиското и инваидското осигурување. Со оваа информација исто така се запознава Владата на РМ со реформските активности во пензискиот систем, спроведување на мерките во функција на подобрување на состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување и обезбедување на одржливост на пензискиот систем на долг рок. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** поддршка на малите и средни домашни претпријатија, отварање нови работни места, меѓудругото со имплементација на активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Целта на основање на Советот е да предлага мерки за подобрување на одржливоста на пензискиот систем на долг рок и спроведување на реформите на пензискиот систем. Предложените мерки ќе бидат во насока на: Подобрување на финансиската состојба на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на РМ; разгледување на состојбата на членството во вториот пензиски столб и предлагање на соодветни решенија; допрецизирање на одредби од Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци особено во делот на постапката заради обезбедување навремена исплата на пензијата; обезбедување законски и институционални услови за влез на нови пензиски друштва на пазарот; развивање на пзарот за исплата на ануитетите од страна на осигурителните друштва; воведување портфолија со различни инструменти за инвестирање, стратегии на инвестирање на средствата зависно од старосната структура на осигурениците итн. Крајна цел на предлог-мерките и активностите кои ќе произлезат од работењето на Советот е да обезбеди сигурна пензија и подобрување на животниот стандард на пензионерите, што е во корелација со стратешката цел-намалување на сиромаштијата под 16% до 2020 година во Програмата за работа 2017-2020 на Владата на РМ, како и за запознавање со понатамошните насоки во овој домен |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

***6.Информација за начинот на користење на пензионерските домови со кои управува Фодот на ПИОМ како и домови со кои управуваат здруженијата на пензионерите со Акцискиот план за подобрување на условите во пензионерските домови***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата ќе ги содржи: Постојните форми на домување на пензионери и стари лица; предлози за воспоставување пензионерски заедници во кои домувањето ќе биде обезбедено по цени прилагодливи за Буџетот на пензионерите; Лесно достапни здравствени служби и обезбедување храна и сл.<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита, зголемување на капацитетите соодветно на потребите на граѓаните на Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на животниот стандард на пензионерите и старите лица |
| **Фискални импликации**: | Има, но во моментов средствата точно не можат да се проценат |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *7. Информација за воведување професионална рехабилитација на лица со инвалидност*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со оваа информација ќе се предложат нови форми на професионална рехаблитација со цел вработување на лицата со инвалидност на отворениот пазар на труд. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита, зголемување на капацитетите соодветно на потребите на граѓаните на Република Македонија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемување на вработувањето на лица со инвалидност |
| **Фискални импликации**: | Има, но во моментов средствата точно не можат да се проценат |
| **Предлагач:** | ***Министерство за труд и социјална политика*** |

## *8. Информација за извршен надзор на општини за спроведување на законодавството од областа на животната средина*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 210 од Законот за животната средина и останатите закони од областа на животната средина каде што е уреден начинот и постапката за вршење надзор над работата на органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, се врши надзор на законитоста на работата на органите на општините во однос на степенот на спроведување на законодавството од областа на животната средина. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Спроведување на законодавството од областа на животната средина. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **/** |
| **Очекувани влијанија :** | Правилно спроведување на законодавството од областа на животнта средина |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за животна средина и просторно планирање*** |

## *9. Иницијатива за изготвување студија за ревалоризација на заштитено подрачје на Охридското Езеро*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата е обврска од Законот за заштита на природата („Сл.весник на РМ“ бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011, 148/2011, 59/2012, 13/2013, |

| | |
|---|---|
| | 163/2013, 41/2014, 146/2015, 39/2016 и 63/2016) и Националниот еколошки план (НЕАП 2) и др. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Подобрување на базата на податоци за природното наследство со цел унапредување, негова заштита и зачувување. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со изготвувањето на студијата ќе се добијат податоци за состојбата со природните вредности на Охридското Езеро и ќе се предложат мерки и активности за нивна заштита. Исто така, ќе се утврдат: предлог -категоријата на заштитеното подрачје; предлог-надворешните граници; видовите зони и предлог-внатрешни граници на зоните на заштитено подрачје. Со изработката на студијата за ревалоризација ќе се исполнат условите МЖСПП согласност со Законот за заштита на природата, да отпочне постапка пред Владата на РМ за повторно прогласување на Охридското Езеро за заштитено подрачје |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за животна средина и просторно планирање***<br>*Управа за животна средина-Сектор природа* |

## *10. Иницијатива за изработка на прирачник за имплементација на Конвенцијата за Меѓународна трговија за загрозени диви растителни и животински видови (CITES)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијтивата е обврска од Законот за заштита на природата („Сл.весник на РМ“ бр.67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011, 148/2011, 59/2012, 13/2013, 163/2013 и 41/2014) и Конвенцијата за Меѓународна трговија со загрозени диви растителни и животински видови (CITES). Во 1999 година Република Македонија ја ратификува Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви растителни и животински видови, а истата стапи во сила за нашата држава во 2000 година. Во изминатиов период Министерството за животна средина и просторно планирање пристапи кон одредбите на (CITES), но при тоа беа идентификувани одредени тешкотии и предизвици во поглед на институционалното следење на оваа Конвенција. Со цел поефикасно имплементирање на (CITES) како приоритетна активност е изготвувањето на Национален прирачник/водич и негово дистрибуирање до засегнатите страни (Министерство за внатрешни работи, Царинска Управа-Царинските терминали и граничните премини, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за безбедност на храна, научни и стручни институции, субјекти вклучени во промет со диви растителни и животински видови, нивни делови, деривати и др.). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Интеграција на заштита на природа во другите сектори. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Регулатива на Советот на Европа (бр.338/97) за заштита на видовите од дивата флора и фауна преку регулирање на трговијата со нив** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Изработен национален прирачник/водич на (CITES). Запознавање на засегнатите страни со : Процедурите на CITES; Начинот на издавањето на дозволата/сертификатот за регулирање на Меѓународната трговија со загрозените диви растенија и животни, нивни делови, деривати и др. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за животна средина и просторно планирање***<br>*Управа за животна средина-Сектор природа* |

## *11. Извештај за активностите на почесните Конзули на Република Македонија во странство за 2016/2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Република Македонија има околу 100-тина свои почесни конзули во странство, од кои за дел од нив не е јасен статусот, поради сè уште недобиени екзекватури од страна на државата на прием. Неопходна е годишна евалуација на работата на почесните конзули врз основа на што би се утврдиле резултатите од нивниот ангажман и би се дефинирал став за корисноста и потребите за нивниот понатамошен ангажман. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** натамошна афирмација на Република Македонија во странство како атрактивна дестинација за привлекување странски инвестиции |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Јасен преглед и анализа на работата и резултатите на почесните конзули на РМ во странство; Интегрирање на релевантните информации од резултатите на нивното работење и врз таа основа креирање насоки за нивниот понатамошен ангажман; Унапредување на соработката со почесните конзули |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за надворешни работи*** |

## *12. Информација за функционалноста на постојните и обезбедување на услови за воспоставување Центри за услуги во сите општини*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Приоритет во програмата за работа на Владата во делот на локалната самоуправа е воспоставување Центри на услуги во кои граѓаните ќе можат на едно место да ги добијат сите услуги брзо, квалитетно и евтино. Сервис центри или Центри на услуги, во рамките на различни проекти финансирани од страна на УСАИД и од ЕУ, се воспоставени во некои општини, но сите функционираат на различен начин и со различен капацитет и опфат. Потребна е сеопфатна анализа која ќе направи проценка на состојбата на постојните како и на потребните услови за воспоставување Центри за услуги во сите општини |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 22** |
| **Очекувани влијанија :** | Создавање на основни претпоставки за воспоставување Центри за услуги во сите општини. |
| **Фискални импликации**: | Средствата за изработка на анализа се обезбедени и ќе се имплементираат восоработка со УНДП. |
| **Предлагач:** | ***Министерство за локална самоуправа*** |

## *13.Унапредување на правната рамка за електронско управување и за податоци во електронски облик и електронски потпис*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Ќе бидат подготвени измени на Законот за електронско управување и подзаконските акти во насока на подобро регулирање на електронската размена на податоци и документи заради реализација на електронски услуги, како и во насока на подобрување на рамката која се однесува на обезбедувањето на електронските административни услуги согласно Законот за општа управна постапка, поднесување на електронско барање до институциите и стандардизирана испорака на електронските документи до граѓаните. Ќе бидат подготвени измени на Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис и неговите подзаконски акти заради доуредување на електронскиот документ, електронски печат, временски печат, електронска препорачана испорака, потврда за автентичност на веб-страница и сл. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобро регулирање на електронската размена на податоци и документи заради реализација на електронските услуги, како и во насока на подобрување на рамката која се однесува на обезбедувањето на електронските административни услуги согласно Законот за општа управна постапка, поднесување електронско барање до институциите и стандардизирана испорака на електронски документ до граѓаните |
| **Фискални импликации**: | Има. Средствата се обезбедени од Буџет на РМ за 2017 година. |
| **Предлагач:** | ***Министерство за информатичко општество и администрација*** |

## *14. Сали за јавни услуги*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во помалку од 5 општини ќе бидат воспоставени сали за јавни услуги, во кои на едно место ќе бидат лоцирани канцеларии на повеќе институции и на носители на јавни овластувања во кои граѓаните кои немат пристап до електронските услуги ќе можат да ги остварат своите права без да одат од институција до институција |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобри електронски јавни услуги |
| **Фискални импликации**: | Обезбедени се средства преку ИПА 2012 |
| **Предлагач:** | ***Министерство за информатичко општество и администрација*** |

## Приоритет :

### *Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија*

## Б) Материјали

### *1.Извештај од претседавањето на Република Македонија со САД-Јадранската повелба во текот на 2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на Владата на Република Македонија со САД –Јадранската повелба во текот на 2017 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Процес за добивање полноправно членство на РМ во НАТО |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемена видливост на РМ во НАТО  и на НАТО во РМ и унапредување на Кандидатурата на РМ за влез во НАТО-Алијансата преку интензивирање на регионалната политичко-безбедносна соработка |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе бидат обезбедени  од Буџет на РМ (МНР и МО) |
| **Предлагач:** | ***Министерство за надворешни работи*** |

### *2.Извештај од претседавањето на Република Македонија со Управната група за политичко-безбедносна соработка во рамките на НАТО, во текот на 2017 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на Владата на Република Македонија за активностите од претседавањето на Република Македонија со Управната група за политичко-безбедносна соработка во рамките на НАТО, во текот на 2017 година. |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Процес за добивање полноправно членство на РМ во НАТО<br><br>**/** |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемена видливост на РМ во НАТО и на НАТО во РМ и унапредување на Кандидатурата на РМ за влез во НАТО-Алијансата преку интензивирање на регионалната политичко-безбедносна соработка |
| **Фискални импликации**: | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџет на РМ (МНР и МО) |
| **Предлагач:** | ***Министерство за надворешни работи*** |

## *3. Информација за назначување раководител на оперативна структура ХОС од страна на Владата на Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата се доставува со цел Владата на РМ да се информира за напредокот на процесот на воспоставување децентрализиран систем на управување со фондовите на ИПА програмите за прекугранична соработка, како и за назначувањето раководител на оперативна структура за спроведување на овие програми. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 22** |
| **Очекувани влијанија :** | Развој на пограничните региони преку спроведување на прекугранична соработка. |
| **Фискални импликации**: | Нема |
| **Предлагач:** | ***Министерство за локална самоуправа*** |

# III дел

# Иницијативи кои се доставуваат во континуитет

## *ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ*

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

## А) Подзаконски акти

**Образложение:**

**НПАА - поглавје и подрачје**

**Очекувани влијанија :**

**Рок на доставување**:

**Предлагач:**

## Б) Материјали

***1. Информација за степенот на реализација на проекти за модернизација на здравствениот сектор преку модернизација на медицинската опрема во ЈЗУ во РМ што ќе овозможи воведување на најсовремена светска медицинска технологија со цел подобрување на квалитетот на здравствените услуги на населението -1.3. Набавка на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар во Јавната здравствена установа – Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“-Охрид***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Набавката на нова и осовременување на постојната медицинска опрема во ЈЗУ во РМ се одвива во континуитет. Причините за тоа се застареноста на постојната медицинска опрема, амортизација на истатата, дефекти, заради осовременување на истата, заради воведување нови технологии и потребата од воведување нови медицински процедури во согласност со европските и светски трендови во медицината. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** продолжување на реформите: модернизација и унапредување на здравствениот сектор; одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Средствата се обезбедуваат од Буџетот на РМ за 2017 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со овие мерки и активности се овозможува подигање на нивото и степенот на здравствена заштита во установата, намалување на времето на чекање, добивање здравствени услуги најблиску до местото на живеење на граѓаните, зајакнување на секундарното (специјалистичко – консултативно и болничко) |

| | |
|---|---|
| | ниво на здравствена заштита со што се постигнува растеретување на терциерното ниво (Клиники и Заводи при Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“-Скопје), примена на најсовремени медицински методи и дијагностички процедури во лекувањето на заболувањата и други бенефити |
| **Рок на доставување**: | Квартално во текот на 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

***2. Информација за динамика во реализација на проекти за модернизација на медицинската опрема во ЈЗУ во Република Македонија што ќе овозможи воведување на најсовремена светска медицинска технологија – „Медицинска опрема за ЈЗУ која е неопходна за замена (за одржување и дијагностика)“***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Набавката на нова и осовременување на постојната медицинска опрема во ЈЗУ во РМ се одвива во континуитет. Причините за тоа се застареноста на постојната медицинска опрема, амортизација на истатата, дефекти, заради осовременување на истата, заради воведување нови технологии и потребата од воведување нови медицински процедури во согласност со европските и светски трендови во медицината. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** продолжување на реформите: модернизација и унапредување на здравствениот сектор; одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Средствата се обезбедуваат од Буџетот на РМ за 2017 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со овие мерки и активности се овозможува подигање на нивото и степенот на здравствена заштита во установата, намалување на времето на чекање, добивање здравствени услуги најблиску до местото на живеење на граѓаните, зајакнување на секундарното (специјалистичко – консултативно и болничко) ниво на здравствена заштита со што се постигнува растеретување на терциерното ниво (Клиники и заводи при Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“-Скопје), примена на најсовремени медицински методи и дијагностички процедури во лекувањето на заболувањата и други бенефити |
| **Рок на доставување**: | Квартално во текот на 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

***3. Информација до Владата на РМ за динамика во реализација на проекти за модернизација на здравствениот сектор преку модернизација на медицинската опрема во ЈЗУ во РМ што ќе овозможи воведување на најсовремена светска медицинска технологија со цел подобрување на***

***квалитетот на здравствените услуги на населението и тоа „Набавка на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар во ЈЗУ Општа болница Струмица“***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Набавката на нова и осовременување на постојната медицинска опрема во ЈЗУ во РМ се одвива во континуитет. Причините за тоа се застареноста на постојната медицинска опрема, амортизација на истатата, кварови, заради осовременување на истата, заради воведување нови технологии и потребата од воведување нови медицински процедури во согласност со европските и светски трендови во медицината. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** продолжување на реформите: модернизација и унапредување на здравствениот сектор; одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението;Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна<br><br>**Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Средствата треба да се обезбедат од Буџетот на РМ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со овие мерки и активности се овозможува подигање на нивото и степенот на здравствена заштита во установата, намалување на времето на чекање, добивање здравствени услуги најблиску до местото на живеење на граѓаните, зајакнување на секундарното (специјалистичко – консултативно и болничко) ниво на здравствена заштита со што се постигнува растеретување на терциерното ниво (Клиники и Заводи при Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“-Скопје), примена на најсовремени медицински методи и дијагностички процедури во лекувањето на заболу вањата и други бенефити. |
| **Рок на доставување**: | Квартално во текот на 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

***4. Информација до Владата на РМ за динамика во реализација на проекти замодернизација на здравствениот сектор преку модернизација на медицинската опрема во ЈЗУ во РМ што ќе овозможи воведување на најсовремена светска медицинска технологија со цел подобрување на квалитетот на здравствените услуги на населението и тоа „Набавка на медицинска опрема и болнички инвентар за ургентно-дијагностички центар при ЈЗУ Клиничка болница Тетово“***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Набавката на нова и осовременување на постојната медицинска опрема во ЈЗУ во РМ се одвива во континуитет. Причините за тоа се застареноста на постојната медицинска опрема, амортизација на истатата, кварови, заради осовременување на истата, заради воведување нови технологии и потребата од воведување нови медицински процедури во согласност со европските и светски трендови во медицината. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** продолжување на реформите: модернизација и унапредување на здравствениот сектор; одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување на здравствена заштита на населението и |

| | |
|---|---|
| | подобар квалитет на здравствените услуги на населението;Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Средствата треба да се обезбедат од Буџетот на РМ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со овие мерки и активности се овозможува подигање на нивото и степенот на здравствена заштита во установата, намалување на времето на чекање, добивање здравствени услуги најблиску до местото на живеење на граѓаните, зајакнување на секундарното (специјалистичко – консултативно и болничко) ниво на здравствена заштита со што се постигнува растеретување на терциерното ниво (Клиники и Заводи при Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“-Скопје), примена на најсовремени медицински методи и дијагностички процедури во лекувањето на заболувањата и други бенефити |
| **Рок на доставување**: | Квартално во текот на 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

### *5. Информација за степенот на реализација на проектот „Реконструкција и доградба (адаптација) на Јавните здравствени установи заради подобрување на здравствените услуги“*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата е всушност материјал од информативен карактер која ќе има за цел да ја информира Владата за степенот на реализација на спроведените активности во проектот „Реконструкција и доградба (адаптација) на Јавните здравствени установи заради подобрување на здравствените услуги“**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна. **Иницијативата предизвикува фискални импликации: Материјалот е од информативен карактер, финансиски импликации има, средствата се од Буџет на РМ, ЦЕБ, WIBF (грант)** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на условите за работа во јавните здравствени установи и зголемување на ефикасноста во нивното работење, обезбедување на неопходните стандарди за нормално функционирање и извршување на здравствената дејност како и подобрување на општите социјални услови. Подобрување на здравствената инфраструктура и условите за давање на подобра здравствена услуга со реконструкција и доградба на ЈЗУ како и замена на старата медицинска опрема која е дотраена со нова модерна и усовршена. Подобар квалитет и достапност на здравствените услуги и подобрена здравствена состојба на населението. Реализацијата на проектот ќе овозможи создавање здравствен систем кој е приспособен на глобализацијата и кој е подготвен за членство во ЕУ |
| **Рок на доставување**: | Квартално во текот на 2017 година |

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *6. Информација до Владата на РМ за динамика во реализација на проекти за модернизација на здравствениот сектор преку модернизација на медицинската опрема во ЈЗУ во РМ што ќе овозможи воведување на најсовремена светска медицинска технологија со цел подобрување на квалитетот на здравствените услуги на населението и тоа: 1.2 Повеќегодишен договор за јавна набавка на медициска опрема – Компјутеризирана томографија (КТ) и Магнетна резонанца (МРИ) во Јавните здравствени установи во РМ*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Набавката на нова и осовременување на постојната медицинска опрема во ЈЗУ во РМ се одвива во континуитет. Причините за тоа се застареноста на постојната медицинска опрема, амортизација на истатата, кварови заради осовременување на истата, воведување нови технологии и потребата од воведување нови медицински процедури во согласност со европските и светски трендови во медицината**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** продолжување на реформите: модернизација и унапредување на здравствениот сектор; одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна. **Иницијативата предизвикува фискални импликации: Средствата се обезбедуваат од Буџет на РМ** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со овие мерки и активности се овозможува подигање на нивото и степенот на здравствена заштита во установата, намалување на времето на чекање, добивање здравствени услуги најблиску до местото на живеење на граѓаните, зајакнување на секундарното (специјалистичко – консултативно и болничко) ниво на здравствена заштита со што се постигнува растеретување на терциерното ниво (Клиники и Заводи при Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“-Скопје), примена на најсовремени медицински методи и дијагностички процедури во лекувањето на заболувањата и други бенефити |
| **Рок на доставување**: | Квартално во текот на 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *7. Информација за специјалистички и супспецијлистички кадри во Република Македонија и специјализации во странство*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со овој проект се обезбедуваат услови за реализација на специјалистички студии од областа на медицината во други земји. **Иницијативата има** |

| | |
|---|---|
| | **индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Продолжување на реформите: модернизација и унапредување на здравствениот сектор; Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна. **Иницијативата предизвикува фискални импликации: Буџетски средства се обезбедени преку Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Преку испраќање на нашите доктори да учат специјализација во други земји како што е Србија, Хрватска и Словенија, се овозможува да добиеме едуциран кадар кој веднаш би бил вклучен во здравствениот систем во Република Македонија |
| **Рок на доставување**: | Октомври |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

## *8. Информација до Владата на РМ за динамика во реализација на проекти за модернизација на здравствениот сектор преку модернизација на медицинската опрема во ЈЗУ во РМ што ќе овозможи воведување на најсовремена светска медицинска технологија со цел подобрување на квалитетот на здравствените услуги на населението и тоа: повеќегодишна јавна набавка во јавните здравствени установи во РМ (мамограф, холтер, коронарен стрес-тест, подвижен ехо апарат)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Набавката на нова и осовременување на постојната медицинска опрема во ЈЗУ во РМ се одвива во континуитет. Причините за тоа се застареноста на постојната медицинска опрема, амортизација на истатата, кварови заради осовременување на истата, воведување нови технологии и потребата од воведување нови медицински процедури во согласност со европските и светски трендови во медицината**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** продолжување на реформите: модернизација и унапредување на здравствениот сектор; одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа: превентивна, примарна, секундарна и терциерна. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Средствата се обезбедуваат од Буџет на РМ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со овие мерки и активности се овозможува подигање на нивото и степенот на здравствена заштита во установата, намалување на времето на чекање, добивање здравствени услуги најблиску до местото на живеење на граѓаните, зајакнување на секундарното (специјалистичко – консултативно и болничко) |

| | |
|---|---|
| | ниво на здравствена заштита со што се постигнува растеретување на терциерното ниво (Клиники и Заводи при Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“-Скопје), примена на најсовремени медицински методи и дијагностички процедури во лекувањето на заболувањата и други бенефити |
| **Рок на доставување**: | Квартално во текот на 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

### *9. Информација за прогресот на втората фаза од процесот на акредитација на биохемиски лаборатории ISO 15189*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Акредитација на биохемиски лаборатории. Избрани се 8 пилот јавно-здравствени институции (од секундарна и терциерна здравствена заштита) кои изготвуваат процедури и постапки неоходни да се реализираат акредитациите на нивните лабораотии (одредени методи) по 15189 - ISO стандардот за акредитација на лабoратории. Тоа се: ЈЗУ Клиничка болница Битола; ЈЗУ Клиничка болница Штип; ЈЗУ Клиничка болница Тетово; ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“-Скопје; ЈЗУ Клиничка биохемија; ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство; ЈЗУ УК за инфективни болести и фебрилни состојби и ЈЗУ УК за детски болести. **Иницијативата нема фискални импликации** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Иницијативата е всушност материјал од информативен карактер кој ќе има за цел да ја информира Владата за степенот на реализација на процесот на акредитација |
| **Рок на доставување**: | Јуни-октомври во текот на 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за здравство*** |

### *10.Информација за учество во „Регионалната проект Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан“ (Western Balkan Enterprise Development and Innovation Facility – WB EDIF)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Учество во регионалната платформа за поддршка на МСП е поддржана од Европската комисија, Европската инвестициона банка и Европската банка за обнова и развој. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со приоритетот:** Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија и **приоритетните цели:** Вложување во науката и истражувањето, како и во развој на нови технологии и индустрии со поголем поврат на инвестицијата; Зголемување и поддршка за развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност; Развивање на претприемништвото; Поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата. **Иницијативата** |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **предизвикува фискални импликации:** Средствата се обезбедени во рамки на Буџетот на РМ за 2017 година<br><br>/ |
| **Очекувани влијанија :** | Пристап до финансиски средства во износ од 140 милиони евра, зголемена конкурентност на македонските компании, зголемена вработеност, можност за регионална соработка, подобрување на економијата |
| **Рок на доставување**: | Семестрално информирање на Владата на РМ |
| **Предлагач:** | ***Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори*** |

***11. Информација за проектот „Учиме од бизнис заедницата - трет, четврт и петти циклус на посети на компании“***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на предложената иницијатива е продолжување и унапредување на дијалогот со бизнис заедницата преку непосреден контакт и разговори со деловни субјекти, разгледување на нивните барања, иницијативи и предлози и креирање мерки за спроведување на стратешки решенија.<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетните цели:** Создавање на поволна деловна клима со политики за соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; Поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; Развивање на претприемништвото. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.20.Претпријатија и индустриска политика** |
| **Очекувани влијанија :** | Предложената иницијатива е во насока на подобрување на деловната клима преку разгледување на системските проблеми и пречки изнесени од страна на компаниите со цел Владата на РМ да креира системски мерки за нивно надминување |
| **Рок на доставување**: | Квартално информирање на Владата на РМ |
| **Предлагач:** | ***Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори*** |

***12. Функционален Национален совет за претприемништво и конкурентност на Република македонија и успешна реализација на програмата на НСП на Република Македонија***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | НСПК на РМ претставува тело кое промовира идеи и начела во насока на овозможување на долгорочен и одржлив економски развој на Република Македонија. Воедно ова тело обезбедува платформа за трипартитен дијалог (бизнис заедница, академска заедница, влада) што придонесува за подобрување на дијалогот со бизнис заедницата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетните цели:** Создавање поволна деловна клима со политики за соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; Поддршка на домашните претпријатија, пред сѐ на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; Развивање на претприемништвото**,** Вложување во науката и истражувањето, како и во развој на нови технологии и индустрии со поголем поврат на инвестицијата; Зголемување на поддршка на развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Унапреден дијалог со бизнис-заедницата, доставени иницијативи, предлог - стратегии и предлог-пакет мерки од страна на НСПК на РМ до Владата на РМ |
| **Рок на доставување**: | Семестрално информирање на Владата на РМ |
| **Предлагач:** | ***Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори*** |

## *13. Информација за статусот на реализација на Стратегијата за конкурентност на македонската економија и Акциски план за 2016-2020 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Цел на иницијативата е подобрување на конкурентноста во Република Македонија, а со тоа и подобрување на глобалната конкурентност на РМ во Извештајот за глобална конкурентност на Светскиот економски форум. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетните цели:** Создавање поволна деловна клима со политики за соработка со бизнис - секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; Поддршка на домашните претпријатија, пред сѐ на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; Развивање на претприемништвото**,** Вложување во науката и истражувањето, како и во развој на нови технологии и индустрии со поголем поврат на инвестицијата; Активна и транспарентна политика на привлекување странски директни инвестиции со поголема додадена вредност, кои обезбедуваат поврзување со домашните претпријатија. **Иницијативата предизвикува фискални импликации.** Има финансиските средства се предвидени во Буџетот на РМ за ЗПВРМ задолжен за економски прашања и од страна на другите институции носители на мерките и активностите од Акцискиот план |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Успешно спроведени мерки за подобрување на глобалната конкурентност на РМ и подобрување на деловната клима и унапредување на можностите за функционалната пазарна економија, што ќе доведе до подобрување на Индексот на глобална конкурентност на РМ |
| **Рок на доставување**: | Семестрално информирање на Владата на РМ |
| **Предлагач:** | ***Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори*** |

## *14. Информација за проектот „Локална и регионална конкурентност во туризмот“*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во рамки на инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Комисија за периодот 2014-2020 година, во Секторот за конкурентност и иновации предвидена е реализација на активности дефинирани во Акциски документ за локална и регионална конкурентност за 2014 година, со посебен акцент на проекти од областа на туризмот. Вредноста на ИПА средствата е околу 18 милиони евра, надополнети со национално кофинансирање од околу 3,1 милиони евра (вкупно околу 21,1 милиони евра). Опфатени се конкретни видливи проекти кои ќе придонесат за реализација на локални и регионални проекти чија цел е да го унапредат туризмот во РМ, како на пример: локална инфраструктура, ревитализација на објекти од културно наследство, поддршка за развој на туристички услуги и понуда, поддршка на домашниот приватен сектор и сл. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетните цели:** Создавање поволна деловна клима со политики за соработка со бизнис - секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; Поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; Развивање на претприемништвото**,** Развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој; Ставање на европската финансиска поддршка во функција на европеизација на целата држава и овозможување достапност на ИПА средствата и за општините, училиштата, синдикатите, маргинализираните групи, работодавачите, невработените, малите и средните претпријатија, граѓанските организации, универзитетите и истражувачките институции и за неформалните групи на граѓани со зголемена транспарентност во нивното раководење и искористување**. Иницијативата предизвикува фискални импликации.** Има, финансиските средства се предвидени во Буџетот на РМ задолжен за економски прашања |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Унапредување на конкурентноста на државата преку унапредување на конкурентноста на локално и регионално ниво, со посебен осврт на развој на туризмот, туристичките услуги и туристичката понуда |
| **Рок на доставување**: | Семестрално информирање на Владата на РМ |

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | ***Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори*** |

## *15. Информација за активностите на „Националниот совет за одржлив развој“*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Националниот совет за одржлив развој ќе ги анализира можните сценарија и ќе даде насоки за прилагодување на климатските промени и промовирање на ефикасното користење на природните ресурси, намалување на емисиите на стакленички гасови, промовирање енергетска ефикасност и зголемување на употребата на обновливи извори на енергија. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Обезбедување енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулирање иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилните горива; Заштита на природните ресурси; Создавање функционален систем за заштита на животот и имотот на граѓаните. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемена конкурентност на македонските компании, обезбедување средства за истражување и развој, зголемена вработеност, подобрување на економијата, одржливо користење на ресурсите, а во исто време постигнување на економски развој, креирање можности за економски развој |
| **Рок на доставување**: | Семестрално информирање на Владата на РМ |
| **Предлагач:** | ***Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори*** |

## *16. Информација за проектот Функционалност на Националниот Совет за рамномерен регионален развој преку воспоставување Систем за воспоставување координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за рамномерен регионален развој во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Овој проект опфаќа активности во насока на креирање механизми и усогласување на секторските политики и програми на хоризонтално (меѓу ресорните министерства) и вертикално ниво (меѓунационално и регионално ниво). **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Зголемување на капацитетот на општините, нивна транспарентност и отчетност со почитување на принципот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните, подобрување на услугите и зголемен квалитет на живеење на целата територија на РМ; Зголемување и поддршка за развојот на индустриско – преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност; Поддршка на |

| | |
|---|---|
| | домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; Создавање поволна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Средствата се обезбедени од Буџетот на РМ и од донатори. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемена функционалност и ефикасност при следењето на распределбата и дистрибуцијата на средства за рамномерен регионален развој од централниот буџет што ќе води кон подобрување на спроведувањето на политиката на рамномерен регионален развој |
| **Рок на доставување**: | Семестрално информирање на Владата на РМ |
| **Предлагач:** | ***Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори*** |

### *17. Координативни тела за зголемување на соработката на странските инвеститори со домашните компании, за анализа на мерките за привлекување странски инвестиции, анализа на состојбата и консолидирање на натамошните активности на полето на странски инвестиции и за координација на мерки за консолидација на енергетиката во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Усогласените економски политики и активности на министерствата и другите надлежни државни органи кои се задолжени да постапуваат во рамките на својата надлежност се потребни заради утврдување на единствени и поврзани предлог-решенија, а кои ќе придонесат за севкупно подобрување на деловната клима и слично. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Активна и транспарентна политика на привлекување странски инвестиции со поголема додадена вредност, кои обезбедуваат поврзување со домашните претпријатија; Создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; Обезбедување енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулирање иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилните горива. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Усогласени економски политики и активности кои се однесуваат на зголемување на соработката на странските инвеститори, за анализа на мерките за привлекување странски инвестиции, утврдување анализа на состојбата, консолидирање на нејзините натамошни активности во полето на странски |

| | |
|---|---|
| | инвестиции, како и координација на мерки за консолидација на енергетиката во Република Македонија |
| **Рок на доставување**: | Семестрално информирање на Владата на РМ |
| **Предлагач:** | ***Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори*** |

***18.Информација за рехабилитација на постојната железничка пруга и изградба на нова на источен дел од Коридор 8***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Изведување градежни активности на рехабилитација на постојната пруга ќе придонесат за подобрување на техничките карактеристики на пругата, постигнување брзина на возење од 100 км/час, замена на старите и дотрајани прагови со нови, замена на шините, положување на нов толчаник, поправање на темелните стопи и лежиштата, обновување и изолаца и дренажа, изградба на нов мост во Лопате, обновување на постојните мостови; инсталирање кабелски водови и огради; поставување безбедносни бариери и заштита од бука и вибрации; поставување на нови сигнално сигурносни уреди ETCS ниво 1, изградба на три железнички станици Куманово, Шупљи Камен и Бељаковце, како и 6 стојалишта во Лопате, Перо Чичо, Проевце, Доброшане, Клечевце и Довезанце, како и изградба на подвозници и надвозници. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Зголемување на ефективноста, ефикасноста и отчетноста на јавната администрација; Инвестирање во изградба на инфаструктурни објекти. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Во предлог-Буџетот на МТВ за 2017 година во Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, претходно конто 761114 Заадолжување кај ЕБОР, расходна ставка 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, предвидени се средства во износ од 586.700.000 денари, кои ќе бидат наменети за следниве проекти: Подобрување на железничката пруга на Коридор 10 во износ од 272.444.000 денари и Проект за реконструкција на источниот дел од железнички Коридор 8-фаза Іделница Куманово-Бељаковце во износ од 314.256.000 денари |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.21; Подрачје 3.21.1** |
| **Очекувани влијанија :** | Подобрување на состојбата со железничката инфраструктура во Република Македонија. Овозможување на врска на Република Македонија со Република Бугарија, да заштеди во време на патување и еколошки придобивки. Исто така, кога ќе биде оперативен Коридорот 8 значително ќе се зголеми траспортот преку Република Македонија со обезбедување на повратна врска со Истанбул, со што ќе се овозможи регионалната интеграција на државите кои се наоѓаат на истиот дел и стимулација на регионалната економија. На локално ниво ќе се подобрат условите на сообраќај на жители кои гравитираат во подрачјето каде ќе се изврши рехабилитацијата на железничката линија, преку побрз проток на патници и тежок товар. |
| **Рок на доставување**: | Јуни и декември во 2017 година |

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *19.Информација за инвестиции во железничката инфраструктура, проект „Модернизација на Коридор 10“*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со цел да се обезбедат ефикасни, соодветни и квалитетни железнички услуги ЈПМЖИ реализира проект за ремонт на делницта од Ногаевци до Неготино во должина од 30 км т.е комплетна замена на горниот слој од пругата (шини, колосечен прибор, прагови, свртници, решетање, зајакнување на косините, дополна на засторот) со санација на долниот слој и елементите на долниот слој. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Зголемување на ефективноста, ефикасноста и отчетноста на јавната администрација; Инвестирање во изградба на инфаструктурни објекти. **Иницијативата предизвикува финансиски импликации**: Во предлог-Буџетот на МТВ за 2017 година, во Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, приходно конто761114-Задолжување кај ЕБОР, расходна ставка 489- Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, предвидени се средства во износ од 586.700.000 денари, кои ќе бидат наменети за следните проекти: Подобрување на железничката пруга на Коридор 10 во износ од 272.444.000 денари и Проект за реконструкција на источниот дел од железнички Коридор 8-фаза Іделница Куманово-Бељаковце во износ од 314.256.000 денари |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.21; Подрачје 3.21.1** |
| **Очекувани влијанија :** | Управителот на инфраструктурата ќе ги намали финансиските средства за одржување на Коридорот 10, ќе го намали времето на патување на возовите и ќе обезбеди сигурен и непречен сообраќај на патните премини кои се наоѓаат на делницата. Навремено реализирање на градежните работи согласно одобрениот динамички план за напредокот на градежните работи од страна на Изведувачот |
| **Рок на доставување**: | Јуни и декември во 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *20.Информација за компензација на трошоци на услуги од јавен интерес во железничкиот превоз на патници*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Врз основа на член 119 став 1 од Законот за железничкиот систем („Сл.весник на РМ“ бр. 48/2010, 23/2011, 80/2012, 155/2012, 163/2013, 42/2014, 130/2014, 152/2015, 31/2016 и 178/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18.1.2017 година донесе Одлука за определување од јавен интерес во железничкиот превоз на патници, а услугите ќе ги извршува МЖ Транспорт АД Скопје. Договор за компензирање на дел од трошоците направени при јавен железнички превоз на патници во име на Владата ќе склучи министерот за траспорт и врски и директорот на МЖ Транспорт АД Скопје. Договорот е склучен на ден 21.1.2017 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел**: Зголемување на бројот на патници во железничкиот сообраќај. **Иницијативата предизвикува фискални импликации**: Средствата во износ од 380.000.000 денари се обезбедени од Буџетот на РМ за 2017 година, |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | во Разделот 130.01 на МТВ, Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 461-Субвенции за јавни претпријатија<br><br>**Поглавје: 3.14; Подрачје: 3.14-Ц1-3** |
| **Очекувани влијанија :** | За потребите за извршување на патничкиот сообраќај, се врши компензирање на следните видови трошоци направени во обновувањето на овој вид превоз: Надоместок за користење на железничката инфраструктура за железнички превоз на патници, по релација и согласно возните редови за 2017, 2018 и 2019 година, а согласно објавата на возниот режим за 2017, 2018 и 2019 година, како и врз основа на Договорите склучени помеѓу ЈП МЖ Инфраструктура Скопје и МК Транспорт АД Скопје за годините 2017, 2018 и 2019; Потрошена електрична енергија и дизел гориво за извршување на патничкиот и железничкиот сообраќај; Набавка на стока, услуги и работи за потребите на извршување на патничкиот и железничкиот сообраќај; Редовно планско и вонпланско одржување на железничките возила користени за превоз на патници; Трошоци за овозможување продажба на билети и билетарници и апарати за продажба на билети во воз. |
| **Рок на доставување**: | Јуни и декември во 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *21. Информација за изградба на социјални станови*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Изградбата на социјалните станови се реализира согласно Проектот за домување на социјално ранливи групи Ф/П 1674 (2009) чија вредност е во вкупен износ од 50.700.000,00 евра од кои со 50% од вредноста за негово финансирање учествува Банката за развој при Советот на Европа, а со 50% од редноста за реализација на овој Проект учествува РМ. Реализација на проектот: 2007-2019 година. Планирана е изградба на 33 објекти со 1741 социјален стан, во 26 града во Република Македонија. Проектот го реализира АД за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ-Скопје, согласно склучениот Рамковен договор за заем помеѓу Банката за развој при Советот на Европа, Рамковниот договор за заем склучен помеѓу МФ, МТВ и АД за стопанисување со станбен деловен простор-Скопје и Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на РМ за 2017 година. Заклучно со 2017 година изградени се 16 објекти со 731 социјален стан во следните градови: Македонска Каменица-29 стана, Два објекта во Скопје, Ѓорче Петров, Јурија со вкупно 102 стана, Кавадарци-30 стана, Охрид-71 стан, Кичево -32 стана, два објекти во Кочани -72 стана, Крива Паланка -46 стана, Битола -78 стана” Штип-91 стан, Берово-51 стан, Ресен-18 стана, Демир Хисар-25 стана, Прилеп-76 стана и во Македонски Брод-10 стана. Во 2017 година во тек на градба се два објекти: Струмица-41 стан и Гостивар-70 стана. Во тек е тендерска постапка за избор на Изведувач за изградба на објект со 48 стана во Пробиштип. Распределбата на овие станови под закуп се врши согласно Одлуката за расределба на социјалнии станови, како и условите за нивно користење, изградени по Програмата за изградба и одржување станови во сопственост на РМ, на кој составен дел е Методологијата за бодирање кандидати за добивање социјален стан под закуп („Сл.весник на РМ“ бр.96/2009, 122/2010 и 90/2012). Распределени се вкупно 669 стана на седум категории |

| | |
|---|---|
| | граѓани, лица во социјален ризик и други ранливи групи на станбено необезбедени.<br><br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Инвестирање во домувањето и комуналната инфраструктура во функција на подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините; Намалување на социјалната исклученост на различни социјални групи преку креирање политики за намалување на сиромаштијата, инклузивни политики за поголема социјална сигурност и креирање демографски политики. **Иницијативата има фискални импликации**: Средства во износ од 292.000.000 денари заем од Банката за развој при Советот на Европа и одобрени средства од Буџетот на РМ за 2017 година |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Намалување на сиромаштијата што е есенцијална претпоставка за обезбедување хумани услови за живот, реафирмација за семејството, како и постигнување одржлив економски и социјален развој |
| **Рок на доставување**: | Август и декември во 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *22. Информација за надградба и реконструкција на управната зграда на Министерството за транспорт и врски*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во насока на реализација на развојните програми на капитални проекти и нивна имплементација, Министерството за транспорт и врски спроведе постапка за надградба и реконструкција на објект-Управна зграда на МТВ 98% од градежните активности се веќе завршени**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Интегрирано, ефикасно и модерно работење на администрацијата и обезбедување услуги целосно приспособени на потребите на граѓаните и бизнис-заедницата. Иницијативата има фискални импликации: средствата во износ од 130.000.000 денари се обезбедени од Буџетот на РМ за 2017 година, на МТВ, Буџетска развојна потпрограма 1А-Надградба и реконструкција на управната зграда |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со реализација на урбанистичките цели ќе се овозможи вклопување на објектот во целокупниот постоечки и планиран урбан амбиент, а со реализацијата на функционалните цели ќе се задоволат оптималните потреби на МТВ за извршување на своите функции. |
| **Рок на доставување**: | Континуирано во 2017 година (јуни-декември) |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

## *23.Информација за развој на цивилното воздухопловство преку финансиска поддршка на нискотарифни авиопревозници*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Договорот на Wizz Air започна со оперирање на нови пет дестинации од аеродромот „Александар Велики“-Скопје и една линија од аеродоромот „Св.Апостол Павле“-Охрид и тоа: Барселона, Сандејфјорд, Лубек, Фридрихшхафен и Базел. Wizz air продолжи да ги опслужува и постојните дестинации најмалку двапати неделно во која било од IATA сезоните по однапред определен ред на летање за периодот за кој се доделува финансиската поддршка. Со летниот ред на летање Wizz Air воспостави нови директни линии од Скопје и тоа кон Братислава и Копернхаген од 28 март и Берлин од 21 март 2016 година. Исто така од 31 октомври 2016 година со зимскиот ред на летање Wizz Air ќе воспостави нова директна линија од Скопје кон Хановер, двапати неделно. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Побрз развој на цивилното воздухопловство во Република Македонија. **Иницијативата има финансиски импликации:** Согласно Програмата за определување на средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во РМ на домашни и странски превозници за периодот 2015-2018 година („Сл.весник на РМ“ бр.167/2014) проектирани се средства во износ од 104.210.000 денари кои ќе се обезбедат во Буџетот на РМ за 2017 година |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со реализација на Договорот за финансиска поддршка, значително ќе се зголеми бројот на превезени патници, како и бројот на понудени дестинации |
| **Рок на доставување**: | Континуирано во 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за транспорт и врски*** |

**Приоритет :**

***Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија***

## А) Подзаконски акти

### *1. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската Комисија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на Уредбата, Република Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската Унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Усогласување со ЕУ регулативата. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Уредбата е дел од НППА Програмата** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија :** | Усогласување со ЕУ Регулативи во делот на распоредување на стоки во комбинирани номенклатури |
| **Рок на доставување**: | Континуирано во текот на 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за финансии*** <br> -*Царинска управа* |

## *2.Предлог-проектен план за конверзија на несуштински имот на Армијата на Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Врз основа на доставени барања, а согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, Министерството за одбрана врши дивестирање на несуштинскиот имот со кој располага**. Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел. Иницијативата не предизвикува фискални импликации.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Континуитет во реализација на проект-планот за дивестирање на несуштински имот на Министерството за одбрана и ослободување од несуштински имот на Министерството за одбрана. Од иницијативата се очекуваат позитивни влијанија на Министерството за одбрана заради намалување на недвижниот имот заради негово одржување. |
| **Рок на доставување**: | Континуирано во текот на 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за одбрана*** |

## *3. Предлог-Национален проект за консолидирање на разузнавачкиот и безбедносниот систем во Република Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Како дел од заложбите на Владата на РМ за креирање отчетни, одговорни и ефикасни разузнавачки служби започна со подготвителни проектни активности за консолидација на безбедносно разузнавачките служби во РМ. Овие подготвителни проектни активности се од Препораките кои Република Македонија ги доби од Групата на експерти за системските прашања за владеење на правото поврзани со следењето на комуникациите (во јавноста познат како извештај на Прибе). Во моментов нема останати тековни прокети со коишто има преклопување во активностите. Како предлагач или носител на предлог-Националниот проект ќе биде Министерство за внатрешни работи, а учесницисе МО, Агенција за разузнавање, Царинска управа, Управа за финансиска полиција, претседатели на собраниски комисии за надзор над работата на безбедносните и разузнавачките служби; дополнителни учесници - ДБКИ и ДЗЛП и Невладина организациона аналитика. Проектот е планирано да се одвива во три фази: 1. Фаза на анализа и планирање (15.9.2016 -1.6.2017); 2. Планирање/подготовка на имплементација (1.7.2017-31.12.2017); 3. Имплементациска фаза (10.1.2017-1.6.2018), како и Пост проектни активности |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | 1. Прва контрола на имплементација (1.10.2018-1.11.2018) и 2. Втора контрола на перформанси (1.6.2019-30.6.2019)<br><br>/ |
| **Очекувани влијанија :** | Креирање одговорен систем за управување со националната безбедност, заедничка правна рамка за сите служби кои се овластени да користат интрузивни методи на собирање на разузнавање и истраги; Заедничка правна рамка за методи, парламентарна и извршна контрола на разузнавачките и безбедносните служби; Консолидирање на безбедносниот и разузнавачкиот систем и легислатива во РМ. на начин да овозможи ефективни, ефикасни и одговорни служби почитувајќи ги човековите права со користење законски, пропорционални и неопходни специјални методи |
| **Рок на доставување**: | Континуирано во текот на 2017 година |
| **Предлагач:** | ***Министерство за внатрешни работи*** |

## Б) Материјали

| | |
|---|---|
| ***1.Информацијаза имплементација на склучени договори за колокација на заеднички простории на ДКП-та помеѓу Република Македонија и Црна Гора, Босна и Херцеговина и Р.Србија, како и план за склучување на нови договори со други држави*** | |
| **Образложение:** | Иницијативата е започната пред две години и резултира со конкретни резултати. Склучени се Договори за колокација на заеднички простории за потреби на ДКП-та помеѓу РМ и Црна Гора, Р.Турција, Босна и Херцеговина, и Р.Србија, при што остварена е имплементација на Договорот со Црна Гора, а со Босна и Херцеговина се очекува имплементација на Договорот во Амбасада на Босна и Херцеговина во Лондон и Мадрид во втората половина на 2016 година. Се очекува склучување договори за колкација и со други држави. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Афирмација на местото и улогата на РМ во меѓународната и регионална заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, средствата се во рамките на предвидените со Буџетот на РМ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Заштеди на буџетски средства на име кирии за простории на ДКП-та на РМ, подобро менаџирање со имотот кој го користат ДКП-та на РМ и унапредување на билатерална соработка со државите |
| **Рок на доставување**: | Континуирано во текот на 2017 година (јуни-декември) |
| **Предлагач:** | ***Министерство за надворешни работи*** |

## *2. Информација за учеството на Република Макеоднија во заедничката надворешна безбедносна политика*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информациите имаат за цел да дадат преглед на севкупното учество на Република Македонија во заедничката надворешна и безбедносна политика на Унијата, кон кои РМ се придружила. Информациите се однесуваат за периодот јануари-јуни и јули-декември. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Процес на пристапување на РМ во ЕУ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Детално информирање на Владата на РМ за моменталните состојби и активностите на Република Македонија во заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ |
| **Рок на доставување**: | Континуирано во текот на 2017 (јуни-декември) |
| **Предлагач:** | ***Министерсво за надворешни работи*** |

## *3.Информација за спроведување на процесот на сукцесија на поранешната СФРЈ-Анекс Б*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Процесот на сукцесија е започнат уште во 2001 година со склучување на Договорот за прашања на сукцесијата – Анекс Б (дипломатско-конзуларен имот) и трае во континуитет, неговото финализирање е од посебен интерес за Република Македонија, како и за другите државни сукцесори**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Афирмација на местото и улогата на Република Македонија во меѓународната и регионалната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации** во Буџетот на РМ(МНР), а се очекува и прилив на буџетски средства кој во дадениот момент не може да се предвиди. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Во процесот на сукцесија на поранешна СФРЈ, Република Македонија се стекнува со сопственост на дипломатско-конзуларен имот или парични средства од заедничка продажба на таков имот. |
| **Рок на доставување**: | Континуирано во текот на 2017 (јуни-декември) |
| **Предлагач:** | ***Министерсво за надворешни работи*** |

## *4.Информација за купување објекти на дипломатско-конзуларни претставништва*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата за купување објекти за потребите на ДКП-та е приоритет во континуитет на дипломатската мрежа на РМ и со истата се овозможува заштеда на буџетски средства кои неповратно се плаќаат за кирии за ДКП-та, а воедно |

| | |
|---|---|
| | се овозможува и поголема репрезентативност во претставување на Република Македонија во светот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Афирмација на местото и улогата на Република Македонија во меѓународната и регионалната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Средствата ќе бидат обезбедени од продажба на имоти стекнати од сукцесија на СФРЈ и во согласност со буџетските приоритети. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Ќе се овозможи заштеда на буџетските средства и ќе се овозможи соодветно претставување на Република Македонија во меѓународната заедница. |
| **Рок на доставување**: | Континуирано во текот на 2017 (јуни-декември) |
| **Предлагач:** | ***Министерсво за надворешни работи*** |

## *5. Информација за продажбата на објекти во сопственост на Република Македонија добиени од сукцесија на СФРЈ*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата е започната уште пред две години, а се однесува на продажба на имоти стекнати од сукцесија на СФРЈ, кои од определени причини (неприоритетни позиции – градови каде Република Македонија нема интерес за отварање на ДКП-а, технички, урбанистички и други) не е соодветно за користење за потреби на ДКП-а на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Афирмација на местото и улогата на Република Македонија во меѓународната и регионалната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Прилив во Буџетот на РМ (МНР) кој во дадениот момент не може да се предвиди. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Со продажбата на имотите, ќе се овозможи прилив на буџетски средства кои согласно буџетските приоритети, можно е да се користат за купување на соодветни објекти за потреби на ДКП-та на Република Македонија во приоритетни позиции, градови, држави |
| **Рок на доставување**: | Континуирано во текот на 2017 (јуни-декември) |
| **Предлагач:** | ***Министерсво за надворешни работи*** |

## *6. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на оваа иницијатива е месечно да се информира Владата на Република Македонија за преземените мерки и активности по обраќањата и препораките |

| | |
|---|---|
| | на Народниот правобранител, упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Создавање ефикасен систем за заштита и почитување на човековите права и слободи и нивна заштита. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Воспоставениот механизам на известување на Владата на Република Македонија за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител придонесува кон унапредување на соработката со Народниот правобранител во насока на целосно почитување на уставните гаранции и меѓународните стандарди за почитување на човековите слободи и права, одговорно, совесно и навремено постапување и одлучување за правата на граѓаните, како и транспарентност во работењето на органите на државната управа |
| **Рок на доставување**: | Континуирано во текот на 2017 (јуни-декември) |
| **Предлагач:** | ***Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија*** |

**Приоритет :**

***Владеење на правото и изградба на независни институции***

## Б) Материјали

### *1.Информација за имплементација на Законот за управување со движењето на предметите во судовите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на Владата на Република Македонија на квартално ниво за работата на судовите во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** заокружување на реформите во правосудството. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Следење на работата и преземање навремени мерки за овозможување на успешно, уредно и навремено извршување на работите во судовите, функционирање на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети и спречување на заостанокот на предметите во судовите |
| **Рок на доставување**: | Квартално во текот на 2017 година (јуни-декември) |
| **Предлагач:** | ***Министерство за правда*** |

**ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ**

**Приоритет :**

***Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните***

## Б) Материјали

### *1. Информација за реализација на активностите опфатени во Ниско емисиони развојни стратегии (Low emission development strategies) и Инвестиции во чиста енергија (Clean energy investment project)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа иницијатива ќе даде придонес кон дефинирање на националните приоритети во дејствувањето во поддршка на ниско емисиони развојни стратегии, проценување специфични анализи во областа на енергетиката, поддршка при обезбедување, анализа и обработка на податоци во рамките на активностите поврзани со климатските промени и ниско емисиони развојни стратегии, како и спроведување на одбрани активности во рамките на ниско емисиони развојни стратегии. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Обезбедување енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулирање на иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилните горива; Заштита на природните ресурси; Создавање функционален систем за заштита на животот и имотот на граѓаните. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје Енергетика** |
| **Очекувани влијанија :** | Зголемена конкурентност на македонските компании, обезбедување средства за истражување и развој, зголемена вработеност, подобрување на економијата, креирање можности за одржлив развој |
| **Рок на доставување:** | Семестрално информирање на Владата на РМ |
| **Предлагач:** | ***Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори*** |

**Приоритет :**

***Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија***

## Б) Материјали

| | |
|---|---|
| ***1.Информација за сетот на проекти и проектни иницијативи за македонското национално малцинство и македонската дијаспора во светот*** | |
| **Образложение:** | **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Унапредување на односите и јакнење на соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план**. Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, потребните средства за реализација на овие тематски проекти потребно е да се обезбедат од Буџетот на РМ (Министерството за надворешни работи за 2017 година -Ставка 30 - Иселеништво) |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија :** | Реализирање на човековите, малцинските и културните права на Македонците кои живеат надвор од Република Македонија преку соработка со невладините организации на македонските заедници во странство кои работат во оваа област. |
| **Рок на доставување**: | Континуирано во текот на втората половина на 2017 година (јуни-декември) |
| **Предлагач:** | ***Министерство за надворешни работи*** |

IV. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 44-4202/1
29 август 2017 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

м-р Радмила Шекеринска Јанковска